СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од првото продолжение на осумнаесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 26 јуни 1991 година

Скопје, јуни 1991 година

**ПРОДОЛЖЕНИЕ НА ОСУМНАСЕТТАТА СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 26 јуни 1991 година**

УЧЕСНИЦИ на дискусијата:


1. АБДИ ФАИК стр. 23, 124
2. АНДОВ СТОЈАН стр. 4, 5
3. АИДОНОВОКИ ГОЦЕ стр. 57
4. АНАСТАСОВСКИ МИТКО стр. 82, 94, 163
5. АРСОВСКИ БРАНКО стр. 138
6. АРСОВ ДРАГИ стр. 120
7. БОШКОВ ЈОРДАН стр. 97
8. ГЕОРГИЕВОКИ ЉУПЧО стр. 145-152
9. ГЕШТАКОВСКИ АЛЕКСАНДАР стр. 76
10. ГОШЕВ БЛАГОЈ стр. 41, 52, 82
11. ДАВЧЕВ САНДЕ стр. 40, 45, 75, 87, 101
12. ДИМИТРОВА РАТКА стр. 118
13. ДИМИТРОВСКИ ДИМИТАР стр. 71
14. ДИМОВСКА ДОСТА стр. 74
15. ЃОРЃИЕВ ПЕТАР стр. 9, 10
16. ЃОРЃЕСКИ ДУШКО стр. 44
17. ИВАНОВСКИ СИМЕОН стр. 38
18.ЈАКИМОВСКИ ЉУБОМИР стр. 120, 141
19. ЈУМЕРОВОКА ЃУЛИСТАНА стр. 5, 26, 65, 67, 152
20. ЈОВЧЕВСКИ ЦВЕТАН стр. 56, 136
21. КЉУСЕВ НИКОЛА стр. 2, 108, 115
22. КРСТЕВСКИ НИКОЛА стр. 34, 41, 46, 53, 66, 68, 70, 74, 86, 89
23. ЛЕПАВЦЕВ АЛЕКСАНДАР стр. 7
24. ЛАЗАРЕВСКА БИЛЈАНА стр. 131
25. НАУМОВСКИ СИМЕОН стр. 127
26. НЕДЕЛКОВСКИ БОГДАН стр. 32, 60, 59
27.НИКОЛОВ ЈОВАН стр. 28, 54
28. ПАНОВОКИ МИХАИЛ стр. 50, 90, 93
29. ПЕТКОВСКИ ТИТО стр. 85
30. ПОПОВСКИ КИРО стр. 89
31. ПОПОВОКИ ЉУБОМИР стр. 53, 92
32. ПЕТРОВ ТОДОР стр. 8, 9, 21, 30, 39, 101
33. ПРЕВАЛА ШАБАН стр. 143
34. СИМЈАНОВСКИ НАУМ стр. 10
35. СПИРОВСКИ АЦО стр. 165
36. СТАМЕНОВ РИСТО стр. 91
37. СТАНКОВСКИ РИСТО стр.25, 42
38. СТЕФКОВСКИ ТОМИСЛАВ стр. 3, 95, 11

39. СТОЈАНОВСКИ КИТАН стр. 21, 24, 29, 50
40 СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ стр. 21, 22, 88, 98
41. СТОЈАНОВСКИ НАЌЕ стр. 23, 83, 89
42. СТОЈАНОВСКА СЛАВЈАНКА стр. 45
43. СТОЈАНОВСКИ НИКОЛА стр. 85
44. СТОЈКОВ СТОИЛЕ стр. 166
45. ТРПЕНОВСКИ МАРТИН стр. 3
46. ТУПУРКОВСКИ ВАСИЛ стр. 155
47. ХАНЏИНСКИ БЛАГОЈ стр. 3, 37, 94, 133
48. ЏАФЕРОВСКИ АЛИЛ стр. 39, 79, 87, 133
49. ТРПЧЕВСКИ ДУШАН стр. 46

ПРОДОЛЖУВА

## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

### од продолжението на Осумнаесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 26 јуни 1991 година

Седницата се одржа во просториите на Собранието на Република Македонија со почеток во 12,40 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Стојан Андов претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дами и господа пратеници, да продолжиме со работа.

Пратениците Иванов Иван и Николовски Душан ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

На седницата се присутни 86 пратеници. На жалост пратениците од пратеничката група ПДП-НДП не се тука иако имаме важни работи да расправаме.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Ве известувам дека непосредно пред седницата одржав состанок со парламентарните групи во врска со актуелната политичко- безбедносна состојба во Републиката и во земјата. На состанокот е договорено на денешната седница Собранието да расправа за актуелната политичко-безбедносна ситуација во Републиката и земјата и за таа цел да ја задолжи Владата на Република Македонија итно да подготви Информација со која изворно ќе не информира за овие состојби.

Исто така е договорено за актуелните состојби да не информира и претседателот на Републиката, а по можност и членот на Претседателството на СФРЈ од Републиката, доколку неговите задолженија во Белград му допуштат.

Со оглед на сложеноста на ова прашање и потребните подготовки предлагам Собранието да расправа во текот на денешниот ден откако Владата ќе ја достави потребната информација.

Предлагам така да заклучиме.

Дали се сложувате? (се сложуваат)

Претседателот на Владата сака да се изјасни по овој заклучок.

**НИКОЛА КЉУСЕВ:**

Овој актуелен и политички момент во кој се наоѓа Југославија и во тој контекст Македонија не тера на помисла дека е мошне одговорно ова што сега како заклучок што се прифати и ние како влада го прифаќаме како обврска да Ви доставиме информација за актуелната политичко-безбедносна ситуација во Републикава При тоа ве уверуваме дека не само вие како Парламент и ние како Влада перманентно работиме. Фактички се наоѓаме во еден континуиран процес на работа и ќе имате стрпливост, Владата ќе заседава после извесно време и ќе добиете информација за состојбите и гледањата односно и за активноста која што таа ја обавува.

**СТОЈАН АНДОВ:**

До добивањето на информацијата и потребните подготовки, предлагам да продолжиме со работата по точките утврдени за денешната седница таму каде што запревме.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Господин претседателе, дами и господо пратеници, Со оглед на тоа што очекуваме состојбите во Југославија да се менуваат од час во час, со секавична брзина, се плашам најмногу од ненавремено информираше или од дезинформации и затоа предлагам Парламентот да го замоли Министерството за информации во рамките на своите можности барем на секои два часа да не информира за актуелните политички состојби во Југославија. Да бидеме цело време во тек со изворни информации, со оглед на тоа што медиумските војни продолжуваат да траат и низ тие медиумски војни се фабрикуваат најразлични информации кои што можат да не заведат и да не одведат во ќор сокаци и во онака сложената ситуација.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да видиме што мисли претставникот за информации.

**МАРТИН ТРЕНЕВСКИ:**

Почитувано претседателство, Министерството за информации ја прифаќа оваа иницијатива со тоа што јас би молел асистенција и од Министерството за внатрешни работи и од Министерството за народна одбрана. Со помош на сите расположливи информации спремни сме да излеземе во пресрет.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Максимум да се стори колку се можностите на надлежните ресори. Дали е така можно?

**ТОМИСЛАВ СТЕВКОВСКИ:**

Почитувани пратеници во договарањето за ставањето на оваа точка на дневниот ред за актуелната политичка состојба во Републиката и во овие рамки на Југославија учествуваше и потпретседателот, член на ПДП-

НДП господин Мурати со пратеничката група и нејзините координатори. Се согласија со се што треба денес да го направиме во расправата, па оттука ми се наметнува како потреба да искажеме едно жалење што не се присутни, а исто така да искажеме и еден протест поради нивното неучество на денешната расправа кога ќе зборуваме и за иднината на Македонија. Во оваа смисла сметам дека и претседателот треба да укаже овој протест да биде поддржан.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас кажав на почетокот дека за жалење не се тука.

Дали треба околу ова да се изјаснуваме? (нема потреба).

Пред да продолжиме со работа односно пред да минеме на точката 4, ве информирам дека пред Собранието и денес кога држиме седница повторно, за жал имаме собир на граѓани, сега тоа се вработените на Металскиот завод "Тито" и во сите разговори со нив тие инсистираат во една нормална постапка да влезе една обврска Собранието да формира пратеничка група која би го посетила заводот и би се запознала со состојбите во заводот и потоа би го информирала Собранието. Тоа е нивни предлог и би рекол како што мене ми е пренесено нивниот услов да се разотидат од пред зградата на Собранието. Не е добро да работиме под било какви услови. Парламентот со Уставот е највисока власт во Републиката, демократски избрана и не треба да биде подведувана под било чии услови. Но, овој пат е разумен предлогот на работниците и предлагам да го прифатиме.

Дали се сложувате? (се согласуваат.)

Надлежната комисија за стопанство нека ни предложи и во текот на седницата една група од пет пратеници, ние да ги именуваме, па понатаму таа во наредните денови нека работи, а кога ќе биде готова со работата, да го информира Собранието.

Дали се согласувате со овој предлог. (се согласуваат).

**ЃУЛИСТАНА ЈУМЕРОВСКА:**

Почитувани пратеници, со оглед на тоа што веќе одамна стана пракса на седниците на Собранието пред одржување се одржуваат протесни митинзи, собири се со цел работата на Собранието да се смета, неоспорно од кого и на кој начин е организирана. Предлагам Парламентот да донесе одлука, сите оние собири кои што се свикуваат непосредно на ден кога одржува Парламентот собрание да не бидат примени од надлежните лица тој ден, туку тие собири по можност секогаш да се организираат во оние денови кога Парламентот нема седници односно за одредени наши одлуки воопшто работата на овој Парламент да не биде ометена.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Затоа велам да работиме по оној предлог кој денес е актуелен. По ова може да се развие расправа. Тоа е еден нов предлог по кој може да има расправа и различни погледи и ќе не однесе далеку. Ние треба да сфатиме дека на ваков начин ги упропастуваме седниците. Предлагам овој предлог сега да се повлече, а да се прифати тоа повеќе како апел, не како заклучок, туку како апел на Собранието во неговата работа да не биде попречувано од собири. Да не заклучи вака или така ќе постапи. Тоа е веќе друго како ќе постапи Собранието.

Дали се согласувате така да постапиме? (се согласуваат)

Тоа би било без гласање и без расправа.

Да продолжиме со **точката 4 -** Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за превозот во патниот сообраќај со предлог на закон.

Предлогот за донесување закон, со предлогот на законот, извештаите на Законодавно- правната комисија и Комисијата за стопанство Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за превозот во патниот сообраќај.

Кој е за, молам нека крене рака.

Дали има некој против? (1)

Дали некој се воздржува од гласање? (1)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.'

Кој е за, нека крене рака?

Дали е некој против? (2)

Ако треба да објаснам зошто гласаме, затоа што претседателот на Законодавно- правната комисија, ако така гласат сигурно има некои причини.

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за стопанство поднесе амандман на член 1 став 5 со кој се согласи претставникот на предлагачот и тој е составен дел на текстот на Предлогот на закон.

Ве известувам дека пратеникот Тодор Петров поднесе амандмани на членовите 1, 2, 3, 4, 5, 6, 8и8.

Комисијата за стопанство и Законодавно- правната комисија не ги прифатија овие амандмани. Претставникот на предлагачот не се произнесе по овие амандмани.

Согласно определбите од Деловникот на Собранието на Република Македонија, Собранието треба да води претрес по секој амандман одделно.

Отворам претрес по амандманот 1 на пратеникот Тодор Петров.

Го молам претставникот на Владата на Република Македонија да се произнесе по поднесениот амандман.

**АЛЕКСАНДАР ЛЕПАВЦЕВ:**

Почитувани дами и господа пратеници, почитувани потпретседатели во врска со амандманите на Тодор Петров ние се согласуваме со извештајот на Комисијата, т.е. сите ги одбиваме.

Исто така се согласуваме со предлогот на Законодавно- правната комисија со амандманот што таа го предложи. Амандманите на пратеникот

Тодор Петров ги одбиваме, со тоа што се согласуваме со извештајот на Комисијата за стопанство.

Исто така, се согласуваме со Законодавно- правната комисија и го прифаќаме предложениот амандман на таа Комисија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор.

За збор се јави господин Тодор Петров.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Амандман 1 го повлекувам од процедура, меѓутоа 2,3,4, 5,6 и 7 барам за нив Парламентот да се изјасни бидејќи ако ни е целта на подрачјето на еден град или општина со јавниот превоз што го врши само една транспортна организација, тогаш тоа сосема е јасно и децидно да го утврдиме во Законот како што е тоа предлог на законот за рибарство каде што стопанисувањето со рибниот фонд на едно риболовно подрачје е доверено или се доверува само на една организација, од една страна. Од друга страна дозволуваме регистрација на приватни превозници за вршење на јавниот превоз, а воведуваме такви рестриктивни мерки, што мислам со она што се предлага во членовите 2,3,4,5,6 и 7 од Предлогот на законот, се воведуваат такви санкции но мислам дека доаѓаат во судир со надлежностите на други закони каде што се регулира таму таа проблематика. Заради тоа мислам дека еден инспектор не може да му го ускрати правото на една транспортна организација, да го забрани вршењето на дејноста на директорот на таа организација. Си има закон кои ја регулираат надлежноста на тие прашања.

Членот 1 го прифаќам како што е предложен од предлогот. Меѓутоа, заради респективните мерки кои се предлагаат, тоа значи да постои сепак

некое усогласување на возните редови, ако веќе се дозволува и регистрирање за вршење дејност и кај приватните стопанственици, а ако не тоа во законот нека се каже децидно една организација го врши јавниот превоз барем нема да дозволиме, прво, регистрација, а после заради тоа што ете воведуваме пазарно стопанство, па ќе наметнеме такви рестриктивни мерки и санкции за да едноставно пак ги вклучиме. Инаку, целта за едно пазарно стопанство не ни е постигната. Затоа останувам на амандманите, 2,3,4,5,6 и 7 што ги имам поднесено, со оглед на тоа што членот 8 би станал член 2 односно член 3, а членот 9 на Предлогот на законот би станал член 4.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот 2 на пратеникот Тодор Петров.

**ПЕТАР ГОРГИЕВ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, Комисијата за стопанство го имаше предвид тоа што и пратеникот Тодор Петров го искажа и оцени доколку се прифатат односно и натаму се разгледуваат амандманите од 2, сигурно дека нема потреба од донесување на Законот, затоа што во предлогот на амандманот стои да се бришат сите членови на Законот. Но, едно објаснување треба да уследи и за останатите амандмани, тоа дека амандманите со кои што се бара бришење на членовите натаму во Законот се содржани во вториот односно во третиот став од амандманот од член 1 7-а, кој што упатува на поблиски критериуми за начинот и постапката за усогласувањето на возните редови и начинот на решавањето на спроровите ги утврдува Стопанската комора на Македонија во согласност со Министерството за урбанизам, градежништво, сообраќај и екологија. По

овој став Комисијата доста расправаше и со еден придонес од Стопанска комора се сложи дека во Правилникот што треба да го донесе Стопанската комора да се уредат сите спорни прашања што се поставени односно што се бара со амандманите да се регулираат. Така, Комисијата смета дека Законот треба да биде донесен со предлогот каков што го има и 'во извештајот Комисијата за стопанство, а не ги прифати амандманите што беа како амандмани доставени од здружението на приватните превозници "Македонија", а пратеникот Тодор Петров ги има само преземено, затоа што тие не можеа да се јават директно на Собранието за поднесување на амандман. Сметам дека треба да се почитува и во делот на извештајот на Комисијата, ставот на Комисијата дека треба да се пристапи како приоритет за изготвување на нов закон, за превозот во патниот сообраќај и да се користат искуства во други републики во делот на уредувањето на односите во патниот сообраќај. А ова решение сега сигурно би ги надминало сите спорни прашања што се јавуваа во делот на обавувањето на превозот во патничкиот сообраќај.

**НАУМ СИМЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседател, почитувани пратеници, постојниот закон за патен сообраќај добро ја регулира оваа проблематика. Но, не почитувањето на рестриктивните норми на постојниот закон за превоз во патниот сообраќај доведе до настанатите познати проблеми претежно во град Скопје кои го забрзаа донесувањето на Законот за изменување и дополнување на Законот за превоз на патниот сообраќај. По однос на тоа, бидејќи амандманите на Тодор Петров се однесуваат токму за овие

рестриктивни мерки на постојниот закон, со самото доставување на амандманите на Тодор Петров, автоматски треба да не го усвоиме и целиот закон. Против тоа не сум, затоа предлагам законот да го изгласаме како што е поставен, бидејќи оваа проблематика ја разрешува на најдобар начин во зададениот момент. Имено, овој закон е една преодна форма која би покажала дали е исправен или неисправен во постојната зададена ситуација на територијата нА цела Република Македонија, а не само на град Скопје. Така, би придонела до решавање на овој општ проблем.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор. (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот 2.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (13)

Кој е против, молам нека крене рака?

Дали има воздржани? ( 31) .

Според тоа, констатирам де*са Собранието не го усвои амандманот 2 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот 3 на пратеникот Тодор Петров.

Дали некој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот 3.

Амандманот 3 го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (Пратениците креваат рака).

За гласаа 15 пратеници.

Кој е против амандманот? (29 се против).

Кој е воздржан. (36 се воздржани)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот 3 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот 4 на пратеникот Тодор Петров.

Дали некој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот 4.

Амандманот 4 го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (Пратениците креваат рака)

За предлогот гласаа 11 пратеници.

Кој е против (31 се против)

Кој е воздржан (37 се воздржани)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот 4 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот 5 на пратеникот Тодор Петров.

Дали некој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот 5.

Амандманот 5 го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (пратениците креваат рака)

За амандманот гласаа 6 пратеници.

Дали е некој против амандманот, молам да крене рака. Против гласаа 28 пратеници.

Дали некој се воздржува од гласање (33 се воздржаа од гласање)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот 5 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот 6 на пратеникот Тодор Петров.

Дали некој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот 6.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (Пратениците креваат рака)

За амандманот гласаа 8 пратеници.

Дали е некој против амандманот, молам да крене рака.

Против гласаа 25 пратеници.

Дали некој се воздржува од гласање (34 се воздржаа од гласање.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот 6 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот 7 на пратеникот Тодор Петров.

Дали некој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот 7.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака (Пратениците креваат рака)

За амандманот гласаа 9 пратеници.

Дали има некој против?

Против гласаа 27 пратеници.

Дали некој се воздржува од гласање?

32 пратеника се воздржаа од гласање.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот 7 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот 8 на пратеникот Тодор Петров. Нема потреба 8 и 9 отпаѓаат. (Благодарам)

Не треба изјаснување.

Ве известувам дека Законодавно- правната комисија поднесе амандман на член 3. Претставникот на предлагачот го прифати сега тој амандман, тој амандман станува составен дел на Законот и нема посебно да се изјаснуваме по него.

Продолжуваме со претресот по текстот на предлогот на законот.

Молам кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот и Предлогот и предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака. (Пратениците креваат рака).

За гласаа 62 пратеници.

Дали има некој против? (3 гласаа против).

Дали некој се воздржува? (14 се воздржани).

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на законот за превоз во патниот сообраќај.

Минуваме на **точка 5** - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на законот за рибарство со предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот,со Предлогот на законот, извештаите на Законодавно- правната комисија и Комисијата за земјоделство и шумарство, ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на Закон за изменување и дополнување на законот за рибарство.

Кој е за молам да крене рака. (Пратениците креваат рака).

За гласаа 66 пратеници.

Дали има некој против? (1 пратеник)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака ( Пратениците креваат рака)

За гласаа 81 пратеник. Дали има некој против? (1 пратеник)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на Закон.

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот

претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Законодавно- правната комисија поднесе амандмани во насловот во членовите 2 и 3, членовите 6 и 7 стануваат 5 и 6, а членот 5 станува член 7 и амандмани на членовите б и 7 , со кои се согласи претставникот на предлагачот и тие се составен дел на текстот на Предлогот на Законот.

Пратеникот Тодор Петров поднесе амандмани кој ви се поделени.

На седницата на Комисијата за земјоделство и шумарство ги повлече поднесените амандмани.

Молам кој бара збор .

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака. (Пратениците креваат рака):

За гласаа 7 4 пратеници.

Дали има некој против (1 пратеник)

Дали некој се воздржува од гласање (1 пратеник)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на законот за рибарство.

По повод донесувањето на овој Закон предлагам Собранието да усвои и работен заклучок. Работниот заклучок е содржан во извештајот на Комисијата за земјоделство и шумарство и истиот ви е поделен.

Молам кој е за предложениот заклучок? молам да крене рака.

За гласаа 70 пратеници.

Дали има некој против? (никој)

Дали некој се воздржува од гласање? ( 2 пратеника)

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот Заклучок.

Минуваме на **точка 6** - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на законот за саден материјал со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот, извештаите на Законодавно- правната комисија, и Комисијата за земјоделство и шумарство, ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлага да го усвои следниот Заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на законот за саден материја.

Кој е за молам да крене рака? (пратениците креваат рака).

За гласаа 79 пратеници.

Дали има против?( 1 пратеник) Д

али некој се воздржува од гласање (Никој).

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за молам да крене рака. (Пратениците креваат рак

За гласаа 76 пратеници.

Дали има некој против (1 пратеник).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно правната комисија поднесе амандмани на член 1 за менување на член 3 и на членовите 5 и 6, со кој се согласи претставникот на предлагачот и тие се составен дел на текстот на Предлогот на закон, молам кој бара збор?

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (74)
Има ли некој против? (еден)
Дали некој се воздржува? (никој).

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на законот за саден материјал.

Минуваме на **7-та точка** - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за семе, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на Законот со предлогот на законот, Извештаите на ЗПК и Комисијата за земјоделство и шумарство Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за семе.

Кој е за, молам да крене рака? (77)

Дали има некој против? (еден).

Дали некој се воздржува од гласањето? (Никој)

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака? (77).

Дали има некој против? (двајца).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

ЗПК поднесе амандмани на членовите 1 и 2 за менување на членот 3 и на членовите 4 став 1,5 и 6 со кои се согласил претставникот на предлагачот и тие се составен дел на текстот на Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (74).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (еден).

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за семе.

Минуваме на **8-та точка** - Предлог на закон за обезбедуваше на средства за отстранување на последиците од земјотресот во општините Гевгелија и Валандово.

Предлогот на овој закон, извештајот на ЗПК и на Комисијата за финансирање и буџет Ви се поделени.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Тодор Петров поднесе амандмани на членовите 2 и 3 со кои се согласи претставникот на предлагачот и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот. Меѓутоа, ЗПК не го поддржа амандманот поднесен на член 3 бидејќи не е во согласност со член 261 од Уставот на Република Македонија.,

Го молам претставникот на Владата да се изјасни по амандманот на член 3 кој ЗПК не го поддржа.

**КИТАН СТОЈАНОВСКИ:**

Ние го поддржавме амандманот 3 на Тодор Петров на Комисијата за финансирање и буџет, меѓутоа ЗПК има уставни пречки и останува така како што е предложен Законот од Владата. Тоа е значи на ЗПК. Ние немаме ништо против како Влада дали ќе се усвои амандманот или предлогот на закон.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали претставникот на ЗПК сака дополнително да даде објаснување за да може после во гласањето да се определиме?

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Се работи за уставна одредба што не може да се даде пред тоа време на важност па затоа и го вративме, да биде како што е предлогот. Инаку немаме никаква друга забелешка.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Точна е забелешката на ЗПК меѓутоа, само ако се чита став 1 на член 261. Меѓутоа во став 2 во член 261 од Уставот пишува: "Само од особено оправдани причини може да се определи закон, друг пропис или општ акт да влезе во сила во рок пократок од 8 дена од денот на објавувањето или истиот ден кога е објавен" тоа е во согласност со амандманот кој го предложив.

Целта на предлагањето на тој амандман е , бидејќи поблиските критериуми и начинот на користењето на средствата е ставено односно се предлага да биде во надлежност на Собранието на општината, да не се чека излегување на Службен весник па да стапи во сила после 8 дена, туку Собранието на општината веднаш да може уште утре ако заседава да донесе одлука и да почне постапката на користењето и распределбата на средствата. Од тие причини е предложено да стапи во сила со денот на донесувањето, а Законот да се објави во "Службен весник на Република Македонија Затоа сметам дека амандманот кој е поднесен е во согласност со член 261 став 2.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Овде стои од денот на објавување, а се предлага од донесување. Уставна одредба нема од денот на донесување. Затоа е неуставно. Инаку немаме никакво разидување. Донесување законодавецот не предвидел. Петров сака Законот да важи од денес, меѓутоа, од денот на објавување, така предвидува став 2 од член 261 на Уставот. Во тоа е целата работа. Тој го прочита текстот но го толкува поинаку.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејќи Владата го прифаќа амандманот ние мораме да видиме дали навистина постои уставна пречка. Меѓутоа, во исклучителни причини може и порано од денот на објавување. Според тоа може да стои порано од денот на објавување, бидејќи таму во уставот не стои дека може да се применува од денот на донесување.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Само да потсетам дека претставникот на Владата на седницата на Комисијата го прифати нашиот став и дека ништо не е спорно. Досега нема ниту еден закон кој стапил во сила од денот на донесувањето, со оглед на уставната одредба и со оглед на сето тоа што имплицира понатаму во примената на Законот што може да настанат одредени правни последици.

**ФАИК АБДИ:**

Не се разбирам многу од овие работи, меѓутоа бидејќи се работи за Гевгелија и Валандово, се работи за средства кои се собрани и чекаат сигурно додека се печати Службениот лист па да се чека 8 дена итн., ќе помине доста време, а со оглед на ситуацијата што ја имаме во Југославија и Македонија секои 10 динари одложени за неколку денови може ништо да чинат. Па затоа дајте нека ги користат средствата луѓето и нека им бидат од помош. Мислам дека не треба д бидеме против амандманот што го даде Тодор Петров.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тогаш Собранието да се изјасни.

Го ставам на гласањето ставот на ЗПК.

Ставот на Владата е јасен, материјално го прифаќа законот само укажува дека е неуставно, но ако е така, се покоруваат Така да кај нив нема противречности.

Значи можно е Законот да стапи во сила со денешен ден затоа што Службениот весник во кој ќе биде објавен ми објаснуваа тука, може да биде објавен со денешен ден.

Значи она што господин Петров го намерава се постигнува Така ми е објаснето од правниците овде.

Дали господин Петров се повлекува сега, или да одиме на гласање?

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Се повлекувам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Значи се усвојува односно останува ставот на ЗПК.

Амандманот поднесен на член 1 од пратеникот Тодор Петров, Комисијата за финансирање и буџет не го прифати поради што пратеникот Тодор Петров го повлече својот амандман.

Меѓутоа, денеска пратеникот Тодор Петров, достави предлог за активирање на овој амандман.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по овој амандман.

**КИТАН СТОЈАНОВСКИ:**

Целта на законот по кој денеска расправа Собранието е солидарноста да стигне таму каде што треба во вакви и слични случаеви да се помогне. Барањето на Собранието на општина Гевгелија за која пратеникот Тодор Петров точно е дека го повлече овој амандман, меѓутоа, повторно се поставува, кај индивидуалниот сектор средствата да бидат кредитни, ако не се лажам. Јас го немам амандманот, го имам вашето барање.

Владата останува на Предлог-законот и овој амандман не го прифаќа од следните причини:

1. Не се знае условите под кои овие средства ќе се враќаат и намената повторно за што ќе се користи. Тоа мора да се утврди во Законот.

2. Индивидуалниот сектор, вие знаете дека ги плаќа сите обврски, даноци и придонеси, според тоа и тој треба да ја осети оваа солидарна помош која доаѓа во вакви и слични случаеви и од тие причини Владата останува на предложениот закон.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Со оглед на тоа што претставникот на Владата не се согласил со поднесениот амандман, согласно одредбите од деловникот на Собранието на Република Македонија, Собранието треба да води претрес по овој амандман.

Отворам претрес по амандманот поднесен на член 1 од пратеникот Тодор Петров.

Молам, кој бара збор?

**РИСТО СТАНКОВСКИ:**

Јас би сакал само едно кратко објаснување да дадам зошто се предлага овој амандман.

На мислење сме дека е општествено пооправдано овие средства да се делат во кредити, и тоа се знае, на пет години со стапка од 10 посто, така е дефиниран став на Собранието на општината и ние мислиме дека така би било во ред, а за социјални случаеви и за објекти од посебен општествен интерес тогаш овие средства би се давале неповратно. Затоа би апелирал да се прифати овој амандман, бидејќи уште еднаш нагласувам, општествено е пооправдано да се делат овие средства во вид на кредити.

**ЃУЛИСТАНА ЈУМЛЕРОВСКА:**

Јас сметам дека овој закон Парламентот го усвои со цел на граѓаните од Валандово и Гевгелија кој го осетија земјотресот најсолидарно и по принцип на взаемност да им се помогне на оние што настрадаа. Затоа предлагам да се прифати мислењето на Владата бидејќи ние не гласавме задебелување на кредити, па нека тоа бидат во овој случај и станбено најповолни , затоа што никаде не се добиваат кредити, од ниедна банка, а да се враќаат после 5 години со 10 посто невалоризирачка камата. Според тоа сметам дека овој амандман не треба да се прифати од проста причина што , ако собиравте помош нека таа помош ја осети и индивидуалниот сектор во услови подеднакви за сите.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (11)

Дали има некој против? (51)

Дали некој се воздржува од гласањето? (3)

Констатирам дека Собранието не го усвои Амандманот на член 1 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на закон, и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (72)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласањето? (Никој).

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за обезбедување средства за отстрануваше на последиците од земјотресот во општините Гевгелија и Валандово.

Минуваме на **точката 9** - Предлог на закон за изменување на Законот за привремено ограничување на располагањето со дел од општествените средства на општините на Републиката w на самоуправните интересни заедници од општествените дејности за потрошувачката за првото полугодие од 1991 година.

Предлогот на законот и извештаите на Комисијата за финансираше и буџет и на Законодавно- правната комисија ви се поделени.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор?

Има збор господин Николов.

**ЈОВАН НИКОЛОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, Законот за ограничување на потрошувачката во општествените дејности се провлекува од септември месец минатата година. Знаете тоа како се одрази во финансирањето на општествените дејности посебно во финансирањето на здравството. Тој закон требаше да важи до 31 декември 1990 година, па се продолжи до април 1991 година, а сега до јули до 1991 година и после јуни 1991 година.

Со трансформирањето на СИЗ-овите дел од СИЗ-овите за општествени дејности поминаа во Буџетот на Републиката. Дел од СИЗ-овите, СИЗ за здравство ПИО и вработувањето останаа како фондови надвор од Буџетот на Републиката а во состав на надлежните министерства. Поаѓајќи од тоа дека средствата и понатаму ќе се издвојуваат во посебен буџет на посебна сметка, а знаеме каков е недостигот на средствата досега, понатаму исто така ќе бидат намалени средствата и ограничувањето на потрошувачката исто така. Истовремено настана едно шаренило на придонесите по основ на здравство во општините. Бидејќи се формира фонд на ниво на Република при Министерството за здравство одредени работни организации во Републиката ќе бидат најразлично оптеретени во делот на доприностите за здравство. Во зависност од тоа каква била општинската стопа на допринос за здравство така ќе плаќаат и понатаму со постојниот закон после 30 односно од 1 јули. Затоа предлагам за да има еднаквост и рамноправност во издвојувавето на средствата што ќе ги издвојуваат од доходот за

допринос во здравството сите работни организации на ниво на Република да имаат една единствена стопа на допринос за здравство.

Затоа да ја задолжиме Владата веднаш по итна постапка со донесувањето на Законот, а сигурно ќе следи брзо донесување на Законот за здравство да се одреди единствена стопа на доход. Со тоа ќе бидеме рамноправни во плаќањето на доприносите во цела Република а не едни да бидат повеќе оптоварени во делот на доприноситте а другите помалку. Тогаш нема да има рамноправност во плаќањето односно во формирањето и потрошувачката во фондот што ќе се формира на ниво во Министерството за здравство.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Ве известувам дека Комисијата за образование, наука и култура поднесе амандман на член 1, а Комисијата за финансирање и буџет поднесе Амандман на член 2 со кој се согласи претставникот на Предлагачот. тИе се составен дел на Предлогот на законот.

Меѓутоа, Законодавно- правната комисија не го прифати Амандманот на член 2, бидејќи не е во согласност со член 261 од Уставот на Република Македонија.

Го молам претставникот на Владата на Република Македонија да се произнесе.

**КИТАН СТОЈАНОВСКИ:**

Во врска со членот 2 на овој закон е истата состојба како на првиот закон што беше. Според тоа Владата го прифати  точно е овој амандман

што беше поднесен, а го оспори Законодавно- правната комисија.

Точно е дека тој амандман е прифатен, но мораме да го допрецизираме. Тој не може да биде став 2 на член 1 од следните причини.

Во член 1 се зборува за промена на називот на Законот и за времето до кога ќе важи. Според тоа предлагам да се додаде нов член, член 2 кој треба да гласи:

"Во членот 4 се додава нов став 2 кој гласи: "Со средствата за финансирање на општествените дејности располага соодветното министерство".

Членот 2 ќе стане член 3.

Мислам дека вака истата содржина е.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Прво, предлагам да се усвои заклучокот на Законодавно- правната комисија.

Дали може така. (Може).

Молам, кој бара збор?

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Како известител на Комисијата за финансирање и буџет сакам да го соопштам следното. Бидејќи е даден амандман на член 2 со кој се доведуваме во иста положба како и по претходниот закон што го усвојувавме со оглед на тоа што со уставниот закон СИЗ-овите од општествените дејности престануваат со работа на 30 јуни 1991 година, а доколку би се објавил Законот во Службен весник после оваа дата ќе настане враќање на системот на стариот начин на финансирање. Од тие причини на Комисијата за финансирање и буџет беше предложен амандманот на член 2 со содржина како што е предложен. Доколку не се

прифати односно се прифати ставот на Законодавно- правната комисија барам да донесеме еден заклучок за да не настане промена во системот на финансирање.

Заклучокот би гласел: "Се задолжува стручната служба да обезбеди објавување на овој закон во "Службен весник пред 30 јуни".

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа може да биде работен заклучок.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Да, работен заклучок.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали се согласувате со таков работен заклучок? (Се согласуваат).

За амандманот на член 1, претставникот на Комисијата сака да се искаже.

**БЛАГОЈА ХАНЏИСКИ:**

Извршивме консултации колку е можно и донесовме оценка дека амандманот на член 1 предложен од Владата е прифатлив•

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро тогаш тој е составен дел на текстот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?(63)

Дали има некој против? (2)

Дали некој се воздржува од гласањето? (Никој).

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на Законот за привремено ограничување на располагањето со дел од општествените средства на општините на Републиката и на самоуправните интересни заедници на општествените заедници за потрошувачката за првото полугодие од 1991 година.

Минуваме на **точката 10** - Предлог за донесување на закон за учество на Република Македонија за финансирање на Првата фаза на реконструкција на Аеродромот "Скопје" со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот, Извештаите на Законодавно- правната комисија и Комисијата за финансирање и буџет ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор.

Има збор Богдан Неделковски.

**БОГДАН НЕДЕЛКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, бидејќи со овој закон се врши реконструкција на аеродромот, а ние знаеме дека имаме голем број на македонци надвор од Македонија кои секоја година патуваат со авиони на други, странски компании бидејќи овој аеродром не е соодветен на авионите на компаниите со кои тие доаѓаат поради краткоста на пистата тие мора да стартуваат некаде во некои европски земји за потоа да се префрлуваат.

Затоа, кога сега се врши реконструкција на аеродромот би требало да биде поцелосна и да се прошири стазата за да може овие компании слободно да стартуваат директно на овој аеродром со што малтретирањето на нашите македонци што сакаат директно да доаѓаат би се избегнало.

Од друга страна и развојот на туризмот би бил се поголем така да пред неколку години имаше во печатот дека некоја авиокомпанија бараше да учествува во реконструкција на овој аеродром со што нивната компанија би можела слободно да слетува. Не знам колку е во можност Македонија, ако може и странски донатори да побараат тоа еднаш се направи да не се прави по неколку години.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за учество на Република Македонија за финансирање на првата фаза на реконструкција на Аеродромот "Скопје".

Кој е за, молам да крене рака? (76)

Дали има некој против? (1)

Дали некој се воздржува од гласањето? (Никој)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака? (75)

Дали има некој против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласањето? (Никој)

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Законодавно- правната комисија поднесе амандман во насловот со кој се согласи претставникот на Предлагачот и тој е составен дел на Текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на закон го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (77)

Дали има некој против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласањето? (Не)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за учеств на Република Македонија за финансирањето на првата фаза на реконструкцијата на Аеродромот "Скопје".

Минуваме на **точката 11** - Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за личните доходи и други надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и други избрани и именувани лица во Републиката со Предлог на закон.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

Има збор Никола Крстевски.

**НИКОЛА КРСТЕВСКИ:**

За овој Предлог на закон постапката беше покрената поодамна меѓутоа поради потреба од одредени финанс^ски согледувања, бидејќи претставува нови оптоварувања на буџетските средства, постапката траеше подолго време и бидејќи се ургира таа да се оконча, сметам на оваа седница може да се оконча оваа постапка, меѓутоа, треба да се потсетиме, бидејќи порано беше доставен овој материјал, предлогот за измена на овој

закон односно за личните доходи на пратениците.

Бидејќи две можности се даваат,морам да ги прочитам за да можете да се произнесувате бидејќи пред себе го немата моментално текстот сите. Тоа е предлог на закон за дополнување на Законот за лични доходи и други надоместоци на пратениците во Собранието на Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката. Само новите две можности, значи покрај онаа можност што е редовно предвидена со Законот да може да остварува целосно личен доход секој пратеник овие можности се со цел помал број да може да се префрли во Собрание со остварување на личен доход. Се дава можност на оние што остануваат на своето претходно работно место и тоа гласи:

"Пратеник кој не е на постојана работа во Собранието на СРМ има право на надоместок во висина на разликата помеѓу личниот доход што го остварува во работниот однос или пензија и полниот износ на личниот доход на пратеник кој е на постојана работа во Собранието на Македонија".

Втората можност, тоа е член 1 став 3 "пратеник кој ние остварува личен доход во Собранието на СРМ и не добива надоместок од претходниот став, односно разлика на личен доход има право на надоместок на месечен износ во висина од 30% од полниот износ на личниот доход на пратеник.

Ваквиот текст на Предлог-законот беше доставен до работните тела. На денешната седница на Комисијата за избори и именувања го разгледавме Извештајот за расправата по работните тела и констатиравме дека е доставен еден ист амандман, да се брише член 1, став 3 односно се оди во измена на Законот само со можноста да се остварува само разлика во личниот доход до полниот износ на пратеник.

**НИКОЛА КРСТЕВСКИ:** (продолжение)

Во сите извештаи на работните тела, кои не сакам да ги цитирам , се брише можноста 30% да се остварува, оние пратеници кои не остваруваат личен доход ниту разлика. Тоа би било ново оптоварување преку границата од личниот доход на пратениците и се предлага само на име разлика во личен доход да земаат пратениците кои се наоѓаат и сеуште се наоѓаат на работните места. Значи, само една измена се дава.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Прво да се изјасниме дали има потреба да се донесе Законот. Да одиме согласно постапката а потоа ќе расправаме за овие работи.

Молам, кој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за дополнување на Законот за личните доходи и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и други избрани и именувани лица во Републиката.

Кој е за, молам да крене рака. (69 пратеници креваат рака).

Дали има некој против? (двајца пратеници)

Дали некој се воздржува од гласање? (тројца пратеници)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон?

Кој е за, молам да крене рака? (73 пратеници креваат рака).

Дали има некој против? (еден пратеник)

Дали некој се воздржува од гласање? (еден пратеник)

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Господин претседателе, дами и господа, пратеници, јас сум изненаден од илјадниците калкулации и комбинации што се испреплетоа околу донесувањето на овој закон и онака непопуларен во јавноста, со што создаваме дополнителни моменти и елементи на сите кои не гледаат и слушаат со право и да не критикуваат. Изненаден сум и од последниот предлог со кој што ние кои се залагаме за пазарна економија, за вреднување на труд без создадени механизми за вреднување на квалитетот во дадениот труд да одиме со предлози со кои некои за истата работа што ја обавува како пратеник во Собранието на Македонија да добива целосен личен доход, а некој за истата таа работа не треба да добие ни динар, или одиме на други елементи кои се сосема спротивни со тековите за кои се залагаме. Каде во светот е дозволено секој месец да ни бараш извештај за личен доход за да видиш дали сум два динари над платата на другите пратеници кои остваруваат личен доход или сум два динари под, за да ми додадеш два динари или да ми одземеш два динари. И дали е воопшто остварливо да се компензира разликата до висината на платата на пратениците кои се во постојан работен однос во Собранието, ако се знае дека на триесетина или педесетина пратеници може на 6 јули да му се промени платата, на другите на 12 јули, на третите на 2 август итн. Мислам дека треба на сите да ни биде јасно дека имаме и додатни трошоци. Ако Уставот дозволил Ханџиски да биде пратеник од Берово, а

живее во Скопје и обавувајќи ја толку колку може функцијата, секои 10 дена одам таму без патен налог со сопствено возило, со сопствени трошоци, и понатаму Ханџиски да работи целосно без плата, без било каков надомест за обавената работа во Парламентот, спремен сум да ги понесам сите критики кои ќе дојдат од надвор и сакам да укажам само уште тоа дека помина времето кога може за под еднакви залагања некој да биде. вреднуван, ценет и ставен на платен список, а некој да работи без било каков надомест.

Предлагам да останат трите варијанти кои се предложени, член 1 на Предлогот на законот, да расправаме по нив и да одлучуваме по нив.

**СИМЕОН ИВАНОВСКИ:**

Почитувани пратеници, мојата дискусија е практична потврда на она што го кажа другарот Ханџиски. Сметам дека со овој предлог кој беше денес овде изнесен од претседателот на Комисијата која е предлагач на овој предлог за измена на Законот нема никаква смисла, по мое лично убедување. Имено, има смисла или да одат двете варијанти кои се предложени како можности за евентуален надомест на пратениците, некаков нивен надомест за трудот кои го вложуваат или по мое длабоко убедување нема никаква логика да оди само едната варијанта, односно целта на овој предлог ја сфаќам дека треба да се стимулираат пратеници, имајќи предвид дека тие работат на своите работни места, а овој предлог е за тие пратеници, да работат, а тие работат, трошат време надвор од своето работно време, патуваат,контактираат итн., и сега овде ние правиме поделба, разлика во зависност од тоа некој колкав личен доход има, некој има право за овој труд нешто да биде награден, а некој нема право да биде

награден. По мене, има логика да расправаме доколку одат двете можности, во спротивно сметам дека нема никаква смисла овој закон воопшто да се донесува. Подобро е оние кои не се овде на платен список а се во работните организации да не добиваат ништо, тоа е барем чиста сметка, да се знае дека не добиваат ништо.

Инаку, се прави разлика меѓу пратениците, по мое мислење дури и понижуваше на одделни, да не кажам дека по мое мислење дури е неизводливо како тоа ќе се прави. Има луѓе кои работат во работни организации кои по два месеци земаат личен доход. Не знам како би го донесувал списокот за да земе некоја таква разлика. Јас лично се залагам да не се донесува овој предлог, а можам да го поддржам предлогот со двете опции кои беа дадени во првата варијанта.

**АЛИЛ ЏАФЕРОВСКИ:**

Почитувани пратеници, сосема накусо да речам, ако е целта да се растовари Буџетот да нема поголем број пратеници платени во овој Парламент тогаш сметам дека ако постојат трите варијанти голем дел од пратениците кои се сега на платен список во Собранието ќе се откажат од тоа и ќе се определат за една од двете други варијанти. Ако ни е целта да ги намалиме трошоците, тогаш треба да ги прифатиме трите варијанти, а не да одиме селективно со две, па наместо да го намалиме буџетот да има наплив на пратеници кои ќе земаат целосен личен доход во Парламентот.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Сметам дека ако се прифати токму третата варијанта пратениците ќе бидат ставени во нерамноправна положба. Зошто? Заради тоа што ако некој остварува повисок личен доход во организацијата каде што работи од пратеничкиот личен доход, автоматски разликата од 30% ќе му дојде како поплатен пратеник од оној кој е професионално вработен. Лесно ни е да ја

бараме третата варијанта, заради тоа што социјалниот состав на овој Парламент е 50одсто директори на општествени претпријатија. Кога ќе извршиме целосна трансформација на сопственост аи кога ќе имаме приватни претпријатија ќе се прашаме кој газда основач на приватно претпријатие ќе му дозволи на својот директор менаџер кога сака да си 'оди на седници на Парламент, а кога сака да се враќа во производниот процес. Сега е лесно затоа што општествена кола чека надвор, на претпријатието, ме чека службата на општественото претпријатие, а дали ќе бидам спремен да ги читам овие материјали кои ќе доаѓаат, тоа е сосема друго. Ќе си дојдам, ќе гласам за или против како Владата ќе каже, без да ги прочитам овие материјали. Ако сака некој професионално и стручно да ја обавува функцијата, ќе се прашам дали физички е во состојба да ги прочита сите материјали и да работи и во организацијата. Сега е лесно, затоа што е општествена сопственост, меѓутоа многу брзо на таквите случаи ќе им одимне мандатот, а ќе имаме само професионален состав во Парламентот или работа на работното место.

**САНДЕ ДАВЧЕВ:**

Почитувани пратеници, јас мислам дека имам став спротивен од ставот на Тодор Петров, бидејќи кој колку заслужува на работата, толку треба да биде и платен. Не зборуваме само за директорите, туку и за работниците. Зошто ова го зборувам. Зошто еден работник и кога е пратеник овде да биде стимулиран да мора да земе до пратеничката плата? Зошто, за да зафркава на работа, да не работи, знае дека тука ќе земе. Да земе и 500 динари на работа, тука ќе си ја земе разликата. Значи

ти го стимулираш да не работи во организацијата. Тоа е една работа, но предлагам да одат трите варијанти бидејќи сметам дека самиот пратеник треба да се определи. Вака е гаранција дека тој мора да прими до таа плата. Секоја волонтерска работа волонтерски се обавува. Ако се обавува волонтерски, има волонтерски додаток. По мое мислење треба да останат трите варијанти.

**БЛАГОЈ ТОШЕВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, како член на Комисијата за буџет и финансирање се изјаснив и таму и бев за двете варијанти. Зошто? Затоа што јас на работното место работник шеф на комерција кога веќе дојдов професионално да се занимавам во парламентот како пратеник, автоматски моето работно место не ми мирува, туку работниот однос. Господата директори ако сакаат да им мирува работното место не може, ќе им мирува само работниот однос. Според тоа, нека се помислат дали ќе може да бидат професионално платени, а да им мирува работниот однос, а не работното место.

**НИКОЛА КРСТВВСКИ:**

Предмет на дискусија е исклучиво можноста да се добие разлика во личниот доход до висина на пратеничко место. Третата варијанта, паушал од 30 посто ние како матична комисија го прифативме и го извршивме од текстот. Значи оние кои се за третата варијанта немаат право директно да се произнесуваат бидејќи таа е избришана. Јас ви го кажав историјатот. Можат да придонесат само со тоа да гласаат против оваа единствена можност што се дава во писмена форма. Пропуштени се можностите за директна измена што сега се предизвикува, меѓутоа, може да бидат само

против и за разлика во личен доход. Инаку, тоа е веќе бришано од првобитниот текст на Предлогот на законот.

Меѓутоа, против 30 отсто е една околност, тоа е паушален износ, ние како пратеници независно дали оствaруваме личен доход и другите варијанти, имаме еден паушал во висина од четири дневници. Тоа е како израз паушал, инаку термински малку се исклучува.

Второ, во разлика во личен доход, практично кога ќе дојде во примена третата варијанта, 30 посто, некој кога има илјада еден динар разлика во личен доход наместо да ја земе разликата во динари, ќе земе 30 посто, 6 милијарди во просек, тој ќе дојде преку 20 милијарди. Се дава, и тука не е применлива, а може да дојде до злоупотреба, а директно поголемо оптоварување на финансискиот буџет, бидејќи максимално буџетот планира до висина на пратеничката плата 3,50. Значи, ова е преку оптоварувањето, а она до висината на пратеничкиот личен доход 3,50, тоа се можности и варијанти помалку да се оди на целосно остварување личен доход, да се задржи работното место и евентуално разликата да се дополни, а не и да се заработи плус.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Според тоа, предлагачот гр симнува третиот модел.

**РИСТО СТАНКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, јас би сакал сите да ги потсетам да не се манипулира со една работа дека тука има којзнае колку директори со којзнае колкави плати. Ако сакате, можете да направите анализа, меѓутоа и директорските плати во Македонија се не верувам повеќе од 10 илјади динари. Проверете, ќе се уверите во тоа и да не се манипулира многу во

јавноста дека тоа е така. Инаку што се однесува до тезата дека ќе се оптовари буџетот, тоа воопшто не држи. Ако одиме сите на тоа да бидат платени пратеници, тогаш ќе видиме какво ќе биде оптоварувањето ан Буџетот. Според тоа, таа теза по мое мислење не држи.

Би сакал да потсетам и за господинот Петров и некои други, по неговото излагање излегува дека директорите на сегашните општествени претпријатија практично немаат никакви обврски или ги запоставуваат своите обврски, или тука ги запоставуваат обврските, според тоа не се однесуваат професионално кон својата работа. Би спомнал дека во сите западни демократии, бидејќи честопати се споредувам со нив, најголемиот дел од пратениците се платени по систем на додаток, или одреден додатен износ, и тоа главно ако ја следите структурата се познати бизнисмени, луѓе познати и признати во својата струка. Според тоа, тоа се приватни фирми. можат да ја водат и својата фирма, а исто времено да бидат и присутни во пратеничките клупи. Според тоа, не е спорно дали некој ќе ја врши својата дејност добро или не со оглед на тоа дали ќе биде пратеник и плус професионално вработен некаде, или ќе биде само пратеник или само директор. По мое мислење, тоа е повеќе лично и зависи од самиот човек.

Најважен став е ако одиме на тоа да го наградуваме трудот, не е битно дали некој ќе земе 20, 30 или 50 милијарди. Ако некој е способен нека земе 50 милијарди и плус награда за работа во Парламентот. Ние треба да се бориме луѓето да земаат пари. Не зборувам лично за нас туку воопшто таква филозофија треба да градиме, сите да бидат платени.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ние можеме да расправаме, меѓутоа, немаме предлог за третата варијанта, не постои предлог, јас не знам, вие ќе поднесете амандман, но пак мора да дојде до комисијата, бидејќи таа е овластен предлагач по ова прашање. Како амандман можете, а не по општиот претрес сега. Потоа ќе дојдеме на тоа, сега нема што да расправаме.

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по Текстот на предлогот на закон.

Ве известувам дека Комисијата за финансирање и буџет и Комисијата за труд и социјална политика поднесоа амандман на членот 1, став 3.

Има збор известителот на Комисијата, но Комисијата се произнесе.

Продолжуваме со претрес по Текстот на предлогот на закон.

Имајте го предвид излагањето на господин Крстевски.

Молам, дали некој бара збор?

Сега може амандмански да си оди.

**ДУШКО ЃОРГЕСКИ:**

Во име на пратеничката група на Социјалдемократскиот сојуз поднесувам амандман на членот 1 кој би требало да дојде како став 3 и тоа со следниот текст:

"Пратеник кој не остварува личен доход во Собранието на Република Македонија и не добива надоместок од претходниот став и ма право на надоместок во месечен износ во висина од 30% од полниот износ на личниот доход на пратеник."

**НИКОЛА КРСТЕВСКИ:**

Бидејќи директно е поднесен амандман, а веќе еднаш го бришевме тој амандман на 3 работни тела, предлагам расправата да се одложи за една од наредните седници, инаку не го прифаќаме амандманот. Сметам за целисходно директно да не се даваат амандмани, туку да се одлочи за наредна расправа повторно да се разгледа истиот амандман.

**САНДЕ ДАВЧЕВ:**

Бидејќи сум член на Комисијата за избор и именувања првиот предлог на Комисијата беше да одат трите варијанти. Сега кога се донесени амандманите Комисијата во непотполн соств го прифати тоа, но јас мислам дека треба овој амандман да оди на гласање без расправа на Комисијата.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Убаво што претседателот на Комисијата за избори и именувања бара писмено да се достави амандманот, само јас поставувам прашање каде е писмениот извештај од Комисијата за денешната седница по расправата и по заклучокот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

Бара збор Никола Крстевски.

**НИКОЛА КРСТЕВСКИ:**

Бидејќи почнавме со надмудрување, прво, постапката најредовно се одвиваше по сите работни тела. Во Комисијата за Буџет каде Славјанка Стојанова е претседател, таа го запре, единствено таа ја запре постапката од работните тела и бараше анализа секој кој не остварува личен доход да достави до Служба за финансии колку има на постојното работно место да се направи анализа. Имаме 6 такви известувања во соодветната служба меѓутоа, тоа траеше повеќе и тој процес таа што го побара во услови да продолжи постапката и ден денеска не е реализиран. Меѓутоа, директно се јави иако не овластена како матична комисија на претходна расправа бара или информација или веднаш да се донесе. Значи, својот услов што ја запре постапката не си го оствари, вели не мора да се согледаат финансиски, туку директно да се разгледува извештајот. Меѓутоа, ние немавме фонд на време, затоа го кажав извештајот, денеска во 9 часот имавме Комисија и извештајот го кажав. Давчев кој независно од Комисијата истапува тој не беше во текот на таа точка од дневниот ред, задоцни на самата седница и затоа сметам да не одиме сега да се надмудруваме, туку да се одложи оваа расправа да се согледа целосно, Комисијата повторно да излезе со предлог. Меѓутоа, сега сметам дека единствена можност имаме да се дозволи разлика во личен доход, други можности не постојат. На микрофон не се даваат амандмани.

**ДУШАН ТРПЧЕВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани дами и господа. Имајќи ги предвид секојдневните тензии, а и една од денешните беше и

демонстрациите што беа пред Парламентот, написите во дневниот печат, изјавите на радиото и телевизијата каде се тежи навистина и секој еден динар даден повеќе оди на уштре на целото македонско општество сметам едни вакви неправилни зголемувања на доходот кај парламентарците, па и овој последниот амандман што беше предложен мислам дека оди на зголемување на доходот кај поедини пратеници, а кај поедини пратеници ќе биде навистина помал и различен. Спрема тоа, во потполност го поддржувам Крстевски за онаа варијанта за разлика меѓу пратениците да ја примаат во однос на личниот доход од Парламентот. Со тоа ќе им овозможиме на голем дел од пратениците да си ги задржат работните места, да придонесат во работењето на работното место, а плус тоа давајќи вистински напори да можат да учествуваат во работата на Парламентот, во работните тела на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Видете, овде ми е укажано од секретарот дека ние можеме да продолжиме по претресот на законот по сите негови други одредби, но не и по амандманот, затоа што предлагачот на законот бара да му се даде можност амандманот повторно да го разгледа на седница на Комисијата и по амандманот сега не би можеле да расправаме ако нема расправа во другиот дел од текстот, тогаш ќе ја одложиме расправата и Комисијата повторно ќе го разгледа амандманот и таму ќе се произнесе и ќе дојде со предлог.

Дали е така господине Крстевски?

Така е.

Ако нема никој по другиот дел од текстот, ја одлагаме расправата.

Кога Комисијата ќе изгради став по амандманот и ќе ни достави може тоа денеска, утре или било кога ние ќе го ставиме да завршиме само по амандманот.

Минуваме на **12-та точка** - Предлог на одлука за гаранција на Република Македонија за кредит што се користи за Аеродромот "Скопје".

Предлогот на одлуката и извештаите на Комисијата за финансирање и буџет и на ЗПК ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

ЗПК поднесе амандмани во преамбулата и во насловот со кои се согласи претставникот на предлагачот и тие се составен дел на Текстот на предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за предлогот на одлуката молам да крене рака. (66)

Дали има некој против? (1)

Дали некој се воздржува од гласањето? (Никој)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за гаранција на Република Македонија за кредит што се користи за реконструкција на Аеродромот "Скопје".

Предлагам во врска со точките 10 и 12 од денешниот дневен ред да се донесе следниот работен заклучок:

Се задолжува Владата на Република Македонија да ги преиспита можностите и му предложи на Собранието на Република Македонија мерки

и активности за реконструкција на Аеродромот "Скопје" за негово оспособување за меѓународен авиосообраќај и интерконтинентални летови.

Дали се согласувате?

Молам, кој е за да крене рака. (Пратениците креваат рака)

Дали некој е против? (1)

Дали некој се воздржа од гласање? (Никој)

Констатирам дека овој работен заклучок со кој и се даде задача на Владата на Македонија е усвоен.

Минуваме на **точката 13** - Предлог на одлука за определување на повисок износ на пензија на корисниците просветни работници кои воспитно- образовната дејност ја вршеле 1944 или 1945 односно 1946 година и во таа дејност оствариле право на пензија.

Предлогот на одлуката и извештаите на Комисијата за труд и социјална политика и на ЗПК ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

ЗПК поднесе амандмани во преамбулата, во дел V и нов текст по дел V а Комисијата за труд и социјална политика поднесе амандман во дел I за додавање рова точка 6-а, со кој се согласи претставникот на предлагачот и тие се составен дел нас текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор?

Има збор господин Богдан Неделковски.

**БОГДАН НЕДЕЛКОВСКИ:**

Бидејќи со овој закон се опфатени до 1946 година, па јас би предложил да бидат опфатени и оние учители македонци кои беа во тоа време на работа на Бугарија во Пиринскиот дел од Македонија и во Албанија, така што можат да бидат сеопфатно, не знам дали и тие влегле во ова, а не се многу, па мислам дека може. Така една сатисфакција околу националното.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Претставникот на Владата треба да објасни, јас мислам дека се опфатени сите, но треба да каже.

**КИТАН СТОЈАНОВСКИ:**

Колку мене ми е познато, постапката која одеше на работните тела на Владата и во Владата дека со оваа одлука се опфатени сите учители кои биле во тоа време.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сите, но само ако оствариле пензија во таа дејност.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Претставникот на Владата би го прашал дали се опфатени и оние професори и наставници што вршеле дејност во Егејскиот дел на Македонија и тоа не до 1946, туку и за време на граѓанската војна бидејќи сум запознат дека имаше голем дел наставници од овој дел кој беа испратени таму да вршат просветна дејност.

**КИТАН СТОЈАНОВСКИ:**

Видете, јас бев јасен и гласен во она што одеше во постапка. Бидејќи ресорно не сум претставник на оваа материја, јас би молел да се побара министерот за образование.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас ги молам претставниците на Владата да осигураат присуство на претставник од Министерството за образование, за да би добиле точен одговор затоа што ние одлуката можеме да ја донесеме ако е ова опфатено, а ако не тогаш би дале да се испита и да се види што може. Или да заклучиме вака да ја усвоиме оваа одлука, а ако ова не е опфатено Владата да ни предложи дополнување на одлуката кога би го решиле тоа, или може нова одлука.

Дали може така? (Може)

Ако може да оди така да одиме понатаму.

Дали некој друг бара збор во врска со Текстот на одлуката. (Никој)

Ако никој не бара збор предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за предлогот на одлуката молам да крене рака. (69) .

Дали има против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за определување на повисок износ на пензија на корисниците просветни работници кои воспитно- образовната дејност ја вршеле во 1944 и 1945 односно 1946 година и во таа дејност оствариле право на пензија.

Ве молам, усвојуваме и работен заклучок со кој се задолжува Владата доколку овие категории на просветни работници што овде беа спомнати од господата Неделковски и Пановски, а под исти услови кои се во оваа одлука, а не се опфатени, да се донесе нова одлука која ќе ги опфати.

Дали се прифаќа таквиот заклучок?

**СТОЈАН АНДОВ:** (продолжение)

Кој е за заклучокот fмолам да крене рака? (57 гласови)

Дали има некој против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласањето? (1 глас)

Констатирам дека сепак овој заклучок е усвоен.

Минуваме на **точката 14** - Нацрт на Програма за работа на Собранието на Република Македонија за 1991 година.

Нацртот на програмата, извештаите на работните тела на Собранието како и Мислењето на Владата на Република Македонија Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор Благој Тошев.

**БЛАГОЈ ТОШЕВ:**

Во однос на Нацрт програмата предлагам ако постои можност во однос на тематските прашања што се дадени за септември на страна 17 точка 3 од областа на општествените дејности ако може да се префрли во тематските подрачја за јули под точка 3 Информација за материјалната положба на основното образование со посебен осврт на начинот на финансирањето преку Буџетот на Републиката.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

**НИКОЛА КРСТЕВСКИ:**

Јас во оваа програма имам само дополнување на основа дискусиите што се водени, јас лично не сум водел, не сум иницирал. Предлагам предлог програма за ревитализација и развој на селото. Ние почетните седници многу ги истрошивме, имало запустени села, незаштитени села, сопственоста на била регулирана, поопштествен е имотот, сега општествената заедница не го работи. Во таа смисла предлагам Владата да ни предложи Предлог програма со донесување на нови прописи, мислам да се врати сопственоста, дали заради детски додаток, или политичка кариера го отстапиле во општествена сопственост имотот со тоа што општествената заедница нема можности, не го работи, се запустуваат селата. Второ, диво се населуваат напуштените села. Во таа смисла да направи една Предлог-програма Владата за ревитализација и развој на селото.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Почитувано Претседателство, почитувани пратеници имам еден предлог кој беше и во расправата:на Комисијата за внатрешна политика, а бидејќи е во тек изготвувањето, ако не се лажам веќе е и првата верзија на разгледување на Законот за локалната самоуправа, дилемите околу тоа дали тој да биде Закон за општина или и за Градската заедница. Ценам дека пред изготвувањето, мислам тоа да не се сопре, меѓутоа, да се направи пред се една информација за актуелните проблеми на функционирањето и на работата на општинските собранија во досегашниот период. Имам впечаток дека сите аспекти на овие проблеми што се јавуваат во функционирањето на сега ново конституираните собранија во општините не се земаат во предвид. Мислам дека се оди концепциски и

многу теоретски во разгледувањето на овие прашања. Оттаму Владата да понуди една информација пред да се донесе тој закон и да се отвори расправа во Собранието и тие сознанија кои што ќе бидат изнесени во Информацијата да ги имаат во предвид изготвувачот на новиот закон за локална самоуправа.

**ЈОВАН НИКОЛОВ:**

Комисијата за здравство разгледувајќи ја Програмата за работа е на мислење дека со оглед на трансформацијата на СИЗ-овите која што тече после 30 јуни даде информација за состојбите со снабденоста со лекови, Владата даде еден пресек за состојбите во здравството до новиот начин на финансирањето на здравството да видиме какви се состојбите затоа што ќе настане еден вакум помеѓу трансформацијата на СИЗ-овите и фондовското организирање на средствата за финансирање на здравството. Да видиме какви се состојбите и што не чека понатаму во извршувањето на пружањето на здравствената заштита на населението. Таква анализа е поместена некаде во септември, но со оглед на тоа што настана една ваква трансформација се налага потреба да направиме еден пресек, да направиме една анализа, да ги видиме какви се состојбите бидејќи тоа многу лошо ќе ни се одрази во нормалното функционирање воопшто во здравството во Републиката. Значи во делот кога ќе се расправа за информациите за снабденоста со лекови да се расправа и за информацијата за финансиските состојби воопшто во здравствените организации во Републиката.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, се плашам дека целата работа овде е свртена наопаку. Имено денес ние разгледуваме Програмата за работа на Собранието, Нацрт- програмата за работа на Собранието, меѓутоа сосема е евидентно дека таа се потпира врз Програмата за работа на Владата која што ја имавме како информација доставено до сите пратеници и до сите комисии. Меѓутоа, и едното и другото не е потпрено со нешто што треба на самиот почеток да се најде од кое што треба да произлезе глобалната концепција за една стратегија во оваа Република, а тоа е Владината програма. Ние се договараме овде сега што ќе работиме на парче, утврдуваме некоја динамика без да знаеме која е генералната концепција која што оваа Република ќе ја води во еден нареден период, а тоа не можеме ниту да го знаеме додека не ја добиеме Владината програма на разгледување која што овие денови веќе во јавноста произлезе дека е подготвена, претседателот Кљусев ја најави дека наскоро ќе биде презентирана. Меѓутоа јас се плашам дека ги вртиме работите наопаку, односно почнуваме да ги решаваме отпозади. Програмата за работата на Собранието исто како што и Програмата за работа на Владата треба да се потпира врз Владината програма, а ние неа ја немаме. Оттука ја поставувам таа моја лична дилема, меѓутоа и дилема на голем број од пратениците на Социјалдемократскиот сојуз, дали сме ние во можност да донесеме соодветна и релевантна програма за работа на Собранието без да ја имаме на располагање Владината програма. Оттука предлагам оваа точка впрочем со некои информации со кои што располагам уште минатиот пат при утврдувањето на дневниот ред беше предвидено Нацрт-програмата за работа на Собранието да се одложи додека не се добие на располагање, на разгледување и усвојување Владината програма.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Само да ве известам. На Претседателството ја имавме истата дилема. Рековме да чуеме малку овде што се мисли. Инаку имавме дилема, дури имавме и став да предложиме да се симне сега и да се одложи оваа точка. Но, бидејќи работните тела дадоа сосема други извештаи каде што нема забелешки на Програмата, освен во Комисијата за образование која ја поврзува со Владината Програма за економски мерки која во меѓувреме ја донесе па се исполни тој услов, затоа јас и воопшто овде отворив претрес. Меѓутоа, дилемата останува што ја кажа Бранко и ние во Претседателството ја имавме таа дилема. Ако се согласувате можеме да ја одложиме расправата. (Се согласуваат)

Тука се две идеи. Дали да оди сега како Нацрт, или да ја одложиме воопшто?

**ЦВЕТАН ЈОВЧЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, ми се чини во овој миг, во ова време Програмата секако треба да се одложи, причините се јасни и недвосмислени бидејќи сами гледаме пред се каде се наоѓа нашата македонска Влада , заседава за политичко безбедносната ситуација, а во оваа програма што ни се нуди ги опфаќа материите кои што треба да ги разработуваме само за цела Југославија, односно за една федерална единка, а во овој момент во ова време ништо друго не нуди оваа Програма. Затоа мислам дека Владата треба да подготви нова програма со новите политички ситуации кои што настануваат од ден на ден, односно кои се менуваат. Затоа сметам дека држи место за да се одложи оваа Програма.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сепак, предлагам да ја одложиме Програмата.
Дали се согласувате? (Се согласуваат)

Минуваме на **точката 15** - Информација за некои актуелни проблеми со бегалците од Народна Социјалистичка Република Албанија во Република Македонија.

Со оглед на тоа што материјалот има доверлив карактер, ги молам претставниците на средствата за јавно информирање да го имаат тоа во предвид при известувањето по оваа точка.

Информацијата, извештаите на Комисијата за надворешнополитички прашања и односи со странство и на Комисијата за внатрешна политика и општонародна одбрана како и Предлогот на заклучокот Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес,
Молам кој бара збор?

**ГОЦЕ АНДОНОВСКИ:**

Очигледно е дека изготвувачот на Информацијата добил постара содржина во однос на тоа како треба да биде изготвена Програмата. Со оглед на тоа што постои една констатација дека не се обезбедува здравствена заштита на бегалците што моментално се сместени во летувалиштето во Царина. Мислам дека тие се збринети и континуирано им се обезбедува здравствена заштита од сите видови, како и останатите граѓани на општина Ресен. На тој план мислам дека таква констатација во Информацијата прво, не држи.

Второ што сакам да истакнам е тоа дека сепак треба некои корективни мерки во однос на престојот, за време на престојот на оваа категорија во летувалиштето во Царина. Имено мислам дека не се

спроведени во целост сите мерки за удобен престој на бегалците од Албанија. Се согласувам со фактот дека тие моментално не располагаат со одреден долен веш што им е потребен, или со млеко за исхрана на нивните деца, а за да ги остварат тие свои цели се служат со најразлични дејности кои што не одговараат за одржување на достоинството на тие луѓе што се сместени во летувалиштето. Затоа мислам дека овде, затаи една поширока општествена активност, во прв ред сметам дека активноста на хуманитарната организација Црвениот крст моментално во однос на оваа категорија затаи. Можевме да собираме ние средства за Кореја, за Кина, за ваму-таму, не успеавме да собереме нешто што им е потребно на овие бегалци.

Трета работа што сакам да ја истакнам е во врска со оваа информација дека ќе треба да се отворат процеси во кои што ќе се обезбеди еден малограничен премин, безцарински. Ова го давам како размислување од образложение што мислам дека посматрајќи ја севкупната состојба што денеска се случува во Албанија на повидок ни е една ситуација во која што ќе има неконтролиран прилив на граѓани од Албанија на нашава територија, затоа што им претстои опасност утре да немаат храна, немаат средства за одржување на хигиената и други потребни артикли за живот. Единствено решение поаѓајќи од оваа економска ситуација во која тие се наоѓаат сигурно ќе им претстои само границата. Затоа мислам дека треба да се интензивираат активностите во однос на изградбата како реконструкцијата на патот, така малограничниот премин, како и обезбедување на услови сите оние што ги бараат прописите за еден малогрнаичен премин. Не можам да се сложам со фактот

Словенците да можат слободно да одат за купопродажба преку Горица на Италијанската граница со лични карти, а овде со вакви услови на визно-пасошкиот режим не се обезбедени услови за перманентен премин на граѓаните, било тоа од нашава Република или од Албанија спрема нас. Сметам дека тоа барање треба да се актуализира и да се бара од Сојузните органи што побрзо да го решат.

Четврта работа што сакам да ја истакнам, за да се обезбеди континуирано обезбедување на услови за исхрана, сместување и здравствена заштита на овие граѓани, мислам дека треба средствата кои што треба да им се дадат на организациите, конкретно на "Преспатекст", Здравствен дом и други кои што ги покриваат потребите од таквите услуги мислам дека на време треба да им бидат дадени на овие организации со оглед на тешката материјално финансиска состојба во која се наоѓаат организациите за да утре не се блокираат и тие активности.

**БОГДАН НЕДЕЛКОВСКИ:**

Во потполност се согласувам со претходниот дискутант, само не дека сојузните органи треба да ни го решаваат овој проблем бидејќи тоа е наш проблем, македонски. Сакам да нагласам дека овие Македонци кои што се тука дојдени не знам како е нивниот статус, дали ќе се враќаат, или не. По сѓ изгледа дека остануваат. Бидејќи јас знам од искуство дека во Германија азилантите, а тие и така се третираат овде ако еден редовен работник сезонски таму зема 10 марки, да речеме азилантот зема 5 марки. Македонија е земјоделски регион и можат да се вклучат барем во овој период како сезонски работници и нешто да заработат, така што би се растоварил буџетот на Републиката за нивното издвојување. Понатаму

имаме напуштени села бидејќи сега посебно селото се актуализира за неговото урбанизирање, а имаме напуштени села и земјиште, а тоа земјиште во овој момент е исто така многу битно и на кое што треба да му се даде важност, а тие луѓе можат тоа да го прават бидејќи изразија желба да работат било каква работа. Мислам дека може тука нешто Владата да направи со една систематизација.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и предлогот на заклучокот го ставам на гласање.

Кој е за,молам да крене рака. (Пратениците креваат рака)

Дали има некој против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието го усвои Заклучокот.

Минуваме на **точката 16** - Предлог на одлука за избор на надворешни членови на Комисиите на Собранието на Република Македонија од редот на научните и стручните работници.

Предлогот на одлуката, што го поднесе Комисијата за прашања на изборите и именувањата Ви е доставен.

Изборот на надворешни членови на комисиите ќе го извршиме во целина врз основа на Предлогот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата.

Преминуваме на избор на надворешни членови на Законодавно-правната комисија.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор? /Никој/

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Предлогот го ставам на гласање?

Кој е за предлогот, молам да крене рака?(Пратениците креваат рака).

Дали има некој против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласањето (Никој)

Констатирам дека за надворешни членови на Законодавно правната комисија се избрани Јордан Дескоски, Бахри Исљами, Кирил Андоноски, Јосиф Талевски, Симеон Гелевски.

Преминуваме на избор на надворешни членови на Комисијата за општествено политички систем.

Отворам претрес

Молам кој бара збор?

**СТОЈАН АНДОВ** (продолжение)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот

Предлогот го ставам на гласање.

Молам кој е за предлогот молам да крене рака. (Пратениците креваат рака).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање (Никој).

Констатирам дека за надворешни членови на Комисијата за општествено политички систем се избрани д-р Стојмир Михајловски, мр. Гордана Стојановска, и Слободан Чашуле.

Преминуваме на избор на членови на Комисијата за општествен надзор и претставки.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот молам да крене рака (Пратениците креваат рака ( Благодарам.

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласањето? (Никој).

Констатирам дека за надворешни членови на Комисијата за општествен надзор и претставки се избрани Никола Кајчевски, Киро Соневски и Илија Богданов.

Преминуваме на избор на надворешни членови на Комисијата за економска политика и развој.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Предлогот го ставам на гласање.

Кој е за предлогот молам да крене рака (Пратениците креваат рака).

Дали има некој против (нема).

Дали некој се воздржува од гласањето ? (Никој).

Констатирам дека за надворешни членови на Комисијата за економска политика и развој се избрани Џевдет Хајредини, Мијалчо Наков, Никола Наумовски и проф. Димитар Кокаревски.

Преминуваме на избор на надворешни членови на Комисијата за заштита на човековата околина.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот го ставам на гласање.

Кој е за предлогот, молам да крене рака. (Пратениците креваат рака ) Благодарам.

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласањето ? (Никој).

Констатирам дека за надворешни членови на Комисијата за заштита на човековата околина се избрани д-р Митко Панов, д-р Михаил Токарев и Јосиф Станевски.

Преминуваме на избор на надворешни членови на Комисијата за градежништво и урбанизам.

Молам кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Предлогот го ставам на гласање.

Кој е за предлогот молам да крене рака. (Пратениците креваат рака ) Благодарам.

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека за надворешни членови на Комисијата за градежништво и урбанизам се избрани Никола Павловски, Боро Јосифов и Трајче Чкатровски.

Преминуваме на избор на надворешни членови на Комисијата за стопанство.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Предлогот го ставам на гласање.

Кој е за предлогот молам да крене рака? (Пратениците креваат рака ) Благодарам.

Дали има некој против (Не)

Дали некој се воздржува од гласање (Никој).

Констатирам дека за надворешни членови на Комисијата за стопанство се избрани д-р Блажо Боев, Трпе Јаневски , Андреа Јосифовски и Горѓи Гајдов.

Преминуваме на избор на надворешни членови на Комисијата за земјоделство и шумарство.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор.

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот

Предлогот го ставам на гласање.

Кој е за предлогот молам да крене рака. (Пратениците креваат рака). Благодарам.

Дали има некој против. (не)

Дали некој се воздржува од гласање (Никој):

Констатирам дека за надворешни членови на Комисијата за земјоделство и шумарство се избрани проф.д-р Кирил Филев, профд-р Борис Трпков и инж. Владимир Лазаревски.

Преминуваме на избор на надворешни членови на Комисијата за образование наука и култура.

Отворам претрес

Молам кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Предлогот го ставам на гласање.

Кој е за предлогот молам да крене рака (Пратениците креваат рака ) Благодарам.

Дали некој е против (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање (Никој).

Констатирам дека за надворешни членови на Комисијата за образование, наука и култура се избрани Владимир Милчин, д-р Стојан Ристевски и Џемаил Максут.

Преминуваме на избор на надворешни членови на Комисијата за здравство.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор?

**ЏУЛИСТАНА ЈУМЛЕРОВСКА:**

Почитувани пратеници, Комисијата за здравство на својата претпоследна седница од 20 јуни оваа година го разгледуваше составот на надворешните членови предложени за работа во нејзин состав, при што одлучи на Собранието да му предложи наместо д-р Адамов да влезе поранешно предложениот кандидат Томе Анакиев од проста причина што тој беше предложен во оваа комисија и избран со тајно гласање на демократски начин од предложените 6 кандидати при што двајца

останувaат, а само еден е сменет, а истиот беше верифициран од страна на Комисијата за избор и именување на седницата одржана на 12 односно 29. Не знам на кој принцип работела оваа Комисија и дали воопшто се работи за било каков принцип затоа што не го знам образложението, меѓутоа ако е само заради тоа што се работи за член кој што не е лекар, никаде во Деловникот не стои дека сите членови на комисијата за здравство треба да се лекари, туку напротив се бараше да бидат стручњаци за одредени области. Во случајов се работи за кандидат кој што е експерт од страна на УНЕСКО прогласен 1983 година, и тоа за областа на здравствено осигурување, здравствена заштита и здравствена статистика.

Предлагам Парламентот да ги усвои надворешните членови во состав д-р Мирко Спировски, прим. д-р Данаил Симовски и Томе Анакиев.

**НИКОЛА КРСТЕСКИ :**

Листава за надворешни членови од стручни, научни работници беше вратена од претходната седница со цел да се дополни од албанци, турци и останати народности, малцинства и сл. Во таа смисла во Комисијата за здравство предложија од членовите во Комисија од ПДП албанец, а Адам Адамов го предложија како влав. Во надгласувањето доби потребно мнозинство во рамките на Комисијата каде се врши изборот Адам Адамов, како припадник, меѓутоа самите комисии само припремат предлози, помагаат а изборот конечно го врши Комисијата за избори и именување.

Во однос на стручноста оваа Комисија како посебна комисија не беше во првиот работен материјал предвидена за здравство, исклучиво настојуваа таа да биде од здравствени работници бидејќи во случајов во пратеничкиот состав има 17, бараа посебно да бидат издвоени од Комисија

за социјално здравство и труд, да бидат чисто здравствена, меѓутоа и тој приговор не држи. Тој е економиста , овде чисто се вршеше промена таму каде предлагаше ПДП. Бидејќи оваа беше своевремено специјализирана за што и самите бараа, тој беше економиста и со гласање , со прегласување беше избран лекарот д-р Адам Адамов како припадник на малцинство.

**ЏУЛИСТАНА ЈУМЛЕРОВСКА :**

Јас се извинувам што се јавувам уште еднаш за збор, никој ништо не приговори за квалификациите на д-р Адамов кого лично го познавам и го ценам како стручњак. Стана збор за работа во принцип заради тоа што се бараше ексепрти за одредени области, а тоа што се работи за еден економиста кој што е нотиран од страна на светска здравствена организација за стручњак во областа на 3 значајни области од здравството осигурување, заштита и статистика, само го нарушува принципот за кој што рековме дека во Комисијата се одлучила да работи со надворешни членови. Според тоа, за мене е проблем за што некој од овие тројца членови односно преостанатите двајца никој не е сменет а е сменета оваа личност.

За квалитетите на д-р Адамов не сакам да судам затоа што реков дека го познавам и мислам дека воопшто не е спорно кога би имало уште места тој да биде член на оваа Комисија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Нас ни останува сега да се изјаснуваме.

Ако оваа забелешка се усвои треба да го вратиме овој предлог на Комисијата за да се изведе повторна постапка. Тоа е работата (пратениците бараат да се гласа по предлозите).

**НИКОЛА КРСТЕСКИ:**

Комисијава се вика за здравство и тоа треба да го сфатите, има за економија, финансии, стопанство и сл. Кога сакаа посебна комисија не им требаа економисти, и претходниот министер за здравство кажа дека тие треба да бидат и материјалната база и здружениот труд во една. Тие се издвоија, сега им треба економиста, меѓутоа Комисијата за здравство е, профилот одговара, од народноста е , треба да се стави на гласање. Доколку не се изгласа може Комисијата да размислува за нов предлог.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Го ставам на гласање предлогот на Ѓулистана Јумлеровска.

Кој е за молам да крене рака? (Пратениците креваат рака)

За предлогот гласаа 21 пратеници.

Према тоа предлогот не е усвоен.

Дали сакате сега да продолжиме со гласањето колку се против колку се воздржани.

(Пратениците не се согласија да се гласа понатаму)

Тогаш, дали има други предлози околу оваа Комисија.

Бидејќи друг не бара збор предлогот на Комисијата го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (Пратениците креваат рака) Благодарам.

Кој е против предлогот? (1 пратеник)

Дали некој се воздржува од гласање? (3 пратеници).

Констатирам дека за надворешни членови на Комисијата за здравство се избрани д-р Мирко Спировски, прим-д-р Данаил Симовски и д-р Адам Адамовски.

Преминуваме на избор на надворешни членови на Комисијата за труд и социјална политика.

Молам кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Предлогот го ставам на гласање.

Кој е за предлогот молам да крене рака. (Пратениците креваат рака)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржа од гласање (Никој).

Констатирам дека за надворешни членови на Комисијата за труд и социјална политика се избрани: Гоце Милошевски, Ленче Крстевска и Младица Котевска.

Минуваме на **точка 17** - Предлог на одлука за избор на судија на Врховниот суд на Македонија.

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за предлогот на одлуката молам да крене рака. (Пратениците креваат рака):

Дали има некој против (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање (Никој)

Констатирам дека за судија на Врховниот суд на Македонија е избрана Даринка Стојановска.

Минуваме на **точка 18** - Предлог на одлука за избор на претседател на Окружниот суд Скопје.

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за предлогот на одлуката молам да крене рака. (Пратениците креваат рака).

Дали има некој против? (2)

Дали некој се воздржува од гласање (Никој).

Констатирам дека за претседател на Окружниот суд Скопје е избран Генко Андоновски.

Минуваме на **19 точка** - Предлог на одлука за избор на претседател на Окружниот суд Битола.

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор?

**НИКОЛА КРСТЕВСКИ:**

Писмениот предлог за избор на претседател на Окружен суд Битола предлагам да се одложи бидејќи непосредно пред ден два дојде нова претставка во 22 страници, не бев во можност да ја разгледам , не знам дали нешто се повторува од претходните претставки, сметам дека да се даде можност на Комисијата повторно да се разгледаат овие претставки и овој предлог повторно да се испита, со тоа да Комисијата излезе со посебен предлог.

Во прилог на ова имаше доста долга дискусија во рамките на самата комисија и министерот за правосудство укажа дека има потреба од дополнителни проверки во матичниот суд Битола, дали поддршката се

однесува на предложениот кандидат Божидар Кочов или на Васил Кузев односно дали се однесува поддршката рамноправно на двајцата да бидат избрани бидејќи содржината на мислењето на матичниот суд Битола е потпишана од сегашниот претседател и сега овде кандидат, па на содржината се приговараше, тоа беше присутно и во рамките на комисијата и изземајќи ја новата претставка од 22 страни сметам дека треба да ни се даде можност повторно да ги испитаме некој околности.

**ДИМИТАР ДИМИТРОВСКИ.**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, Жалам што од претседателот на Комисијата за избори и именување добиваме таков предлог, затоа што овој предлог од 22 страни како што рече не е потпишан, тоа е анонимка. Не смееме да дозволиме ако сакаме да работиме како правна држава, а сите се декларираме дека целта ни е правна држава да се базираме на анонимки. Ве молам, бидејќи зедов збор ќе ми дозволите да кажам нешто за кандидатот. Секој медал има две страни, јас ќе се обидам доста сувопарно, со јазик на аргументи да ја објаснам другата страна на медалот за Божидар Кочов досегашен претседател на Окружниот суд во Битола и конкурент за тоа место во идниот мандат. Притоа би се задржал на 3 клучни аспекти: неговата личност, неговата професионална работа и евентуално направените грешки од законска или етичка природа. Притоа ќе нагласам дека она што го изјавувам се базира не на кажувања и на прераскажувања туку на документиран материјал. Ќе почнам од 3 аспект и за жал ќе се послужам со малку излитената констатација во овој Парламент дека повеќе пати повторената лага станува вистина, а за Божидар Кочов беше лансирана вешто срочена инсинуација дека незаконски користел станбен кредит од зелениот план.

**ДИМИТАР ДИМИТРОВСКИ:** (Продолжение)

...која подолго време остана да кружи низ битолската чаршија. За жал и покрај тоа што на многу места и многу пати досега Божидар Кочов аргументирано ги демантираше таквите гласини, сеуште кај некои недоволно упатени луѓе можат да поминат и таквите гласини од чаршиските извори за наводната негова кривица. Дали може Божидар Кочов на секого да му ги презентира потребните документи за да ја докажува својата испрасвност. Секако дека не може. Но, затоа пак може и треба сите оние кои службено или на друг начин се запознале со изворните документи да ја соопштат целосната вистина. Таа е:

Прво, дека Божидар Кочов нема користено станбен кредит од Зелениот план.

Второ, дека неговиот станбен кредит е добиен врз основа на нормално спроведена законска процедура. Овие констатации се поткрепени со званични документи кои се приложени со другите потребни документи во досието на кандидатот Борислав Кочов. По однос на ова прашање толку.

Навраќајќи се на првите 2 аспекти, ќе наведам само некои проверени податоци. Божидар Кочов е магистар на правни науки. бил надворешен соработник на Правниот факултет до неговото укинување во Битола. Претседател и член на научно друштво Битола. Има објавено преку 30 научни и стручни трудови. Објавени 2 книги од областа на правните науки. Јавно одбранет научно- истражувачки проект од областа на правото и екологијата. Предавач на млади судии и стручни соработници во Република Македонија организирано од Министерството за правосудство.

За неговиот мандат Окружниот суд во Битола е најдобар во Македонија и меѓу најдобрите во Југославија по квалитет и квантитет на решени предмети. Одликуван од Претседателството на СФРЈ со орден нас трудот со сребрен венец и други одликувања. А за неговата професионална работа се повикувам на писмено дадените мислења од страна на стручните колегиуми од страна на' општинските судови и тоа Прилеп 16 судии, Охрид 13 судии, Струга-12 судии, Ресен 4 судии, и Крушево 5 судии. Доказ се писмените мислења доставени до Комисијата за избори и именувања.

Второ, мислење од Колегиумот на Окружниот суд во Битола 15 судии.

Трето, мислење на Колегиумот на Врховниот суд на Македонија.

Четврто, мислење на Министерството за правосудство и управа и тоа од стариот и новиот состав потпишани од Маневски и Горѓи Наумов.

Петто, мислење на Комисијата за избори именување на ова Собрание. Не знам што треба повеќе. Нека биде забележано дека во ова мое истапување не се служев со познати методи за девалвирање на противкандидатите да би ја истакнал личноста на фаворизираниот кандидат. Сигурно дека и за двата противкандидати можат да се изречат убави карактеристики. Притоа не сакав да сокријам дека еден од противкандидатите е мој личен и фамилијарен пријател за кој секогаш ќе зборувам со искрено почитување за неговата личност. Меѓутоа, и во таков случај, почитувајќи ги правилата на играта, која ние сите мораме да ја прифатиме во име на демократијата и објективноста и правната држава за

која сите се залагаме треба да ја почитуваме предноста на кандидатот што ја добил преку разните форми на изјаснување.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, бидејќи сум член на Комисијата за прашања на изборите и именувањата, во материјалот што ни беше предложен за кандидирање и утврдување кандидати за претседател на судот во Битола, стаса и мислењето предложено од Окружниот суд од Битола, потпишано од кандидатот актуелниот претседател на Судот, м-р Божидар Кочов. Јас имам забелешка од формален карактер и мислам дека не е во ред кандидатот кој што е предложен да дава мислење за себе си и да се предлага себе си како прв кандидат, а да дава негативно мислење за другите противкандидати. Можам да го цитирам мислењето каде што кандидатот Божидар Кочов за себе си вели може повторно да биде избран за претседател на Судот. за вториот кандидат Томислав Симјановски вели не му се дава поддршка да биде претседател на Окружниот суд во Битола и за третиот кандидат вели дека може да биде кандидат за претседател на Судот. Мислам дека оваа постапка е недемократска и дека самиот потпретседател на Судот или колегите од Судот треба да дадат мислење за предложениот кандидат, а не самиот себе си да се предлага за претседател на Судот. Мислам дека целата постапка треба да се врати назад.

**ЗОРАН КРСТЕВСКИ:**

Реакцијата што ја искажувам е како член на таа Комисија. Навистина, се дивам на упорноста на претседателот на Комисијата, а веќе е момент да расправаме и за односите во таа Комисија како ги грдиме и како овде ги' застапуваме ставовите на Комисијата кога и вакви форми како што е оваа

анонимка каде што и на Комисијата расправавме за тие форми дека не можат да бидат основ за дискриминација на луѓето еден таков систем го напуштивме, овде повторно на голема врата ги внесува претседателот на изборната комисија. Дотолку повеќе што денес се држеше седница на Комисијата, беше свесен ова не е в ред и требаше да не запознае со тие 20-тина страници, ако веќе имаше намера преку Комисијата тоа да го разгледува. Тоа е едната работа.

Втората работа и формално- правно ја расчистивме на самата Комисија. Преговарачот на дописот од Колегиумот, стручниот колегиум на Судот, всушност, и како правник не постпил по редот на нештата. Записникот што го доставил од расправата на колегиумот ниту е потпишан, ниту има печат, ниту има оверувачи записници како што се оверуваат, ниту има датум, ниту ништо. Ние на такви работи како Комисија не веруваме. Ние го ставивме она што е званичен документ од Окружниот суд во Битола и тоа беше мериторно во одлучувањето заедно со мислењето на Правосудство и на Врховниот суд. Оттука, мислам дека навистина не е ред, така да кажам, кога се расправа аз нешто што во постапка сме го утврдиле сега да се враќаме назад и ја губиме меѓусебната доверба. Мислам дека треба да постапиме исто усогласени како при изборот на претседател на Окружниот суд во Скопје.

**САНДЕ ДАВЧЕВ:**

Морам да кажам дека со овие претставки е редовна процедура пред самиот избор. Ако некој има, јас дискутирам и на Комисијата, секоја

претставка да оди на јавно обвинителство, да утврди ако тој грешел на идната седница ќе го разрешиме. Така, не може претставка да стигнува се при реизбор. Нешто се десило пред 4 години, некои не реагирал, сега доаѓа реизбор, и некој си дава претставка за било кој. Ова го зборувам за сите претставки. Сите претставки по мене треба да одат во Јавно обвинителство, ако е тој крив да го разрешиме, секогаш можеме да го избереме и да разрешиме. А не може при реизбор, претставка да се даде и дај сега да ја разгледуваме претставката за нешто што се случиле пред 4 или 5 години.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, иако со задоцнување цела Комисија ние ќе се редиме и да објаснуваме некои работи, а мислам дека тоа е како резултат на некоректниот однос на претседателот на Комисијата за избор и именувања кој како известител на таа Комисија требаше целосно да го пренесе ставот и претседателот на Собранието кој веднаш го прифаќа одреден избор, мислам неговиот предлог да се одложи до одредено мирување. Бидејќи јас морам да истакнам, а повеќе кажа членот на Комисијата Зоран Крстевски, се водеше одредена принципиелна расправа таму, и за конкретниот случај. Ние почнавме прв пат именување, овие окружни судови, претседателите беа на Комисијата за избор и именување, а мораме да кажеме дека претходното именување за претседател на Окружен суд во Скопје беше останато од претходната Влада на седници на Собранието, расправања и во присуство на министерот за правосудство се договоривме од принципиелен аспект, бидејќи немаме изградено критериуми во однос на сегашнава фаза за именување на правосудни

функции кои ќе бидат со новиот устав, ќе се вика правен совет што наговараше на завчерашната седница, што зборуваше и министерот за правосудство, па рековме за нас најосновни и најбитни компонентни при утврдување на предлогот е стручното мислење на надлежниот суд односно повисокиот суд, стручното мислење на Врховниот суд кој врз основа на свои критериуми ги цени, контролира, дава извештаи и надлежното мислење на Министерството за правосудство. Врз основа на тие критериуми почнавме да работиме и да даваме предлози за избори и именување. Во таа смисла беше и даден предлогот на оваа Комисија за предложениот кандидат.

Од друга страна ние расчистивме едно принципиелно прашање. Комисијата за избор и именување не е суд и не отвора материјална расправа по претставки и предлози. Беше речено и таму го реков, а и пред ова Собрание ќе кажам судија во својот стаж, особено овие судел 100, 200 или 300 предмети, тој ако судел 200 предмети, 100 ослободил, а 100 осудил. Претставка жалба, 100 ќе има да го фалат, а 100 ќе има да го кудат.

Со министерот принципиелно расчистивме, секоја претставка до доаѓа до Комисијата, секоја претставка аз претставки и поплаки до нашата Комисија веднаш согласно на Деловникот да бидат враќани до надлежната комисија и министерот и претседателот на Врховниот суд доколку има одредени услови, направени прекршоци, злоупотреба, моралниот лик, тогаш веднаш надлежното министерство на наредната седница на Комисијата и на ова Собрание ќе даде предлог на разрешување. Тие беа основни, принципиелни поаѓања во однос на именувањата на сите овие носители и на правосудни функции

Не би сакал да навлегувам за личноста, но мора членовите на комисијата да кажат, јас имам и сум задолжен бидејќи сум од општина Ресен, подрачје кој го покрива тој суд за неговиот лик важеше и мислењето на претседателот на Врховниот суд кој го имаме ние и кој кажа дека е еден од најдобрите судови и претседатели на окружни судови, а јас мислам дека не би требало да навлегуваме во таа смисла. Би кажал само во однос на одредени појаснувања за вас, ние и кој беа одредени истакнати кандидати на предлогот на пратеничката Доста, во однос на мислењето на стручниот колегиум сите се допуштени. Тоа е мислење на Стручниот колегиум кој го потпишал претседателот на судот. Мислам дека во расправата Комисијата и вториот кандидат кој беше допуштен од страна на Окружниот суд, од Колегиумот на Окружниот суд по насочување и инсистирање на одредени членови на Комисијата, министерот за правосудство доколку за него во изградување на мислење покрај стручноста е битно и мислењето на самиот колегиум. Тој на комисијата му предложи, доколку Колегиумот на Окружниот суд во Битола има мислење аз другиот кандидат, јас на Комисијата го поддржувам тоа мислење. Комисијата за избори и именувања се изјаснуваше за 2-та кандидати кој се допуштени од Окружниот суд. Во нормална постапка во која сите ние бевме, беше утврден и предложен на ова Собрание кандидатот кој ви е доставен со предлог- одлуката. Овие се принципиелни работи, а во однос на неговите заслуги служат и одредени други, не би сакал да навлегувам во тоа, можам и писмено да кажам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јавува претседателот на Врховниот суд на Македонија.

**ВЕЛКОВ ТИХОМИР (ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВРХОВНИОТ СУД НА МАКЕДОНИЈА):**

Господине претседателе, дами и господа пратеници. Навистина невообичаено, меѓутоа, предизвикано морав да се јавам. Тоа од проста причина што навистина денес расправаме за една личност кому му се импутираат работи кои воопшто не стојат. Слободен сум да кажам дека сите оние работи што се внесени и во анонимки и во сите други достави се испитани од страна на Врховниот суд. За него сме расправале на општа седница и утврдено е дека нема никаква врска околу злоупотреба со користење на кредитите. Утврдено е дека нема никаква врска со сите други таму достави околу кои се сака да се дискредитира личноста. Меѓутоа, морам да кажам дека се работи за личност кој е навистина еден од најдобрите претседатели на окружните судови. И не само на окружните судови. за време на негово претседателствување Окружниот суд во Битола покажува најдобри резултати. Сите општински судови на тоа подрачје се ажурни, зависно од степенот на ажурноста, а забелешката што е во врска со мислењето дадена од Колегиумот јас само толку да кажам дека тој е претседател на судот и за него е нормално да се каже дека може повторно да биде избран, за разлика од друг кандидат за кого треба да се каже дека може да биде кандидат за претседател. Не знам дали некакви недоразбирања во оваа смисла. Во тоа не би требало да се впуштаме. Врховниот суд на Македонија едногласно даде мислење дека навистина нема никакви забелешки за изборот на кандидатот Божидар Кочо.

**АЛИЛ ЏАФЕРОВСКИ:**

Почитувани пратеници, голем дел од она што мислев да го кажам, го кажа и претседателот на Врховниот суд а и другарот Гештаковски, на оваа

говорница не дојдов да бранам личност, но како пратеник апелирам и до сите вас и како Парламент мора да го заштитиме независното судство и да не дозволиме врз основа ан анонимки кој се пишувани од времето кога весникот"Политика" ловеше низ Македонија се и сешто, па сега се земаат како нови работи, а нема врска со вистината, да не дозволиме д^ се рушат односно да се дискредитираат личности кој навистина чесно си ја вршат својата работа и кои со својата работа докажуваат дека тие органи кои ги водат се ажурни и до крај чесно ја извршуваат работата. Ние пред извесно време овде ги гледавме извештаите на окружните и општинските судови и со најдобра оценка Окружниот суд во Битола беше оценет од Врховниот суд односно од Министерството за правосудство. Молам, сметам дека овој Парламент нема да дозволи да се дискредитираат личностите кои работат во Правосудството и да се стават во зависна состојба доколку сакаме правна држава и доколку сакаме во таа правна држава да функционираат независно органите кои ги спроведуваат функциите на правната држава.

**НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ:**

Трите кандидати, колеги кои се предлагаат односно во мислењето се наведуваат како кандидати за претседател на суд. Не ги познавам физички никого од нив, .меѓутоа останува принципиелана една работа. Се состанувал стручниот колегиум на Окружен суд, кој го претставувал претседателот на Окружниот суд под број 1 е м-р Божидар Кочов. Овој колегиум расправал за адвокат дали може да има место да биде претседател на суд или не. Тој ист човек кој се предлага себе за кандидат пишува и вели:

"Стручниот колегиум на судот не му даде поддршка на Томислав Симјановски за кандидат."

Ве молам, дали може Стручниот колегиум на Судот да одлучува дали овој човек ќе може или не. Јас сметам оваа работа да се побара сега и од Адвокатската комора на Македонија дали ќе може овој човек да ги исполнува условите или не. Затоа што и адвокатурата е дел од правосудниот систем. Според тоа, молам една работа, за мене е евидентно 2 луѓе, првиот и третиот кој се во судството можат да бидат претседатели. Дали ова не беше, затоа што третиот не е нивни кандидат, па не може да биде. Затоа, анонимката јас не ја сметам за некој акт кој траба да не води ваму или онаму. Меѓутоа, за едно искажување на незадоволство со постапува едно прашаше зошто за овие други 2 кандидати немаше барем една пофалба наместо анонимка.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Јас не знам дали овој човек ние го судиме или го гласаме за претседател. Мене ми се чини дека го ставаме пред суд. Дури имаше еден тука, нека ми прости не го знам, од Врховниот суд . Тоа ми се чини дека е една одбрана на една личност кој сам се наметна во ова Собрание да биде изгласан. Јас таков впечаток имам. Нема правна држава и никогаш нема да постои кога една личност јас не го познавам човекот кој сам си потпишува и прибира околу него пријатели да го гласаат. И тој човек ова Собрание да ни го наложува. Јас не знам како сега тој човек ќе биде примен во општина Битола. За мене тоа, нека ми прости, е нискост. Колегиум од тројца луѓе. На чело на колегиумот претседателот кој сам се предлага пред ова Собрание да биде претседател. Јас не знам но ние тука дојдовме да гласаме и да избереме претседатели кои ќе ја водат оваа правна држава, кои ќе го прекинат едноумието. Јас како човек повеќе пати односно постојано сум меѓу народот. Илјадници наши деца чекаат работа. Кога тие ќе дојдат на таа положба да бидат судии, претседатели на судови и не знам како. Тие се по улиците, по кафеаните или работат во странство. Сега што правиме. Истите, па истите. Нема правна држава со истите па истите.

**БЛАГОЈ ТОШЕВ:**

Познавајќи го лично предложениот кандидат тој што е од Битола, јас почитувам дека пред овој Парламент гласам за Комисијата за именување. Мислам членовите кои што ги избравме тука како членови на Комисијата за именување, јас кренав два прста за нив. Според тоа како пратеник сметам и им давам целосна поддршка на Комисијата, а Комисијата кога ги

разгледуваше сите овие судии кои што треба ние денес овде да ги разгледаме, односно да ги избереме, да донесе став така што од 12 членови 8 гласаа за предложениот кандидат, а 4 беа против. Според тоа јас го поздравувам предлогот на Комисијата и ќе гласам за него.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Ние денес оваа точка за именување што ја имаме некаде од прилика е 20-та или 30-та што досега ја имавме во овој мандатен период и сите забелешки кои беа истакнати во однос на тоа дека нема кандидати , дека треба да се менуваат одредени кадровски состојби итн., држат принципиелно.

Се сеќавам во една прилика господинот Јордан Бошков, мислам втората или третата седница кажа дека принципиелно треба да се залагаме доколку има само еден кандидат да не вршиме избор, туку да се јавуваат повеќе кандидати. Додека сите други избори и именувања кои беа минаа без забелешки или и евентуално со некои технички забелешки, а сега во оваа точка од дневниот ред почнаа да се влечат аргументи,' почнувајќи од формално- правни до суштински до некои замаглени итн. Мислам дека сето тоа држи да се расчисти во рамките како што кажа господинот Гештаковски, во рамките на Министерството за правосудство во координација за Комисијата за избори и именувања и сите тие нерасчистени проблеми да не ми се наметнуваат на нас овде пратениците и да вршат поделба меѓу нас за некои банални работи. Тоа е општо принципиелно што сакам да го кажам.

Сакам накратко да кажам нешто конкретно за случајот.

Со оглед што ги познавам двајцата кандидати и лично и стручно, затоа што стручно сум работел со тој Суд, а само принципиелно би споменал нешто.

Пред месец дена ние без никакви забелешки го поддржавме извештајот за работа на Окружниот суд во Битола. Во рамките на она што и претседателот на Врховниот суд кажа се работи за Суд кој навистина во лествицата на хиерархијата по работата во изминатиот период стои на врвот во Република Македонија и спротивни аргументи не постојат, а претседател во тој мандатен период кога се даваа такви оценки е соодветниот кандидат м-р Божидар Кочев. Јас еве за некоја среќа или несреќа ја познавам и другата страна на мрдалата. Практично се работи за некои ситни пореметувања на човечки односи во судот кои лично од оваа говорница би му ги упатил на претседателот односно кандидатот за претседател предложен од Комисијата за избори и именувања, тој проблем да се расчисти. Инаку кој ги познава состојбите и кој искрено сака да суди и кандидатот м-р Божидар Кочов, во својата област, во граѓанското право е признат и практичар и теоретичар во Република Македонија, тоа е факт, додека другиот кандидат , Васко Кузев е исто така солиден и признат кривичар во Република Македонија. Не постојат никакви аргументи кои можат за тие двајца кандидати да се кажат по однос на стручност. Веројатно се работи за одреден личен однос кој сметам дека треба во понатамошната работа тие двајца кандидати да си ги отстранат недостатоците во работењето. Длабоко сум убеден дека други проблеми не постојат и го поддржувам предлогот на Комисијата за избори и именувања што го има утврдено и така ќе гласам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сега се разјасни дека Комисијата сама не отстапува туку претседателот само се поколеба. Значи Комисијата не отстапува од својот предлог, туку претседателот на Комисијата дошол до нов материјал за кој мислеше дека е доволно да се преиспита случајот. Така јас го сфатив. Јас прво мислев дека во име на Комисијата настапува, но не во име на Комисијата туку во свое име. Тогаш останува основниот предлог на Комисијата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Заради она што го започнавме овде во Собранието јас лично не би сакал да добиеме претседател на Судот со прегласување уште полошо би било ако биде партиско прегласување.

Според овие дискусии што овде денес паднаа, одлуката ги водела во таква насока, во партиско прегласување. Ако се лажам би било до толку подобро.

Бидејќи претседателот на Врховниот суд на Македонија кажа овде дека Врховниот суд расправал за дел од овие анонимки што се овде против овој кандидат, Комисијата мислам дека би било добро да предложи одлучувањето да се одложи од денешната седница затоа што еве гледам колку сме присутни овде во салата и не верувам дека , според сегашното расположение ќе добиеме одлука за избор на претседателот на Судот. Од тие причини сметам дека не е добро да се прегласуваме. Нека се произнесе Министерството за правосудство по овие наоди и Врховниот суд, па тогаш обврска за ова Собрание да биде мислењето на овие два надлежни органи кои ја следат и ценат законитоста во работата на овие судови.

**НИКОЛА КРСТЕВСКИ:**

Во однос на овој предлог многу идеалистички се пристапува од многу страни. Едно ако одиме во строг формализам, оваа објава за ова место е во еднопартискиот систем објавена текстуално како реизбор што е директно спротивно на законот. Судовите на здружениот труд зборот реизбор доколку во објава стои се поништува. Меѓутоа, да не се оди во голема тенденција туку секој самостојно да си заземе став.

Се јавувам директно во однос на министерот за правосудство случајно е отсутен, бидејќи има и други обврски, не се само процедурални, како што и ние Комисијата имаме други обврски. Министерот настојуваше енергично да се оди и ние пред расправа во рамки на Комисијата во однос на мислењето од матичниот Суд Битола, бевме договорени службено да одиме. Тој дојде како нов на работното место и до самиот состанок на Комисијата тие работи не можевме да ги допровериме. Разликата е во тоа, во записникот стои дека се поддржуваат за реизбор двајцата кандидати, Божо Кочов и Васил Кузев .Меѓутоа во содржината на писмото, не е важно на крајот што не треба да го потпише, но нека го потпише, ја менува содржината, значи не стои дека двајцата се поддржуваат за реизбор , туку тој се поддржува сам за реизбор, а другиот може да биде кандидат. Министерот настојуваше ова да го допровериме, меѓутоа, да не идеализираме, кадровска политика се води, беше еднопартиски систем, сега е повеќепартиски, треба да се предвидуваат и различни мислења и едно да знаете. И во нови избори кога ќе одиме ние до колку истите кадри ги задржиме, не знам колку ќе не гласаат и нас.

**САНДЕ ДАВЧЕВ:**

Целата процедура на Комисијата изгледа сакаме да ја пренесеме и на Собранието. Сакаме и Собранието да одлучува за сите детални работи. Тогаш треба сите материјали да ги доставиме а сега само убацуваме некои податоци. Мислам дека нема смисла така да работиме.

Ако господин Крстевски зборува за поранешниот еднопартиски систем, дека е тоа конкурс за реизбор, тогаш ние не требаше да ги избереме сите претходни, бидејќи и претходните беа од старото едноумие, како што го нарече. Така да јас воопшто не се согласувам со едно такво мислење.

Второ што сакам да кажам дека Македонија е многу мала земја. До кога ние нашите кадри ќе си ги уништуваме. Малку ги имаме и тие ќе ги уништиме.

**АЛИЛ ЏАФЕРОВСКИ:**

Сакам да обрнам внимание дека е недопустливо до овој степен да се има недоверба од поедини пратеници до органите на правосудство кои имаат дадено мислење и недопустливо е да се иживуваме со кадри кои на оваа Република сигурно и се потребни. Не навлегувам јас по имиња и презимиња, ниту по некои идеолошки предрасуди, зборуваме за стручност чесност во извршувањето на работата, а не за ваква или онаква припадност. Ви се молам дајте посериозни да бидеме бидејќи ова навистина веќе почнува да не личи на Парламент кој има сериозни амбиции да прави правна држава.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Изгледа дека треба да читаме некои работи. Јас ќе го прочитам мислењето дадено од Колегиумот на Окружниот суд во Битола.

(пратениците протестираат да не се чита мислењето)

Добро. Јас го поставив прашањето дека треба да се води сметка , да ни се даваат препораки и мислења. Предлагам изборот да се одложи и да се побара мислење од Адвокатска комора на Македонија, а посебно од основната комора Битола, дали кандидатот Томислав Симјановски, адвокат од Демир Хисар може да биде избран за место претседател на Судот затоа што досега тие кои се јавија  имале сознание , териториjално му припаѓаат на овој суд таму и живеат со овој човек. Меѓутоа, не се сетија пратениците овде да кажат за каков совет се работи. Значи еден колегиум на Окружен суд кои сами признаа дека му приговараа на сегашниот кандидат дека треба да ги среди внатрешните работи кои настанале, тие исти луѓе кажуваат дека само на едниот му даваат да биде повторно избран, а другиот да може да биде можен кандидат, а за третиот викаа нема место. Каква е рамноправноста во одлучување за еден орган кога за третиот нема никаков претставник. Затоа Ве молам тоа да се одложи и да се побара од основната адвокатска комора Битола мислење за овој човек.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Сакам да апелирам на малку логика, а особено за оние правници кога таа не ја применуваат.

Вториот кандидат не може да биде повторно избран бидејќи досега не бил претседател на судот. Само првиот претседател бил досега претседател на судот и тој единствено може да биде повторно избран за претседател на судот. Затоа фактички,двата кандидата се предлагаат со тоа што за првиот кандидат се предлага повторно да биде избран бидејќи и досега бил, а вториот се утврдува како кандидат бидејќи досега не бил претседател.

**НИКОЛА КРСТЕСКИ:**

За реплика молам. Тоа што сега ние недоволно ги познаваме а другарот потпретседател, па најмалку знаење покажа. Конкретно, се работи за избор со неограничено траење на мандатот. Кажав идеална стручност на Божо Кочов, а не знае да го формулира правно. Може да биде избран без ограничување на траење на мандатот, а не повторно. Тоа е уште поголема пропуст.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Реплика уште една. На 26 репликите преовладаа.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Имам две реплики. Една на господинот Томе Стојановски и друга на Никола Крстески.

Веројатно господинот Томе Стојановски изврши алузија на мене дека јас сум пратеник од Демир Хисар и соодветниот кандидат негов колега Симјановски. Тој кандидат не е од Демир Хисар.

Тој само има повремена адвокатска канцеларија таму, инаку е во Битола и лично не го познавам. Таа алузија ја отфрлам дека не се залагам за него. Тоа е прво.

Второ, за Никола Крстески мислам дека чесно е нашиот личен однос према одредени луѓе го отфрлиме од оваа говорница.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Бидејќи сум доведен во една конфузна ситуација, за кој да го дадам гласот, а навистина сеедно ми е бидејќи не ги знам луѓето, но најдов за сходно да кажам неколку работи.

Уште при самиот избор за пратеник бев соочен да од Врховниот суд на Македонија кој што е врховна инстанца да ја дел^ правдата да тој суд не ја дели правдата. Најодговорно ви го кажувам тоа.

Понатаму, секој ден ние како пратеници сме опсипани, буквално со луѓе кои што, каде што и најпрост човек, што нема врска со правото, не сум правник по струка може да согледа тешки неправди кон тие луѓе. Тука се работи за тешки корупции, не знам како да ги наречам, врски помеѓу милицијата, помеѓу правосудните органи. Испреплетено е тоа се меѓу себе. Тоа е еден систем што ние ако го сакаме доброто на оваа земја мораме да го рушиме. Од тие причини во истиот тој контекст ја гледам и таа препорака, од Окружниот суд на Битола за кој да се гласа.

Би ве замолил уште еднаш пред да го дадеме својот глас, особено за нас што не сме определени, гледам дека пратениците од Битола не знам од која партија припаѓаат се определени, да размислиме за кој да го дадеме гласот за вистина на народот, а не како што беше досега, и како што е сеуште, тој суд поштено му суди на народот.

**СТАМЕНОВ:**

Јас мислам дека ние сакаме да имаме судство кое ќе работи самостојно. Очигледно е, јас три-четири дена го пратам овој проблем, независно, а не ги познавам луѓето меѓутоа очигледно е две партии сакаат да се наметнат и да биде судството зависно. Ако така продолжиме ниту една институција во оваа земја, од која сакаме да се направи држава и правото да владее мислам дека нема да ни успее.

Затоа и ние, претседателот наш одложи една точка пред овие точки, затоа што изборната комисија не се согласи со неа. Бидејќи ние имаме предлог од Комисијата и претседателот на Комисијата требало на Комисијата ов*е прашања да ги реши. Ако не е способен овие прашања да ги решава на Комисијата, тогаш ќе дојде овде ќе си поднесе оставка, ќе се избере друг претседател кој ќе може таму на лице место да ги решава проблемите.

Затоа предлагам бидејќи ние според деловникот немаме и други можности, ние можеме единствено да гласаме по Предлогот на комисијата или да не гласаме по предлогот на Комисијата. Други можности немаме и затоа предлагам да престанеме со ова, да се изјасниме аз овие кандидати и што е најлошо претседателот на Врховниот суд даде свое стручно мислење за овие луѓе таму. И претседателот на Врховниот суд дал позитивно мислење за двајца, не за еден човек, не бил пристрасен. Комисијата имала можност да се изјасни и таа се изјаснила и нас ни презентира еден предлог. Ние треба по тој предлог да се произнесеме. Ако не го прифаќаме тогаш ќе се врати тој материјал на повторно разгледување. Јас предлагам за материјалот да се гласа и да се реши.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Почитувани пратеници, јас би сакал да го изнесам своето мислење во двојно својство. И како член на Комисијата за избори и именување и како претседател на Комисијата за внатрешна пол^тика и општонародна одбрана.

Прво, имам една забелешка на однесувањето на претседателот на Комисијата на избори и именување, бидејќи ние се сеќаваме сите членови дека водевме опсежна и дебела расправа околу изборот на претседатели на окружните судови во Скопје и во Битола. Мислам дека таму некои работи расчистивме, утврдивме дури некои појдовни позиции како понатаму како комисија ќе работиме во врска со кадровските решенија, што впрочем мислам дека добро го изложи и го објасни пратеникот Гештаковски.

Второ, како претседател на Комисијата за внатрешна политика, а и сите вие како пратеници изгледа помалку со кусо памтење сме. Ние пред месец дена усвоивме извештај за работа на сите судови,Меѓу другото и на Врховниот суд и во таа смисла го одбивам нападот на Пановски врз работењето на Врховниот суд со паушални оценки. Ние дадовме позитивни мислења особено и во таа смисла беше искажано позитивното мислење за работата на Окружниот суд во Битола. Мислам дека тогаш на таа комисија беа искажани многу работи кои ги расчистивме. Оттаму, не ми е јасно сега залагањата на Крстески, работите да се враќаат назад на Собранието и Собранието да се претвара во некоја судбина околу таа работа.

Морам да ви кажам дека во оптек се такви работи во врска со претседателот што се предлага за Окружниот суд, односно не се постигнуваат вистински аргументи и меѓу другото во оптек е дека неговата сопруга не била Македонка односно Италијанка.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Реплика од господин Пановски.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Дека мојата оценка за Врховниот суд не е паушална сега ќе аргументирам, бев повикан.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не го расправаме тоа.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Не го расправаме, но јас сум повикан овде и сакам да докажам . Ќе ве молам, моето име е повикано тука дека давам паушални оценки и сакам сега во кратки црти да објаснам дека не давам паушални оценки.

Врховниот суд на Македонија за време на изборите, според член 16 или 17,не знам кој од Законот за избори,за именување и отповикување пратеници е должен при жалба за било кој пратеник во рок од саат време заседава и одлучи, како и веднаш таа жалба ја проследи до општинскиот орган за избори. Против мене беше поднесена жалба, Врховниот суд на Македонија три дена и три ноќи си ја држеше во фиока таа жалба. Тоа значи се калкулираше, се чекаше да се види колку пратеници од која партија ќе дојдат, па ако ВМРО има повеќе, пример сега овој не му даваме или обратно.

И во однос за извештаите на судовите многу добро знаеме, претседателот на ЗПК може да излезе да го каже тоа, какви се тие извештаи, како се напумпаваат и дека некој тука од пратениците само креваат рака за усвојување на извештаите.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, на кого реплика сега.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Нека ми прости господинот што е тука, пак ќе се обратам,не го знам кој е, и не знам никој.

Читав во весникот пред три-четири месеци во Битола имаше една голема афера,па ќе го замолам господинот ако е тука лично да ни објасни што тој сторил да ја сопре аферата или да открие.

(Реагирање на пратениците)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, ајде да работиме како Собрание навистина.

Има збор господин Ханџиски.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Додека излегував некој рече дал да плачам или да се смеам. Мислам дека веднаш треба да се прекине расправата заради што можеби има и најдобри намери. Се што направивме денеска покрај тоа што ни е деловничка должност е да нанесеме штета и на првиот w на вториот и на третиот кандидат, било кој да биде избран, и на правосудството на Македонија и на таа правна држава за која што сите плачеме и се залагаме.

Претседателот на Врховниот суд е тука, има мислење од Врховниот суд до Комисијата, претседателот на Врховниот суд реафирмира дел од тие становишта , министерот за правосудство има свое мислење и министерот за правосудство беше тука, дела од расправата слушаше, моментално е некаде надвор.

Комисијата има расправано аргументирано, има донесено свој предлог и нема никаква потреба понатаму со нашите дискусии да им нанесуваме штета на сите кои дискутираме. Дајте ги сите предлози на гласање и таа работа треба по деловнички пат да се прекине затоа што со секое додатно одлагање кој да биде избран отвораме простор за нови оговарања и нови изјави во смисла прочитав во весник за таква и таква афера, што не смее да дозволи ниеден пратеник кој што иам ваква обврска пред македонската јавност за сериозни проблеми да се служи со информации кои што доаѓаат ...

(Реагирање на пратеник од место)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, навистина кога ќе добиете збор можете се да кажете, меѓутоа само кога ќе добиете збор ќе кажете што знаете.

Молам, дали некој друг бара збор, или да се договориме како да завршиме.

**ТОМЕ СТЕФКОВСКИ:**

Целата забуна настанува од ова писмо- давање мислење и потпишано од претседателот на судот. Никаква забуна би немало ако беше давање мислење, предмет пишува не доставува мислење.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам да работиме и да завршиме.

Молам кој е за предлогот на Комисијата Предлогот на одлуката молам да крене рака? (47)

Дали има некој против? (26)

Дали некој е воздржан (6).

Констатирам дека од 79 присутни пратеници 47 гласаа за според што за претседател на Окружниот суд Битола е избран Божидар Кочов.

Минуваме на **точката 20** - Предлог на одлука за избор на судија на Окружниот суд Скопје.

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласаше?

Кој е за Предлогот на одлуката, молам да крене рака? (55 за)

Дали има некој против? (Никој).

Дали некој се воздржува од гласање? (7)

Констатирам дека за судија на Окружниот суд Скопје е избран Ведат Вели.

Минуваме на **точката 21** - Предлог на одлуката за избор на судија на Општинскиот суд Титов Велес.

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за предлогот на одлуката, молам да крене рака? (58 за)

Дали има некој против? (3)

Дали некој се воздржува ?(3)

Констатирам дека за судија на Општинскиот суд Титов Велес е избрана Гордана Софијанов.

Минуваме на **точката 22** - Предлог на одлука за избор на судии на Општинскиот суд Неготино.

Предлогот на Одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Бошков.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Јас го поддржувам предлогот и како што ми е мене познато и за натамошните судии се предлага само по еден кандидат и за сите нив ќе гласам. Имено, сега барав збор во врска со напомената на господин Стојановски.

Вие погрешно сте ме сфатиле тогаш. Јас лично мислам дека оној кој во ова време на превирања сепак се кандидира лично покажува храброст и мислев исто така би било пожелно за унапредување на демократијата да има повеќе кандидати а не ние да не гласаме доколку иам само еден предлог. Јас лично им честитам на тие што се покажале и сепак треба да добијат доверба. Кога има повеќе кандидати би се заложил за тоа да се сторат напори во Собранието вакви расправи VI претреси во иднина да нема.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам дали друг бара збор?

Има збор Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Од принцип барам да ова Собрание изборот за претседател на Окружни суд во Битола го прогласи за ништален.

Причина јас предложив да се побара мислење, дозволете. Додека не помине не може да се поништи.

Јас побарав Парламентот да се произнесе за мислење за третиот кандираат, за кој нема мислење прибавено,адвокатот. Затоа никој за тоа процедурално прашање не се произнесе од Парламентот. Парламентот додека за тоа не се произнесе другите работи се ништавни до моментот на донесување.

(Реагирање на пратениците од место).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Во меѓувреме ние избравме судија на Окружниот суд во Скопје, господине Стојановски доцните.

Вие барате да се изјасни Собранието по тоа?

(Да се изјасни)

Може да се изјасни, јас верувам дека истиот резултат на гласање ќе биде.

Молам да одиме на точката што е сега на дневен ред.

Молам, дали некој друг бара збор по оваа точка, а не по две точки назад. (Никој).

Бидејќи никој не бара збор по оваа точка, молам Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за предлогот на одлуката, молам да крене рака. (Пратениците креваат рака).

Дали има некој против? (еден)

Дали некој се воздржа од гласање? (пет)

Констатирам дека за судии на Општинскиот суд Неготино се избрани Аница Јанкова и Лазар Ристов.

Минуваме на **точката 23** - Предлог на одлука за избор на судија на општинскиот суд Охрид.

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес .

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Одлуката, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака).

Дали има некој против? (еден).

Дали некој се воздржува од гласање? (три)

Констатирам дека за судии на општинскиот суд Охрид е избран Јован Костовски.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Преминуваме на **24-та точка** - Предлог на одлука за избор на судија на Општинскиот суд Прилеп. Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака).

Дали има некој против? (еден пратеник)

Дали некој се воздржува од гласање (5 пратеници).

Констатирам дека за судија на 0пштинскиот суд Прилеп е избран Стеван Стојчевски.

Преминуваме на **25-та точка** - Предлог на одлука за избор на судија на општинскиот суд Струмица.

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака).

Дали има некој против? (еден пратеник).

Дали некој се воздржува од гласање? (четворица пратеници)

Констатирам дека за судија на Општинскиот суд Струмица е избрана Љубица Стојанова.

Преминуваме на **26-та точка** - Предлог на одлука за избор на судија на Општинскиот суд Свети Николе.

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака).

Дали има некој против? (еден пратеник).

Дали некој се воздржува од гласање?(5 пратеници).

Констатирам дека за судија на Општинскиот суд Свети Николе е избран Стојанчо Атанасов.

Преминуваме на **27-та точка** - Предлог на одлука за избор на претседател на Окружниот стопански суд Штип.

Предлогот на одлуката ви е доставен. Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? Тодор Петров

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Ако има некои присутни претставници од Окружниот стопански суд Штип или од Стопанскиот суд на Македонија да ја објасни апсурдноста на правосудниот систем во Македонија, со тоа што во "Макрпромет" Штип со одлуки на Стопанскиот суд е потврдено дека се легални двајца директори и два работнички совети.

**САНДЕ ДАВЧЕВ:**

Морам да кажам дека изгледа господинот Петров не е добро запознат. Стопанскиот суд регистрира само еден директор и само еден

работнички совет, така што никогаш не дошло до тоа Стопанскиот суд да регистрира двајца. Јас мислам ако има намера да зборува нешто за кандидатот, не треба да се зборува за него, бидејќи го усвоивме

Извештајот и го сметаме како најажурен суд во Македонија. Ако грешам јас, тука е претседателот на Врховниот суд кој може да каже, затоа што Стопанскиот суд не регистрирал двајца директори.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака).

Дали има некој против? (Шест пратеници).

Дали некој се воздржува од гласање? (Пет пратеници).

Констатирам дека за претседател на Окружниот стопански суд Штип е избрана Виолета Јосифова.

Преминуваме на **28-та точка** - Предлог на одлука за избор на судија на Окружниот стопански суд Скопје.

Предлогот на одлуката ви е доставен. Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој). .

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката, молам да крене рака. (Пратениците креваат рака).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Двајца пратеници).

Констатирам дека за судија на Окружниот стопански суд Скопје е избран Никола Манковски.

Преминуваме на **29-та точка** - Предлог на одлука за именување заменик на окружен јавен обвинител Скопје.

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката, молам да крене рака. (Пратениците креваат рака).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (четири пратеници).

Констатирам дека за заменик окружен јавен обвинител Скопје е именуван Стојан Јанкуловски.

Преминуваме на **30-та точка** - Предлог на одлуки за именување членови на комисии за изготвување предлози за именување индивидуални работоводни органи во: Факултетот за драмски уметности, Градежниот факултет во Скопје, Центарот за странски јазици Скопје, Националниот парк "Маврово" Маврови Анови.

Предлозите на одлуките ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлозите на одлуките ги ставам на гласање.

Кој е за предлозите на одлуките, молам да крене рака. (Пратениците креваат рака).

Дали има некој против? (нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Собранието ги донесе одлуките за именување членови на комисии за изготвување Предлог за именување индивидуални работоводни органи.

Преминуваме на **31-та точка** - Предлог на одлуки за разрешување и именување претставници на општествената заедница во органите на управување во: Советот на Институтот за ортопедија и трауматологија Охрид, Собирот на Републичкиот завод за унапредување на социјалните дејности, Советот на Природно- математичкиот факултет во Скопје, Советот на Филозофскиот факултет во Скопје, Советот на Филолошкиот факултет во Скопје, Советот на Вишата земјоделска школа во Битола, Советот на Педагошката академија во Битола, Советот на Факултетот за ликовни уметности Скопје и Советот на Универзитетот во Битола.

Предлозите на одлуките ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлозите на одлуките ги ставам на гласање.

Кој е за предлозите на одлуките, молам да крене рака. (Пратениците креваат рака).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Собранието ги донесе одлуките за разрешување и именување претставници на општествената заедница во органите на управување.

Преминуваме на **32-та точка -** Предлог на закон за ратификација на Конвенцијата на Советот на Европа за трансфер на осудени лица (АС бр. 1394).

Предлогот на законот, извештаите на Комисијата за надворешно-политички прашања и односи со странство и на Законодавно- правната комисија, Мислењето на Владата на Република Македонија, како и Предлогот на заклучокот ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на заклучокот за давање согласност, го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (Пратениците креваат рака)

Дали има некој против? (Двајца пратеници).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека заклучокот по Предлогот на законот за ратификација на Конвенцијата на Советот на Европа за трансфер на осудени лица е усвоен.

Овде ви е поделено барањето на штрајкувачите од Металскиот завод "Тито" и во врска со тоа и Предлогот на комисиите.

Овде имаме предлог од Комисијата за стопанство и таа ги предлага следните пратеници: Петар Георгиев, Божо Рајчевски, Стоиле Стојков, Славјанка Стојановска и Тодор Петров.

Дали се согласувате со овој предлог? (Се согласуваат).

Ако се согласувате, во прва прилика овие наши колеги да се состанат и договорат како ќе ги остварат контактите со Металскиот завод "Тито".

Исто така, до 7-ми групата да поднесе извештај.

Сега предлагам пауза.

Продолжението на седницата ќе го означиме со ѕвоното.

Седницата прекина во 16,35 часот.

(Седницата продолжи со работа во 19,55 часот).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дами и господа пратеници, продолжуваме со работа по точката што Собранието ја прифати во почетокот од денешното продолжување од седницата. Информација за политичко- безбедносната состојба во републиката и земјата ќе поднесе претседателот на Владата господин Никола Кљусев.

Го молам претседателот на Владата да земе збор.

**НИКОЛА КЉУСЕВ:**

(Прилог)

ЕМБАРГО ОД ЧИТАЊЕ

# ИНФОРМАЦИЈА
## за актуелната безбедносна ситуација во земјава и Републикава

Излагање на претседателот на Владата на Република Македонија д-р Никола Кљусев

Скопје, јуни 1991 година

## ИНФОРМАЦИЈА

## за актуелната безбедносна ситуација во земјата и во Републиката

Информацијата се заснива врз актуелната безбедносна состојба во земјава (од вчера и денес), и Републикава предизвикана од раздружувањето на Словенија и Хрватска.

Владата на Република Македонија дава поддршка на дел од мерките на Сојузниот извршен совет за зачувување на интегритетот на земјата и за обезбедување на услови за продолжување на преговорите врз Платформата Глигоров Изедбеговиќ. Истовремено, Владата на Македонија бара, конечно да се овозможи конституирање на Претседателството на СФРЈ.

Информациите со кои располага македонската Влада, укажуваат на следното:

I. Официјалното соопштение на Сојузниот извршен совет:

а) Одлуката на Собранието на Република Словенија од 25 јуни значи политичко- правно и физичко отцепување од Југославија како и одлуките Саборот на Република Хрватска за отпочнување на тој процес. Двете одлуки претставуваат еднострани акти донесени надвор од договорот со другите конститутивни чинители на Југославија и поради тоа се нелегални и нелегитимни, а сите последици на тие акти се неважечки.

б) Постапувајќи во согласност со Уставот на СФРЈ и Заклучоците на Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ од 25 јуни, годинава, Сојузниот извршен совет донесе неотповикливи одлуки
и наредби кои треба да обезбедат нормално функционирање на државата СФРЈ, обезбедување на нејзините постојни државни и внатрешни граници и исполнување на нејзините меѓународни обврски.

в) Сојузниот извршен совет смета за неопходно без одлагање да продолжат демократските разговори за решавање на уставната криза и идното уредување на Југославија со согласност на сите. За да се овозможат ваквите разговори потребно е претставниците на Србија и Црна Гора околу блокадата на прогласувањето на претседателот на Претседателството на СФРЈ од Република Хрватска Стипе Месиќ.

г) Сојузниот извршен совет ги повикува и обврзува сите граѓани на Југославија на мир, непребегнување на насилство и на почитување на Уставот на Законите на СФРЈ.

II. Одлука за непосредно обезбедување на извршувањето на сојузните прописи за поминување на државните граници на територијата на Република Словенија:

1. Заради обезбедување на извршувањето на Сојузните прописи за преминување на државната граница и движење во граничниот појас на територијата на Република Словенија, како и заради обезбедување на извршувањето на меѓународните обврски на СФРЈ и непреченото одвивање на меѓународниот сообраќај и слободното движење на луѓе преку државната граница, Сојузниот секретаријат за внатрешни работи (во натамошниот текст: Сојузниот секретаријат) непосредно ќе преземе, односно обезбеди обавување на работите за контролата на преминувањето на државната граница.

2. Во непосредното обезбедување на извршувањето на сојузните прописи за поминување на државната граница Сојузниот секретаријат ќе оствари непосредна соработка со Сојузниот секретаријат за народна одбрана за да се ангажираат и граничните единици на ЈНА, за

обезбедување на државната граница и на граничните премини и во населените места во пограничниот појас.

Начинот на остварувањето на соработката од став 1, на оваа точка, договорно ќе го утврдат Сојузниот секретаријат за внатрешни работи и Сојузниот секретар ,-за народна одбрана.

3. Кога сојузните органи на управата, односно сојузната организација во обавувањето на работата на контролата на прометот на стоки и патници од својата надлежност на граничниот премин ќе наиде на физички или друг отпор или таквиот отпор може да се очекува, работниците на Сојузниот секретаријат се должни на тој сојузен орган на управата, односно сојузната организација, на нивно барање, да дадат помош.

4. Поблиски услови и начинот на извршување на оваа одлука ќе ги уреди Сојузниот секретар за внатрешни работи.

5. Сојузниот секретаријат за надворешни работи ќе ги информира надлежните органи на соседните држави за привременото регулирање на поминувањето на државните граница на територијата на Република Словенија, по согласност со оваа одлука.

III. Наредба за забрана за воспоставување на така, наречените гранични премини внатре на територијата на СФРЈ.

1. Се забранува воспоставувањето на таканаречените гранични премини внатре на територијата на СФРЈ.

4.-

Со денот на стапувањето на сила на оваа Наредба, таканаречените гранични премини што се воспоставени ќе се отстранат.

2. Сојузниот секретаријат за внатрешни работи и Сојузниот секретаријат за народна одбрана ќе ја извршат оваа наредба.

3. Оваа наредба стапува на сила идниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на СФРЈ".

Исто така, Владата на Република Македонија располага со информации кои укажуваат на подигнатата борбена готовност на највисок степен со ескалација во одделни подрачја. Посебно изострени се состојбите во Краина во кои се евидентирани ранети и мртви во судирите во текот на изминатите 24 часа. И овој дел на земјата, се наоѓа под контрола на Армијата на ова подрачје се прекинати сите сообраќајни и ПТТ врски. Исто така, во ова подрачје е подигната и готовноста на Секретаријатот за внатрешни работи.

Секој час се очекуваат нови информации од страна на Сојузниот извршен совет во кои треба да се укаже како да се регулира и како да се одвива работата на монетарните институции, бидејќи Народната банка на Словенија е прогласена за самостојна, а го задржува динарот за средство за плаќање, исто така како ќе се регулира платниот промет во земјава, особено со девизните средства.

Информирани сме дека има појава на диверзии на пругата меѓу Винковци и Вуковар (оштетена е пругата <&ŕ,> 50 метри), подметнување на три килограми динамит во просториите на СК- движење за Југославија во Загреб и др.

Земајќи ги предвид, горе наведените состојби^во Југославија, условени од актуелната политичко- безбедносна состојба, Владата на Македонија констатира дека на територијата на Републикава засега политичко- безбедносната состојба е стабилна, но поради брзата ескалација на настаните во Југославија предлага:

- да се преземат ефикасни превентивни мерки за заштита на сите стопански, јавни, комунални и општествени објекти од посебен општествен интерес на Републикава/ како и заштита на физички лица.

- Владата апелира до сите политички партии во Републикава да се воздржат од демонстрации и други собири кои би предизвикале дестабилизација на Републикава.

- Владата апелира пратеничката група на ПДП и НДП активно да се вклучи во работата на Парламентот во овие кризни моменти со својата активност да даде придонес во рационалното разрешување на состојбите в6 Републиката и земјава.

- Владата апелира до сите вработени во Републикава да се воздржат од штрајкови и други манифестации.

- Владата на Македонија, располага со сознанија дека за 30 овој месец, се подготвуваат демонстрациите на албанското малцинство, Владата предупредува на последиците на овој чин, посебно во контекстот во општата политичко- безбедносна состојба во Републикава.

- Владата ги задолжува сите надлежни органи и институции да ја следат политичко- безбедносната состојба и апелира на доследно спроведување на севкупната правна регулатива.

- ги задолжува надлежните органи за јавна безбедност да ја зајакнат контролата на сите влезови во Републиката заради контрола на движењето на патниците, стоките и предметите.

- Владата на Македонија укажува дека реакциите на меѓународната јавност се против сецесија, а за зачувување на интегритетот на Југославија преку демократски дијалог.

Со оглед на се ова Владата на Македонија смета дека треба да се дејствува во следните две насоки:

1. Од една страна да бидеме подготвени за преговори и разговори за мирно уредување на идната југослвоенска заедница како сојуз на суверени држави врз нашата платформа, врз за нас прифатливите делови од Платформата на Сојузниот извршен совет и навестената Платформа од страна на претседателите на Република Хрватска и Република Словенија д-р Фрањо Туѓман и Милан Кучан.

2. Владата на Македонија ги има подготвено сите нужки акти за осамостојување на Република Македонија, доколку' и покрај сите наши усилби не дојде до договор за нов Сојуз на суверени југословенски држави, во тој случај Владата на Македонија ќе биде спремна да му ги предложи ка Парламентот тие политички и правни акти, за осамостојување на Република Македонија, а на Вас почитувани пратеници е да ги оцените и прифатите.

26 јуни 1991 година
СКОПЈЕ

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ја слушнавме информацијата од Владата дека ние денеска цел ден работевме фактички треба да оцениме дали да почнеме со расправа или расправата да ја одложиме за утре претпладне.

Има збор пратеникот Томислав Стевковски.

**ТОМИСЛАВ СТЕВКОВСКИ:**

Почитуван претседател, почитувани пратеници,

Ние го ислушавме информирањето на претседателот на Владата господинот Кљусев и јас би се согласил со она што го изнесе, меѓутоа, точката 2 од заклучоците претставува едно однесување кое не би требало да го заслужува нашето внимание и мислам дека во овие судбоносни моменти тој заклучок под број 2 треба да биде конкретизиран во смисла дека Парламентот на Македонија од овој момент ја почнува и започнува постапката за прогласувањето за самостојна и независна македонска држава. Само во такви услови и само во така формулиран заклучок може да има своја цел денеска кога веќе две републики во Југославија ја прогласија својата самостојност.

Во оваа. прилика сакам да го потсетам претседателот на Владата господин Кљусев како и господинот Киро Глигоров на некои негови изјави, што немам намера да ги цитирам, но во основа се сведуваат на тоа дека ако една или било која република, а рековме една ја прогласи својата независност дека тоа ќе го стори и Македонија и нема да биде во остатокот на Југославија што фактички ние треба денеска на оваа седница на Собранието јавно да кажеме дека не сакаме во остатокот на Југославија. Доколку денеска не ја почнеме постапката за осамостојување на Македонската држава како самостојна ние фактички на одреден начин

сакаме да признаеме една состојба за која 100 пати рековме дека не сакаме да бидеме во остатокот на Југославија, туку да ги оствариме вековните стремежи на македонскиот народ за негова самостојна држава.

Поаѓајќи од тие позиции сметам дека треба да,се отвори расправа на денешната седница и сите да се искажеме што мислиме, што год да разговараме, дискутирам^, заклучокот може да биде само еден самостојна и независна Македонија и тоа нејзино прогласување во рамките на постојниот правен систем што го имаме.

Овде сакам да кажам дека она што го изнесе претседателот на Владата е соодветен притисок на пратениците да не се произнесуваме и да не расправаме за судбината на Македонија. Денеска ние расправаме за судбината на Македонија и дали сме заморни и кој е тој што е заморен кога треба да одлучиме за нашата иднина. Таков замор не треба да постои кај никого и од тој аспект јас предлагам денеска да водиме расправа и се договориме за она што е судбоносно за нашиот народ. Судбоносно е за Македонија да биде суверена и самостојна држава и мора да го почнеме процесот токму на тоа остварување на таа вековна цел, а со тоа ќе докажеме дека македонскиот народ во својата вековна борба постоел и ќе постои на овој свет и дека за прв пат по Самоил, по бројните востанија како што се Крушевското и АСНОМ имаме историска шанса да се афирмираме во светот како независна македонска држава. Оваа историска шанса не смееме да ја пропуштиме и поради тоа ќе повторам барам да се води расправа на денешната седница на Парламентот за ова прашање.

**РАТКА ДИМИТРОВА:**

Почитувани пратеници, почитувани претседатели и министри,

Денеска е прв ден од прогласувањето на Словенечката и Хрватската независност. Колку и да е кревка, тоа е факт, кој Македонија ја става во една нова и недефинирана позиција спрема остатокот на Југославија. Затоа, сметам дека секој ден кој ќе помине без реакција од наша страна става тежок товар врз нашите плеќи и може да се толкува како наше прифаќање на таа недефинирана позиција.

Во информацијата која ја добивме од Владата во основа ни се нуди став на исчекување и наострено уво во овој пресуден момент ние не можеме да останеме без јасен став. Се што имаме е зборот и достоинството. Тешко ми паѓа потиснувањето на достоинството на овој народ, на оваа држава затоа што во достоинството е цврстината на духот и двигателот и организацијата на неговата енергија. Тешко ми е тоа да го прифатам и заради нашите деца кои служат војска ширум Југославија, а кои не можеме да ги заштитиме бидејќи не сме господари на својата судбина.

Врз база на Декларацијата на сувереноста на Република Македонија, на Платформата и заклучоците донесени од ова Собрание врз база на ставовите изнесени на оваа говорница од претседателот на Републиката господин Киро Глигоров и претседателот на Владата господин Никола Кљусев, пратеничката група на ВМРО изготви и му предлага на Собранието Нацрт- резолуција со цел тој нацрт заедно со другите иницијативи на пратениците и на државните органи да послужи како подлога за донесување на неопходните уставни закони во согласност со членот 7 од Декларацијата за сувереноста на Република Македонија, неопходни за нејзината независност.

Овој Нацрт- документ содржи под точка

1. Уважувајќи ја фактичката состојба настаната по стапувањето на сила на одлуката за раздружување на суверените држави Република Словенија и Република Хрватска од СФРЈ а врз основа на Декларацијата на сувереност на Република Македонија и определбата за самостојност во случај на настанување на такви околности, Собранието на Република Македонија ја прогласува самостојноста на сувереноста на Република Македонија.

2. Суверено одлучувајќи за свое здружување со други држави, Република Македонија ќе ги преземе потребните дејства за можно пристапување кон Сојузот на суверени држави иницирам од државите Република Словенија и Република Хрватска.

3. Република Македонија ќе учествува во потребниот обем во функционирањето на институциите на досегашната сојуз на држава во периодот до нејзиното згаснување, преземајќи ги, притоа, соодветните обврски и права во својство на еден од шесте нејзини меѓународно- правни наследници.

4. Собранието на Република Македонија ги обврзува сите органи на власта во доменот на своите надлежности да ги преземат потребните дејствија во согласност со оваа Резолуција.

5. Резолуцијата влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Беше изнесена идеа, се јави и пратеникот Јакимовски, ние влегуваме во расправа.

**ЉУБОРМИР ЈАКИМОВСКИ:**

Јас нема да влегувам во расправа само прво ќе го изразам својот протест и своето незадоволство околу начинот на информирањето и усното информирање. Не ми е јасно зошто оваа информација не е поделена на пратениците за подобар увид во нештата. Потод предлогот за одлагање на расправата за утре најблаго речено ми изгледа несериозен и неодговорен, мислам дека е крајно време ова Собрание да си ја сфати задачата и да се стави навистина на својата задача да биде поодговорно затоа што велиме дека сме уморни, се исцрпевме. Нашиот умор и исцрпување е резултат на она четиричасовно седење надвор мене навистина не ми е јасно дали некој има покритие за тие четири часа, познато ми е дека оваа Информација е подготвена уште претпладне. Каде се тие четири часа, зошто седницата беше одложена толку часа, ако некој има покритие за тоа нека ни го изнесе, не исцрпи чекањето, тоа е точно, меѓутоа, сепак повторувам да бидеме одговорни, да бидеме на нивото на кое сме се зафатиле да бидеме пратеници во Народниот парламент на Македонија на ништо не личи тоа одлагање на расправата сега да си одиме дома на спиење а практично ситуацијата е за никаде. Сум за тоа расправата да биде вечерва.

**ДРАГИ АРСОВ:**

Почитуван претседател, почитувани пратеници,

Во овој политички миг по стапувањето во сила на државноправните одлуки за сувереноста и самостојноста на Република Хрватска и Република Словенија пошироката јавност е соочена со уште едно драматично време кое потсетува на времето кога се распадна старата партиска федерација. За Македонија не останува многу простор за конечно да се определи како,

каде и со кого ќе живее. Нема враќање од основните начела за кои Македонскиот народ се определи суверена и независна држава, Република Македонија со непроменливи граници. Тоа е нов облик на заедница која мораме да ја градиме.

Во функција на таквата држава ние мораме да ги подготвиме и усвоиме сите потребни државно- политички и правни акти со кои ќе се воспостави и обезбеди полн суверенитет со кој ќе се обезбеди основа за градење на нови основи со другите држави.

Како темелен акт што Македонија треба да го добие во овој момент тоа е актот со кој ќе ја прогласи самостојноста и независноста на државата Република Македонија. Само врз таквите основи таа ќе може да го започне процесот на државно- правната надградба на донесување на одлуките и законите со кои ќе се овозможи самостојниот и независниот статус на Македонија. Од ваквите определби Македонија не може да отстапува. Меѓутоа, практиката уште еднаш покажува дека некои високи воени сојузни функционери преку ставовите и оценките што ги градат спрема промените во републиките што се определија за целосна самостојност и независност сеуште не го чувствуваат пулсот на времето во кое живееме. Тие сеуште одбиваат да ја прифатат и признаат легално избраната власт и новонастанатото политичко уредување. Тие не сфаќаат дека волјата на републиките вклучувајќи ја и волјата на македонскиот народ посебно е само спротивна од желбата и плановите на сојузниот врв некои сојузни органи и натаму се јавуваат во улога на арбитри со јасна цел да ги спречат републиките во нивното трансформирање во однос на сојузната држава. За жал и кај нас во Македонија некои поединци сеуште не можат да сфатат што се случува односно дека со усвојувањето на одлуките за самостојност на Словенија' и Хрватска суштински се менува и фактичката и правната состојба на Југославија. Ако една или две републики повеќе не се составен

дел што ја сочинуваат Југославија тоа значи дека Југославија престанува и правно и фактички да биде тоа што била. Престанува да биде СФРЈ како државна заедница на шест рамноправни југословенски републики.

Во овој момент со таквата фактичка и правна состојба е соочена и Македонија на која повеќе не и останува ништо друго, туку да ја прогласи својата самостојност и независност што произлегува од самата состојба со стапување во сила на актите со кои Словенија и Хрватска ја прогласија својата самостојност и независност.

Наоѓајќи се во ваквата затечена состојба на Македонија не и преостанува ништо друго, туку со свои посебни акти да ги оствари истите права што ги остварија другите републики врз основа на својата декларација за сувереност на Република Македонија согласно со уставното и темелното право на самоопределување вклучувајќи го и правото на отцепување и здружување со другите народи.

**ДРАГИ АРСОВ**: (Продолжение)

Во овој судбоносен час што уште Македонија треба да направи. За неа нема друг избор освен пристапот кон изработка и итна подготовка на целокупната државно правна регулатива за самостојност и евентуално можно пристапување кон Сојуз на суверени држави. Тоа е заклучокот што Собранието треба да го донесе и со него да ја задолжи македонската Влада. Сигурно дека со тие задолженија ќе се одреди и потребниот обем на минимумот за функционирањето на институциите на досегашната Сојузна држава во периодот до нејзиното згаснување притоа преземајќи ги сите свои обврски и права во својство на една од шесте нејзини меѓународно правни наследници. Ако Македонија сега се подготви со тие законски и правни акти за самостојна и суверена држава секако утре таа полесно ќе може да се престрои за варијантата Сојуз на суверени држави доколку се определи за еден таков Сојуз.

И на крајот уште еднаш спомнувајќи ги тука апелите што ги чувме од премиерот ние ќе се придружиме со уште еден наш апел, а тој да не обврзе веднаш да пристапиме кон постапката за донесување на актите што ги има подготвено Владата доколку тие се во таква фаза со цел да се пристапи кон нивното остварување, а на тој начин да ги оствариме и вековните желби на македонскиот народ кон заложбите за прогласување на самостојна и независна држава Република Македонија.

**РИСТО ЌЕЛЕШОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, најнапред информациите и ставовите на македонската Влада во најголем дел се прифатливи. Инаку што се однесува до нацрт- резолуцијата за

прогласување на самостојност и независност на Република Македонија и евентуалниот чин на нејзиното донесување во овој момент и сегашниот политички амбиент во Југославија сугерираат емотивна предвременост и prematурност од следните причини.

Прво, самостојна и независна Република Македонија во Платформата што ја донесе овој Парламент е втора опција која би се актуализирала после исцрпување на сите можности за евентуален меѓурепублички договор за идната југословенска заедница.

Второ, концептот Сојуз на суверени држави како официјална македонска политика реафирмиран со Платформата Глигоров Изетбеговиќ е сеуште неисцрпена преговарачка основа, ниту пак е отфрлена како таква, а доби и меѓународна поддршка. Па донесување на ваков документ за самостојна и независна Македонија би било предвремено исцрпување на вербата во сопствената политика. И на крајот да кажам дека мојот пратенички мандат не подразбира учество во раздружувачки одлуки. Таква одлука можат да донесат единствено моите бирачи.

**ФАИК АБДИ:**

Почитувани дами и господа, Навистина моментите се многу тешки, многу сериозни. Мора многу да се мисли за се што се искажува од оваа говорница од било кога и да е денес во овие секунди во овие мигови. Морам да речам дека иако она што е речено од страна на претставниците на ВМРО ДПМНЕ предлогот за прогласување на актот на независност за Македонскиот народ, за Македонија итн., ние не сме го прашале народот на Македонија што мисли, ние не сме излегле пред него со еден таков предлог, па да имаме изјаснување, јасна слика што мисли народот. Телеграмите што ни ги праќаат од странство тоа е многу убава работа на нашите браќа Македонци. Тие дури изјавуваат готовност да дојдат и да се борат за Македонија.

Јас верувам во тоа. Голема е желбата на еден добар дел овде уште пред пет, шест месеци пошто пото стојат на тоа становиште, впрочем програмата им е таква отцепување од Југославија, прогласување на независност итн. Уште пред пет шест месеци овде јавно од оваа трибина е кажано дека во месец јуни се ќе се расчисти. Како да сето тоа беше така наредено, знаено и датуми знаени и искажани дека вчера, денес дојде тој момент. Јас мислам дека ова што го кажа претседателот на Владата, она што упати апел Сојузниот извршен совет и оние напори што ги прави нашата Влада, мислам дека е тоа во ред. Мислам дека треба да се сретнеме со своите бирачи, со својот народ. Мислам дека треба да упатиме еден апел до народот, јас од ова место го чинам и тоа, едно трезвено размислување, секаде мир да не фати некого паника бидејќи се судбоносни моменти, луѓето во Словенија и Хрватска гинат, но тоа што мора не е тешко. Таму има наши деца секако, имаме таму наши војници, но во овој момент што е,тоа е. Ако може да речеме дека мораме да мислиме за Македонија, па зарем со отцепување мислиме за Македонија. Дали сакаме некој фронт и овде да создадеме и да се косиме со некои други интереси и да отвориме врата и на некои други сили кои што одвај чекаат да дојдат во оваа сиромашна Македонија и да и станат господари. Ние сме спремни да ја одбраниме секако, со се, со сите расположливи сили, но верувам дека ќе надвладее свеста кај колегите, господата пратеници овде. Наједноставен акт е сите да се понесеме со таа да речам по малку еуфорија, а што утре не ни е важно. Многу е битно што утре, многу е битно што после пет минути. Раздружувањето, односно отцепувањето на Словенија и Хрватска јас не го подразбирам дека е тоа тотално отцепување. Сигурно луѓе се господата Кучан и Туѓман. Тие јавно кажаа дека нивното отцепување ќе биде еден зачеток на преговори за иднината на Југославија. Сигурно тие имаат и

меѓународен углед, сигурно ќе опстанат на своите ветувања и зборови. Не знаеме дали лажат и дали тоа ќе биде лага. Јас не смеам од оваа говорница да речам дека излажаа. Се уште не се знае, но сигурно постои и понатаму можност и мора да веруваме дека ќе има шанси за седнување , за договарање затоа што најлесното е тоа отцепувањето и отворање на фронтови. Тоа е најлесната работа. Ако нашите од Австралија сакаат да се борат, јас верувам дека ќе ги пратат и децата свои тука да гинат, можеби тоа е, или од Канада, од Америка, им верувам, онака напамет можеби им верувам малку. Како пратеник овде пред вас кажувам, јас можеби сум смешен на претставниците на ВМРО. Ајде да се симнеме кај народот, да го прашаме народот и да не се правиме големи хероι тука од оваа говорница, дека сме големи јунаци, дека ќе одбраниме се и ќе направиме се. Ние сигурно ќе ја одбраниме нашата Република, нашата држава, но тоа да биде она крајното, не заради тоа што Хрватска и Словенија направија ваков чин, па ние мораме да бидеме трети, ако заостанеме ќе ни се смее некој. Оставете го тоа. Јас сум за тоа да почекаме, да видиме тоа раздружување со кои ефекти е, дали воопшто е прифатливо тоа што направија, што должат, колку должат, каде се кредитите, каде се девизните средства кој кому должи, дали на Македонија и должат нешто, дали во меѓународен аспект има одредени долгови, нивната актива и пасива. Гледате дека се е лошо. И тие одат во еден лош економски хаос и тие се веќе лоши. Ние сме полоши, а и тие се лоши. Утре ќе бидат уште полоши. Но, иднината е пред нас, ќе ни каже. Јас му верувам на господинот претседател Кљусев и верувам дека еден најголем број од пратениците ќе се сложат ние да не се избрзуваме со волјата на една група од 20, 30 луѓе овде.

**СИМОН НАУМОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, повторно по приближно два месеци пауза денес на дневен ред од иста парламентарна група се наметнува прашањето на раздружувањето на нашата Република од Југославија. Дали практиката во изминатите два месеци покажа со случаите со Словенија и Хрватска со факти, показатели, економски ефекти и се се разјасни за севкупните последици во меѓувреме што повторно брзо се бара да се преземе овој чин, или чисто се оди по она старото ако тие нешто прават, да го чиниме и ние тоа истото од причини што тоа е модерно, атрактивно, може би корисно, а што ќе произлезе утре од тоа е сосема ирелевантно. Барањето за поставувањето повторно на дневен ред на прашањето за раздружување е повторно преизбрзан потез по мене, апсолутно некорисен во моментот погледнато од различни аспекти на интерес на Републикава. По мое убедување неговото поставување на дневен ред мора да се обусlови со систематски припреми на нас пратениците и на јавноста и тоа пред се од аспект на севкупните економски последици кои ќе ги има секој граѓанин на оваа Република после што може да се размислува за евентуално таков потез. По нашата платформа за преговори за идното ново уредување на Југославија дефинирано е дека ќе се оди на раздружување како потез и чин кој ќе значи брз премин од сегашниот федерален систем на Југославија веднаш во нова трета Југославија како Сојуз на суверени држави. Ако тоа е созреано да го чиниме како потез, ако не што и лично сметам дека не е , да го оставиме за она време кое само ќе го побара и ќе го предизвика да се постави на дневен ред. Во моментов бидејќи овој проблем повторно е актуализиран неминовно се наметнува поставување на прашањето што се подразбира под поимот

раздружување погледнато од аспект на тоа како на ова прашање гледаат во Словенија, во Хрватска и крајно што ние подразбираме под тој поим. Сметам дека и за нас многу овде присутни е нејасен барем до денеска поимот на раздружување, или е многу јасен ако се земе чисто како македонски збор во правата смисла како што треба да се сфати. По наше тоа значи одвојување, прекинување на другарувањето, издвојување и логично на тоа осамостојување, постоење на сам, единка, затворен во четири ѕида. Ако е тоа тоа, тогаш по мое не ни треба сега воопшто таков потез барем не во овие тешки времиња на крупни политички, економски превирања во Југославија и на целиот Балкан од кои најтешките последици ќе ги имаат токму најмалите земји. За мене како и вие сите систематски и со посебен интерес ја следам сета активност на овој план во Словенија и Хрватска во последно време, сеуште воопшто до овој момент не ми е јасно дали воопшто со овие преземени потези раздружување кај нив тие ќе добијат нешто на економски план, или обратно. Ми се чини дека во тие Републики е тргнато по една еуфорија, многу скапа економски , еуфорија потпадната на дневната политика, еуфорија која ќе донесе крупни и многу штетни економски последици во наредните децении кај нив, еуфорија на наоружување на народот за братоубиствена војна, трошење на скапи средства за увоз на оружје во услови кога стопанството кај нив нагло пропаѓа, масовно се отпуштаат работници, а кога светот нагло го шири детантот, ги отвора границите и се здружува исклучиво се заради економскиот интерес. Зарем се можни вакви спротивности на крајот на XX век и тоа во срцето на Европа и во републики кои до вчера беа високо развиени и пример за добро одење напред, барем во составот на Југославија. Ако се вистинити овие текови во овие републики, а по мое се

вистинити и ако се нејасни очекуваните последици од потезот на раздружување кај нив, дали е мудро да се влегува сега во овој потез и од наша страна. Ако тоа беше добро и корисно за нас ќе ми го предложеше и порано нашиот ценет претседател Глигоров како што мудро го одложи референдумот во Републикава како засега не потребен чин од економски аспект, мудро постапува и на овој проблем. Да му веруваме малку повеќе и д го оставиме да не води како што не водеше досега. Да не му наметнуваме прашања кои му се пречка и ќе му бидат пречка во идните преговори со другите републики. Она што ќе му треба како адут и она што и треба на Македонија сам и навреме ќе ни го предложи. И заклучоците и укажувањата од многу Европски, светски политички и финансиски институции ни укажуваат на тоа дека не е време и мудро сега во Југославија да се оди на вакви потези. И денешните информации кои ги имаме добиено истото го потврдуваат. Според тоа, мора да сфатиме дека не е созреано прашањето на одење на еден ваков чин во Републикава на раздружување денес, утре, овие денови. Сметам дека баш во овој момент ни е неопходна поголема доза на стрпливост, добра проценка на состојбите, добра проценка на текот на идните настани во Југославија и пошироко, а дури и потоа одење на ваков потез. За ваквиот потез сметам дека е потребно и граѓаните во оваа Република да го кажат својот збор. Кога одевме на изборите основно што сите им гарантиравме на бирачите без разлика од која партија потекнувавме беше тоа дека со нашето доаѓање на власт, еве не тука сме на власт, со сигурно ќе им обезбедиме пред се повисок стандард а логично на тоа и посреќен живот. Јас лично тоа по себе го почитувам и се трудам колку можам да го спроведам и на работното место каде што работам, а и барам тоа да се почитува од сите нас кои тоа го ветувавме. Противник сум

на секакви потези кои одат кон нарушување на стандардот и среќниот живот на граѓаните. Раздружувањето е еден од тие потези кое неминовно води кон нагол пад на стандардот на најголемиот број вработени во Републикава како последица на сигурното губење на голем дел од пазарите надвор од Републикава мачно, скапо, и систематски освојувани во изминатите децении. Ги почитувам напорите на секој овде кој седи, кој својот личен доход и егзистенцијата на својата фамилија ги обезбедуваат како службеник во некоја локална институција адвокат, трговец, приватен занаетчија, архитект, лекар, угостител и слично професии кои бараат ангажман на мал, локален, тесен простор, пазар. Впрочем, и за тоа се определиле како професија во животот што е за почитување. Но, воедно барам од нив лично со соодветна доза на респект да го почитуваат стекнувањето на личниот доход за егзистенцијата на огромна маса на вработени, над 75% од сите вработени денес во Република Македонија со неизбежен пласман на своите производи на пазари, подрачја надвор од Републиката, и многу поголеми од простор на Републикава. На тие надворешни пазари треба да се сфати дека многу работни организации пласираат од 30 до 80% од своите производи од кој пласман зависи и личниот доход, зависи стандардот на вработените и крајно нивната лична среќа и среќата на нивната фамилија. .Таа маса на вработени не е крива што скоро сите работни организации во Републикава се градени за југословенскиот пазар и уште многу долго од него ќе бидат зависни. Според тоа, сметам дека крајно е нечесно да се предлагаат и да се преземаат денес овде дејства и потези кои очигледно барем овие неколку дена ќе одат на голема лична штета на огромна маса вработени во Републикава преку губењето на пазарите. Затоа барам од пратениците кои се залагаат за

раздружување на Република Македонија денес, утре, поставување пребрзано на тоа прашање на дневен ред имајќи ги предвид овие последици кои ги наведов да водат многу повеќе сметка за бирачите, вработените во стопанството, за последиците од овој потез врз егзистенцијата на нивните фамилии. Коректно е да се бара да се води сметка и за нивните интереси, па според тоа барам веднаш да се прекине со барањето за раздружување денес. Убеден сум дека сеуште не се созреани условите за ваков потез и потребно е стрпливо да се почека што се од ваквиот избрзан потез ќе добијат Словенија и Хрватска. и уште нешто. Дали со ваквите размислувања и потези како што е потезот на раздружување не ги затвораме сите врати за излез, или влез во Европа. По кој пат и преку која порта е замислено да се оди утре во Европа? До кога ќе се определуваме како Република за гола политика која воопшто не води сметка за економските последици од тие потези што е сосема спротивно од работата на развиениот свет. Дали на републикава и е потребно отворање на уште еден нов голем проблем од четвртата страна кога веќе имаме огромни проблеми долг временски период од останатите три. По мене не, и веднаш треба да се спречи секаков нов проблем кој ќе создава широк фронт на нови проблеми за решавање посебно во овој временски период на Републикава кој се смета за најтежок од нејзиното формирање.

**БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА:**

Почитувани пратеници, бидејќи нашата парламентарна група беше прозивана во негативна конотација во почетокот на излагањето на претходниот дискутант би сакал да кажам неколку збора дека практиката и времето во оваа сала овде покажаа некои факт, а тоа е дека Декларацијата за сувереност на Република Македонија кое што беше предложена од

нашата пратеничка група не беше прифатена веднаш, но се прифати по неколку дена. И сега ќе се случи истото. Овој документ по кој сега се фрлаат дрва и камења ќе се разгледува и ќе се донесува по неколку дена, но се плашам да не биде тогаш доцна и кој од нас ќе ја поднесе големата одговорност пред народот. Ве молам, да не се фрлаат дрвја и камења по овој документ. Може само да се изјаснувате дали ќе се прифаќа, или не, затоа што овој документ не е документ за отцепување на Македонија од Југославија, туку тоа е првата фаза за договорот за Сојузот на суверени држави за кој што се залага нашиот претседател, нашата Влада и нашиот Парламент преку Декларацијата, те. преку Платформата што ја донесовме. Исто така би сакала да кажам неколку збора дека останав празна по ветувањата што беа дадени на многуте мајќи во Македонија кога загина Сашко Гешовски дека нашите војници ќе бидат вратени во Македонија. Ветувањата беа дадени од одговорни личности во нашата Република. Тоа не се исполни. Навистина како мајка останав празна после тоа неисполнување на ветувањето. И од оваа говорница кажувам дека сепак ми е страв да не излезе исто и со ова ветување дека Македонија ќе поднесе иницијатива за осамостојуваше веднаш после осамостојувањето на првата Република во Југославија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам репликите нека не бидат модел да се дојде прв до збор преку сите други. Да има некој ред како што се јавуваат пратениците така да им давам збор.

**АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ:**

Прво, сакам да кажам дека никаква Декларација не беше прифатена ни после неколку дена поднесена од страна на ВМРО-ДПМНЕ, бидејќи тоа беше декларација за сувереност кое се разликува во многу нешто од понудената Декларација.

Не мие јасно дали расправаме сега по Информацијата на претседателот на Владата или пак ни се наметнува без да биде на дневен ред некаква Нацрт- резолуција. Ве молам, сакам да расчистиме и сакам да знам и кога ќе станам да зборувам да знам за што зборувам.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Господине претседателе, дами и господа, пратеници, при донесувањето на вакви судбоносни одлуки кој што можат да се преточат во акти од типот на Резолуција за раздружување или осамостојување, не може така едноставно да им се придружиме на тие што веќе донесоа вакви и слични акти. Едностраното или како што од денеска се пушти во проток синтагмата двострано раздружување не можеме и не смееме да го поддржиме ни прифатиме. Не само што ќе не осуди меѓународната јавност која се залага за демократско договорно разрешување на југословенската криза, за зачувување на интегритетот на Југославија, за Платформата Глигоров- Изетбеговиќ, која што проистече од нашата Платформа, и ги санкционира виталните интереси на македонскиот народ. Со почитувањето

на правата и интересите и на другите народи. Не само што ќе јас загубиме поддршката на меѓународната јавност туку ќе се наредиме меѓу оние што прерано се откажаа во своите темелни определби во нашата прва опција за сојуз ан суверени држави утврдени во неколку наврати во неколку наши документи. Сите можности за остварувањето на првата наша заложба Сојузот на суверени држави не се целосно исцрпени. Треба да имаме стрпливост и да бидеме спремни односно да направиме се разговорите за остварувањето на ова решение да се продолжат во што е можно поповолни услови и понавреме и да бидат крунисани со резултати. Но, сосема е јасно дека истовремено треба да се продолжи со подготовките на сите акти за што веќе овој Парламент има донесено одлука. И на се што е потребно за случај да не постигне договорот за сојуз на суверени држави. затоа, ќе биде потребно да се дефинираат сите основни задачи и активности по обем и динамика што се треба да се реализираат во наредните денови и затоа преминавме во состојба на трајно заседание. Истите тие задачи да се поделат на членовите на Парламентот на Владата на Македонија и на поедините министерства. На потпретседателот на претседателот и претседателот на Републиката и на Советот за народна одбрана. Нивното извршување мора да ги следи потребите што ќе ги налага развојот на целокупната ситуација во земјата и во Републиката. Ако пак дојдеме до моментот кој ќе ги наложи потребите од донесувањето не на ваква резолуција за раздружување, туку на Уставниот закон за осамостојување како крунски акт за воспоставување на независна и самостојна Македонија тоа не можеме и не смееме да го направиме сами. За тој последен чин на раздружувањето и прокламирањето на независната Македонска држава мора да се допрашаме на многу места.

Прво, историјата не почнува, ниту ќе заврши со нас. Оваа држава не е само наша, на пратениците во Парламентот, на македонските парламентарни партии, оваа држава е и на тие што седат во позиционите партии надвор од Парламентот и на тие што не се македонци и на тие што времено или трајно живеат надвор од неа и т.н. затоа, за ваквиот акт треба да ги прашаме, пред се, и тие што ја создадоа првата македонска национална држава после Самоила борците на НОБ и анти- хитлеровската коалиција. Треба да ги прашаме и претставниците на другите националности кои што немаат претставници во овој Парламент, да ги споменам само Турците и Власите. Младината и студентите на Македонија кој што треба да живеат во таа идна македонската држава. Треба да ги прашаме писателите на Македонија, Академијата на науките на Македонија, Универзитетот, сите кои што имаат одговорност за иднината на нашите поколенија. А за нашите одлуки и за нашите намери треба да им кажеме и нас тие без кои не можеме, на тие од кои што очекуваме поддршка, прифаќање и признавање, на парламентарците на Европската заедница. На претставниците на Турција, на Германија, на Италија, на Франција, на САД, на тие на кои што треба да им објасниме зошто отидовме нас вакво или инакво решение, на тие со кој што мислиме да живееме со кој мислиме да ја донесеме Европа и да влеземе во Европа на тие од кој што ќе бараме во секој момент и целосна поддршка. Затоа, треба да се спремиме со точно дефинирани задачи за двете опции, но, фактот на раздружување мора да го донесеме со целосна согласност. Тоа не може да биде акт предложен само од една Партија. Македонија им припаѓа на сите нејзини граѓани. Независно од идеолошките и партиските определби. За нејзината судбина немаме кредит да одлучуваме сами денес и без консултација на тие на кои што им

припаѓа Македонија. Македонецот е и добродушен и простодушен и сигурно од сите и најмногу знае да проштева. Меѓутоа, една работа сигурно нема да ни прости, ако за судбината на неговата држава, за судбината или за иднината на неговите поколенија одлучуваме сами денес, и на ваков начин.

**ЦВЕТАН ЈОВЧЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, пред се, на претходните, мислам не се однесува на овој претходен дискутант, но имам реплика на претходните. Само политички кусогледен човек може односно не може да сфати или човек кој што ја забива главата во песок, како што тоа го чини нојот, зашто ова што се случува денес во Југославија моментално односно најавата како некој политички партии го знаеле предвреме ова раздружување. Беше поентата јасна, зашто само политички кусогледен човек не можеше да ја предвиди оваа ситуација што се случува ова сега во Југославија. Не би требало овде да се врши маркетинг, односно деградирање на некои политички партии бидејќи не им служи на честа, а редовно говорницата се злоупотребува од едни одредени пратеници. Но, очигледно е дека Македонија овој ден 25 и 26 е членка на остатокот Југославија, која што се раздружија Словенија и Хрватска, практично непостои Југославија. А тоа не обврзува. како парламентарци со Декларацијата за суверенитетот од член 7 од истата Декларација за Македонија си го бара својот пат за осамостојување, каде што се изјаснија своевремено и господинот претседател на Република Македонија Киро Глигоров и господинот претседател на Владата господин Кљусев да не се прифаќа никаква симетрична Федерација односно не може Македонија да живее во остатокот од Југославија доколку една Република од федералните единици ја напушти Федерацијата односно СФРЈ. Но, да кажеме и тоа дека

во овие моменти не постои почитување на никаква правна регулатива на ниво на целата земја.

Почитувани пратеници, во овој момент, во овие времиња, бидејќи целокупната Југославија не пости, за мене практично Југославија не постои ние живееме и работиме во еден остаток од Југославија односно од остатокот за мене наречен Србославија, па затоа уште еднаш напоменувам дека изјавите на одговорните функционери во Републикава треба да ги поддржиме односно да го застапиме ставот за осамостојување. Не можеме да поминеме бледо преку ова инвентивност, а да не донесеме заклучок односно Декларација за осамостојувањето на Македонија, бидејќи историска нужност која се стреми македонскиот народ преку Самоиловот царство, се до АСНОМ-ските принципи во поновата историја. Не можеме да прифатиме солуција која е еднострана или на одредени федерални единици не им одговара, а на нас не ни останува ништо друго, туку само со прстот во устата ќе останеме. Треба во овие драматични моменти македонскиот народ да ја сфати вистината, објективно, и барем за овие неколку месеци да биде подготвен да ги поднесе сите удари што му следуваат без негбва ' вина. Несериозноста на одредени политички партии за дестабилизацијата на македонскиот парламент и македонската држава доволно зборува за напуштањето на одредени пратеници од македонскиот парламент на седницата и редовните закани од говорницата и поставувањето на некои прашања што се вон контекстот на Република Македонија односно залагањето аз проблемите и работите во покраината Косово.

Заклучоците односно аспектите кога ги донесува оваа Влада со ништо не ни пружаат да се заштити ова парче македонска земја, ниту пак одредува рок кога и како ќе биде ова одговорна задача зазема за

самостојување односно фаќање опцијата која што е изречена од високите функционери од оваа Република. Не можам да не кажам пред овој Парламент дека треба да се оформи една одредена пратеничка група која ќе ги посети европските институции и го изнесе проблемот односно состојбата на Македонија во која што се наоѓа. Исто така, не смееме да заборавиме во кризнитежаришта да се наоѓаат нашите деца односно деца македончиња, војничиња кој што навистина, на жалост имаше ветувања дека требаше да се повратат назад за 48 часа, но времето помина, како времето да ги излекува раните, на жалост, мајките кој што ги имаа испратено таму своите деца само тие најповеќе чувствуваат својата тежина на нивната душа. На жалост, не отстапуваме од Платформата на господинот Изетбеговиќи и господинот Глигоров, но другите страни, другите федерални единици не покажуваат интерес за расчистување односно да се води еден дијалог и да се дојде до правиот пат. Во таа смисла уште еднаш апелирам пред овој македонски парламент да се расправа аз Резолуцијата која што ја предложи пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ без разлика дали таа ќе претрпи некои измени односно да се пристапи барем во овој момент, во оваа расправа кон промена односно кон почнување еден акт за раздружување, за осамостојување на македонската држава, до причини што како што напоменав не обврзуваат покрај Декларацијата за суверенитетот и изјавите на највисоките врвни функционери на нашата Република.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, оваа прекрасна Југославија со крв и голем број на човечки жртви и материјални добра ја создадовме, ја градевме повеќе од половина век, со неа и преку неа се

афирмиравме во светот како најорганизирана и стабилна земја. Во овој кус период преку рацете на работните луѓе и граѓани постигнавме извонреден успех во сите сфери на општествениот, економскиот и социјален развиток. Сигурно, овој развој не беше остваруван на лесен начин и не дојде сам, туку преку заеднички залагања на сите што живеат во Југославија. Постоеја и одредени слабости, меѓутоа, сепак во денешно време многу лесно сакаме да ја распарчиме иако тешко ја создадовме. Колку тоа е паметно тоа да го направиме, дали сме свесни за сите последици, кои неминовно ќе следат. Дали треба да ги заборавиме еден милион и седумстотини жртви што ги даде оваа земја за ослободување од оние што сакаа да ја распарчат уште во 40-те години. За жал, кај некои постои и денес такво убедување, меѓутоа, веќе двете републики практично го чинат.

Од секогаш сум се залагал и сега тоа ќе го правам, подобро е да се спречи одошто да се лечи. Меѓутоа, практиката потврдува дека на ниво на Југославија еден дел од лидерите повеќе се спремни да лечат отколку да спречат. Мислам дека тоа не е добро. Јас како човек токму 45 години се воспитував и градев ставови во оваа наша суверена Македонија, во Југославија, го ценев братството и единството, хуманоста, солидарноста и сфаќав дека човекот е најголемата вредност. Секогаш сум бил, спремен да не направам разлика меѓу луѓето, да ги ценам нивните потреби. Задоволство ми било да ја слушам химната на Македонија и на Југославија, сум се гордеел со името Југославија и Македонија. Сум се чувствувал македонец но и Југословен. Отсекогаш сум бил убеден но и денес тоа го мислам дека најголемата перспектива на нашата суверена Македонија е во југословенските рамки. Зарем изминатите години тоа не го потврдија кога

Македонија на секое поле доживеа извонреден развој. Се прашувам себе си, па и вас почитувани пратеници дали во овој момент е паметно и политички мудро и економски оправдано да појдеме по патот на Словенија и Хрватска. Да донесуваме Резолуција за прогласување на самостојноста и независноста на Македонија. Лично сметам и длабоко сум убеден дека е пребрзо. Ми се чини дека се уште постојат услови за дијалог, за договарање, за прифаќање на моделот сојуз на суверени републики. Посебно треба да се ценат реакциите што уследија од светот по повод одлуката на Хрватска и Словенија. Веќе се информиравме дека реакциите се многу негативни а негативни се и последиците, бидејќи веќе почнаа и човечки жртви. Негативен е и одговорот и ставот на Сојузниот собор и на Сојузната влада, посебно што и Соборот и Владата оценија дека одлуката на Собранието на Словенија и одлуката на Соборот односно Саборот на Република Хрватска се еднострани содржат елементи ан еднострано отцепување, при што ја загрозуваат територијалната целовитост на Југославија, на нејзините државни граници и на нејзиниот суверенитет во меѓународните односи.

Во тој однос Сојузниот' собор и Сојузниот извршен совет не го признаваат ниту внатрешниот, ниту надворешниот легитимитет на одлуката на Собранието на Република Словенија и Хрватска за еднострано отцепување.

Јас лично, имајќи ги предвид сите предигри на дел од републиките, а посебно на Хрватска, Словенија па и Србија уште во минатата година, а пред се последиците кој неминовно ќе дојдат и кој се веќе присутни и изјавите на големите сили од Европската заедница и ....

**БРАНКО АРСОВСКИ:** (продолжение)

И источните земји кој за мене претставуваат сериозен фактор во меѓународните односи, сум да се одложи донесување резолуцијата за прогласување на самостојност, независност на државата Македонија. Посебно, што ние како пратеници, а посебно кога се работи за мене не сум имал потребно време да ја консултирам својата изборна единица и исто за ова многу важно прашање, би рекол, од судбинско историска важност не се консултирани граѓаните, а и другите политички партии кои немаат свои пратеници во овој Парламент, а имаат голем број на свои членови и симпатизери.

Исто така при поднесување и предлагање на текстот на нацртот на резолуцијата за прогласување на самостојноста и независноста на државата Македонија мора да го прати стручно мислење од компетентен орган во кое ќе бидат разработени сите политички, економски, правни, социјални и друг вид на елементи од кои можеме докрај да ги изанализираме негативните и позитивните страни на отцепување од Југославија. Без аргументиран и стручно обработен материјал јас не сум во можност да се определам за понудената резолуција освен во овој момент да дадам поддршка на заклучоците на сојузниот собор на Собранието на СФРЈ донесени на седницата одржани на 25.VI.1991 година, ставот на Сојузниот извршен совет како и Заклучоците поднесени во усменото обраќање на претседателот на Владата д-р Никола Кљусев. Благодарам.

**ЉУПЧО ЈАКИМОВСКИ:**

Ми се чини дека Македонија овие денови ја имаше идеалната шанса конечно да стане самостојна држава, но од она што го имавме можност да го чуеме од некои претходни дискутанти сепак почнува да се наметнува впечатокот дека деновиве сепак ќе бидеме сведоци на конечното

уништување на вековната идеја наречена Македонија. Повеќе од очигледно е дека Југославија на некои им е длабоко врежана во свеста, и од таквото слепило не се во состојба да ги отворат очите и своето чувство за временски и просторни услови. Југославија од нивната совест веќе не постои, тоа е вистина и обидете се господо да видите што остана од творбата наречена Југославија. Обидете се барем визуелно да си претпоставите ако можете да видите како изгледа таа од денеска, каква е , кој се нејзините рамки, се разбира онолку колку што ќе ви дозволи вашето политичко слепило.

Се води една стравична психолошка пресија врз нас и врз народот нормално од можната војна, потоа меѓународното непризнавање, изолации и сл. Дали од ова ќе се исплашиме и дали ќе потклекнеме. Овдека многу се говори, мислам ова е расправа по информацијата од страна на претседателот на Македонската влада, а сепак расправата се сврте на понудениот текст резолуција од страна на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ. Таа резолуција е резултат на она што во неколку наврати, на многу јавни места, истакнати места го има речено претседателот на Републиката и претседателот на Владата. Тогаш кога тоа тие го велеа, го кажуваше господинот Глигоров или господинот Кљусев пратениците удираа аплауз, никој не се побуни, никој не рече ништо против таа можност за отцепување односно за раздружување. Но, не збунува тоа, збунува тоа што господинот Глигоров и господинот Кљусев некако и тие отстапуваат од ветувањата. Ветувањата беа јасни и конкретни, доколку една република се раздружи поведуваме иницијатива за раздружување, но еве сега не сме способни ние сами. Срамота е да речеме дека не сме способни кога еден црв и една желка живеат да му се не види. Дајте да направиме држава и да не се

играме. Збунет сум од тоа што тие отстапуваат, а навистина не ми е јасно зошто во повеќе наврати тоа беше случајот со армијата со убиството во Сплит кога беше речено дека ќе се повлече војската, меѓутоа отстапивме, се исплашивме од нешто, Еве сега рековме ако се раздружи некој, се раздружија ние не се раздружуваме ќе останеме Дали тоа е според моментот, според ситуацијата да се^собере некој аплауз или не знам зошто не знам. Јас ги молам еве претседателот Глигоров е тука, господинот Кљусев не е тука тој ни поднесе една информација која што каква информација е навистина, не сум задоволен од таа информација никако бидејќи тоа го слушаме цел ден на радио. Кажете ми навистина нешто велевте сега на што сте.

**ШАБАН ПРЕВАЛА:**

Почитувано претседателство, почитуван претседател на Републиката, почитувани пратеници и гости. Еве јас ќе кажам неколку напомени. Како гледате од пратеничката група на ПДП-НДП само јас присуствувам. Имаше договор да присуствуваат и останатите меѓутоа изгледа има некое недоразбирање, а јас мислам дека не згрешив што присуствувам , зошто вонредни се околностите и секој мал напор за да се придонесе за излез од состојбата во која се најдовме мислам дека добредојден. Оттука ќе се потрудам и јас да кажам два три збора во духот на она за што ние денеска се залагаме.

Останува пред се и јас да констатирам дека конечно се соочивме со вистината. По долгото најавување се случи раздружувањето на двете наши северозападни републики Хрватска и Словенија. Во делот од Југославија се осамостоија две суверени Републики, а во другиот дел останаа 4 Републики и 2 покраини со изгубена автономност едната од нив дури и под вонредни мерки. Меѓутоа, за среќа спомнатото раздружување се случува во Југославија и истовремено се отвори процесот на повторно здружување врз

нови основи. Јас би сакал да кажам дека и ова што се случи со Хрватска и Словенија се случува со републики што сеуште се во Југославија, тие не се отцепени, тие отворија процес, Словенија конечно донесе одлука за раздружување, а истовремено постои процесот на повторно здружување, а Хрватска само го отвори процесот на раздружување. Значи,, се работи сеуште за наши републики во Југославија.

И покрај тоа, пред сите нас граѓани на Македонија од сите народи и народности оправдано се поставува прашањето што ќе биде и што треба да биде со нашата Република. Мислам дека не би требало да има дилема. Основното е дека мораме трезвено да размислиме бидејќи се работи за сериозен проблем, сериозен, би рекол, историски чекор, ние мораме и сериозно да размислиме. Бидејќи не се исклучени можностите за творечка примена на платформата на претседателите Киро Глигоров и Изетбеговиќ истовремено мислам дека треба да размислиме за нејзина примена. Јас би рекол дека овие процеси со Словенија и Хрватска можеби и ќе ги поттикнат процесите за позасилена или посериозна примена на она што е предвидено во платформата на нашите претседатели, а со која ние се согласивме, го прифативме како пат и начин за излез од кризата во која западнавме. Конечно јас мислам дека нема потреба од брзање што ние сеуште живееме како Југославија, мерките на Сојузната скупштина, Сојузната влада и сето тоа што се презема за така да речам за смирување на состојбите, па дури во тие делови што започнаа тие процеси говорат доволно дека ние не треба да брзаме зашто во спротивно ќе се соочиме можеби со уште посериозни проблеми.

Се разбира дека не доаѓа во предвид никакво отцепување од Југославија бидејќи и како Републики и како покраини, народи и народности како што со право истакна денес во Охрид нашиот претседател Киро Глигоров, нас не врзуваат многу нишки историски, економски човечки и

други, да не кажам и традиција. Да кажам во 100 години вековното живеење на овие простори. Во овој контекст би додал дека и производните капацитети во било која Република, а според тоа и во нашата пред се се димензионирани според апсоциорната моќ на нашиот југословенски пазар, значи голем е економскиот интерес за заеднички живот, особено ова мислам дека се однесува за нашата Република која како што ни е познато мислам од запад од југ и од исток не е опкружена со добри така да речам партнери па би рекол и политички наклонети кон нас. А пак брзото осамостојување како што бараме ние ќе ни значи лишување од еден добар пазар Србија и другите делови на Југославија што мислам дека не се за потценување како за реализирање на нашите производи така и за довлекување на производи од тие подрачја. Затоа мислам дека не треба да брзаме, да размислиме оти лесно е да се донесе акт, па потоа да се чудиме каде да се свртиме.

Во овие тешки мигови кога се простуваме не само од стариот систем туку и со досегашната Југославија таква каква што беше би требало да победи разумот, треба да дојде до израз умешноста за мирно надминување на кризата и за поставување поздрави темели на заедничката иднина. Да не дозволиме ова наше преструјување некаде позабрзано, некаде како што се залагаме потрезвено да го злоупотребат мрачни сили . Можноста е по примерот на нашите предци домаќински да се однесуваме и да се определиме за она што ќе значи сигурност и посреќна иднина за сите нас.

**ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ:**

Дами и господа пратеници, најпрвин би се задржал на информацијата што ја добивме од нашата Македонска влада за актуелно безбедносната ситуација во земјава и Републикава односно за оние замерки што сакам да

ги дадам. Најпрвин сметам дека се работи за една крајно тенденциозна информација во која се гледа дека Македонската влада послужила како една обична трансмисија на сојузните предлози и мерки односно една информација за актуелно политичката состојба никогаш и никако не смее да содржи само од еден извор информации. Најмалку тука очекував дека тука ќе бидат поднесени извештаите односно информациите од Собранието на Словенија, од Собранието на Хрватска, а да не зборуваме дека имаме информација и од Босна и Херцеговина и од Србија. Се надеваме дека во иднина ќе бидеме информирани на малку пообјективен начин.

Втората работа на која сакам да ставам забелешка тоа е, се вели: "Владата на Република Македонија дава целосна поддршка на мерките на Сојузниот извршен совет за зачувување на интегритетот на земјата. " јас се извинувам но не знам со кое право министрите на Република Македонија си земале да поддржат одлуки од типот на вториот дел а тоа се ставовите 2, 3 и 4. Јас ве молам тие да ги прочитате ќе видите дека Република Македонија ја одобрува односно се работи за вториот дел од информацијата (пратениците велат дека информацијата ја немаат), а ја немате, да не ги читам бидејќи се доста подолги, се работи за овластуваше на Сојузната влада за директно мешање во Словенија и Хрватска. Јас сметам дека ние како Македонија немаме право посебно затоа што се работи за мерки кои многу мирисаат на оружје, немаме никакво право како Македонска држава да го овластуваме било кого во некои суверени Републики да работи со оружје и таму да шета со оружје. Тоа мислам е едно принципиелно прашање ако сака некој нас да не заштити, ако некој сака нам да ни ги предложи истите мерки.

Сега ќе поминам на оној дел за актуелно политичката состојба во Македонија и во Југославија. Најпрвин ќе појдам од еден момент а тоа е моментот за кој сега сите зборуваме, тоа е моментот на вчерашното раздружување на Словенија и Хрватска од Југославија. Бидејќи овде гледаме дека има премногу изливи за љубовта кон Југославија јас се надевам и мислам дека би било најдобро да закажеме една посебна седница на која сите ние ќе ги изразиме нашите љубовни чувства кон оваа Југославија што јас сигурно сметам дека Не се за потценување, меѓутоа сметам дека на денешната седница треба да се зафатиме малку со реалноста. Да видиме каква е конкретната состојба во која се наоѓаме денеска. За жал конкретната состојба е многу јасна а тоа е дека Југославија повеќе не постои дами и господо. Југославија повеќе не постои, ако сакате можеме да дискутираме за тоа, можеме да расправаме и понатаму , меѓутоа правно уставно, формално тоа е така. Впрочем, токму и самата информација на тој Сојузен извршен совет го потврдува тоа бидејќи првиот став почнува токму со тој став "одлуката на Собранието на Република Словенија од 25 јуни значи политичко, правно и физичко отцепување од Југославија како и одлуките од Саборот на Република Хрватска за отпочнување на тој процес". Тоа значи го дало Сојузното собрание односно тоа ја дало таквата оценка, а за жал таква оценка даваат сите средства за јавно информирање било каде од светот да се јавуваат

**ВАСИЛ ТУПУРКОВСКИ:**

Да се прочита целиот став за да се добие целината

**ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ:**

Добро, "двете одлуки претставуваат еднострани акти донесени надвор од договорот со другите конститутивни чинители на Југославија и поради тоа се нелегални и нелегитимни, а сите последици на тие акти се

неважечки". Јас мислам дека ова од ништо не го менува контекстот затоа што имаме една констатација во почетокот, а тоа е дека овие две Републики повеќе не постојат во Југославија. Ако сакате, ние тоа можеме да го дискутираме, да направиме расправа за тоа , дали е тоа е веќе Југославија или не е Југославија а јас сметам дека дефиницијата на Југославија е дека е составена од 6 Републики и две автономни покраини, двете автономни покраини веќе одамна ги избришаа, Македонија на никој начин не реагираше, еве сега и две Републики се бришат од оваа Југославија, ние пак сакаме да го преспиеме тој момент. Значи , ние од вчера се наоѓаме во една сосема друга уставна позиција на Југославија, се наоѓаме во нешто што личи на држава на словенци, Хрвати и остатокот, односно ако дојде утре до тој договор меѓу Словенија и Хрватска ќе имаме од една страна една заедница на Словенија и Хрватска и од друга страна на остатокот од републиките. Ние мора да бидеме насочени со тој факт дека тој е во сила, дека тој дејствува, тоа не е фиктивен факт туку тој е многу конкретен, со многу конкретни закони и нсо многу конкретни акти. Ние можеме да ги побараме сите тие акти и сите тие закони кои таму се донесени и ќе видите дека тоа навистина е така.

Значи, пак доаѓаме во една позиција во која скоро сите партии во Македонија, не постои таа партија што на своите гласачи, на македонскиот народ му ветуваше дека нема да дозволи асиметрична федерација, односно нема да дозволи редуцирана федерација. Таквите ставови беа поткрепени малку подоцна и од нависоките личности на оваа република и ние на сите тие аплаудиравме и на сите тие никој не даде приговор. Според мене, треба ние денеска да расправаме за една работа, дали е оној момент за кој сите ветувавме дека нема да го дозволиме е дојден, а тоа е дали веќе во Југославија постои асиметрична федерација односно асиметрична

држава. Тоа е основниот момент на кој треба да се задржиме и после согласнот со она што сме го зборувале, согласност со она што сме го ветувале да пристапиме кон материјализирање на тие заклучоци што ќе ги донесеме.

Вториот момент на кој сакам да се задржам тоа е сигурно дека некој овде што спомна едно политичко слепило . Никако не сакаме да сфатиме дека оваа Југославија веќе подолго време, пет шест месеци се распаѓаше, како што во овој момент не сакаме да сфатиме дека веќе е распадната како држава, и да ја поставиме нашата одговорност. Сега, јас ќе ја поставам одговорноста во спротивен правец бидејќи некој претходно ја спомнуваа во спротивен правец. Кој нас не обврза да ја оставиме Македонија во една идна држава која би наликувала, односно сигурно би носела име Србославија . Кој нас ни одобри и кој ни дозволи во едни вакви услови во кои еве гледаме се наоѓаме дури и пред работ на граѓанската војна Македонија вака неподготвена, вака несигурна и вака неодговорна да ја даваме само на единствениот пат кој ни го нудат, а тоа е чекањето.

**ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ**: (Продолжение)

Извинете, меѓутоа оваа Република за овие 6 месеци после изборите нема никаква друга државна филозофија освен чекање. Ние само чекаме и своите ставови ги заземаме отпосле и јас се надевам дека конкретно еднаш ќе се седнеме и ќе заземеме наши ставови, македонски ставови кои ќе бидат конкретни и кои нема многу да се менуваат во разлика во она што се случува.

Некои овде зборуваше дека работниците чекаат надвор, дека економската состојба е многу тешка. Зошто е тешка економската положба? Затоа што оваа Македонија досега не успеа и не умее да ги заштита своите граѓани. Додека сите републики им кажуваа на својот народ и на своите граѓани да не му веруваат на Анте Марковиќ нашите средства за јавно информирање и нашите политички партии упорно им викаа ставајте ги своите девизи во банките, сега никој не може да си ги извади своите девизи од банките. Дотогаш упорно го уништуваа нашиот селанец и земјоделец. Ние стално упорно се државме за сојузните прописи. Сега што му викаме пак? Верувајте, чекајте. А, знаете ли што ќе се случи? Верувајте дека вчера, не ед вчера туку малку од подоцна, меѓутоа, сега тој процес само уште ќе се поинтензивира. Во Југославија настанува процес состојба на плањчка, господа и дами. Во Југославија настанува процес во кој што повеќе ќе украде и што поскоро ние тоа го сфатиме тоа во Македонија толку подобро ќе го заштитиме и македонскиот народ, ќе се заштитиме и самите себе. Зошто не сакаме да го сфатиме тоа дека таа пљачка постои веќе години наназад а сега само со формира&ето на новите средства, со формирањето на независните банки таа пљачка и тоа гледање на динарот ќе биде уште

поголемо, само што никој нема да ни го знае крајот, а трошоците, а сметките крајни пак ќе ги плаќа македонскиот народ.

Зошто не сакаме малку од малку да ги земеме на грижа оние македонци кои сега се наоѓаат таму меѓу Босна, меѓу Србија и меѓу Хрватска. Мислите дека пак некој од други националности има? Јас ве уверувам да го погледате националниот состав пак се таму најподобните македонците. Додека другите сите и минатиот пат ни советуваа да не ги пуштаат во резервисти ние како Влада испративме званично соопштение на македонците да се пријавуваат како резервисти и се гордееме што нашите луѓе ги праќаме во Босна, некаде да ја бранат Југославија. Па, до кога со таквата одговорност кон сопствениот народ, кон сопствената држава? Зошто не сакаме да сфатиме дека толку е со оваа Југославија и само треба да се довршат последните сметки. А последните сметки со нашата наивност ние пак најскапо ќе ги платиме. Верувајте во тоа.

И на крајот сакам да се задржам само еден момент на средствата за јавно информирање во Македонија.

Сметам дека како Европска држава треба малку повеќе да посветиме внимание на средствата за јавно информирање во Македонија (телевизија, радио, "Нова Македонија", "Вечер". Верувајте не постои држава каде средствата за јавно информирање водат толку антидржавна политика како што се води антимакедонска политика во средствата за јавно информирање во Македонија. Сметам дека таа контрола треба што поскоро да се оформи затоа што имаме многу искуства, затоа што имаме многу навистина коментари кои можеме да ги анализираме и тоа да го поткрепиме. Сметам

дека средствата за јавно информирање треба еднаш засекогаш да престанат го плашат македонскиот народ дека може да има сопствена држава. Треба да престанат со тоа втерување на страв во коски на секој македонец дека македонците не се државотворен народ, дека македонците се неспособен народ и дека македонците секогаш друг мора да ги храни, со друг мора да се врзуваат. Јас ги молам средствата за јавно информирање навистина таа промена што поскоро да си ја направат во самите себе. Тоа ќе биде во допринос на македонската држава.

Сметам дека во овој момент тие се сосема неодговорни за својот однос кон македонската држава.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор Ѓулистана Јумеровска.

(Уфрлување од галерија -"тоа е болшевизам господине Георгиевски")

Ве молам, галеријата ќе ја испразниме ако се мешате. Молам, да се престане со мешање.

**ЃУЛИСТАНА ЈУМЕРОВСКА:**

Почитувани пратеници, денес и сега е момент кога политичкото единство на сите партии и во Парламентот и вон Парламентот е од историско значење за сите граѓани на Македонија попотребно од кога и да е. Не смееме да дозволиме да паднеме на испитот на зрелоста како пратеници со носење на било каква одлука со прегласување во овој Парламент. Не смееме да дозволиме во ситуација кога имајќи ја Платформата за која што до пред некој ден рековме дека доследно

(Реагирање на пратениците од ВМРО-ДПМНЕ)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, само момент.

Лицето што упадна од галеријата да ја напушти галеријата. Инсистираат пратениците на ВМРО-ДПМНЕ.

(Уфрлување од место)

Вие зборувајте за себе. Јас ќе дадам на гласање, Ј[али сите инсистираат не знам. Мене вие ми рековте (Драги Арсов) јас го пренесов. Не го дадовме тоа на гласање. Тоа е почит према тие што инсистираат, сите не инсистираат. Тие што инсистираа реков.

Молам, и еден да инсистира, има право, доста е.

(Новинарите ја напуштаат галеријата)

**ЃУЛИСТАНА ЈУМЕРОВСКА:**

Во една ситуација, кога до крај рековме дека ќе останеме доследни за почитување на Платформата која што пред повеќе дена ја изгласавме, кога рековме дека ќе бараме мирен излез од кризата и за опцијата ќе се бориме до крај за опстојување на опцијата дека Југославија односно Македонија ја гледаме само во Југославија и во Сојузот на идните суверени држави. Не смееме да ги затовраме очите пред демократската јавност на Европа и светот кој според информациите кој веќе ги имаме прогласувањето на Словенија и Хрватска за независна држава ги смета за еднострана сецесија без никаков правен легитимитет со кој се загрозува територијалниот интегритет, државните граници, суверенитетот помеѓу народните односи и постоечката држава Југославија.

Не смееме да дозволиме да го изневериме народот на Македонија. Себе си да се идентифицираме како политичка партија која може да

зборува во името на народот, затоа што народот на Македонија себе си и само себе си се гледа како активен субјект во донесувањето на еден така значаен акт како што е Декларацијата на независна Македонија.

Целата демократска јавност од нас бара разум. Не бара да води никаква војна, не бара на својата територија да ја претвори во Либан и бара да живее во земја кја ќе биде пред се мирна и во земја која ќе биде признаена од Европа и светот и која наме да биде изолирана таму. Во овој момент тоа е само Југославија. Секоја друга одлука во овој политички момент им користи само на другите, а не и на нас, а најмалку на Македонија. Затоа јас би рекла и би ги повикала сите пратеници да се ослободиме од партиските стеги за кои што очигледно е и без оглед на тоа што некој се наоѓаат и на државни функции, многу е тешко тоа да го сторат и покрај тоа што државните функции тоа им го налагаат. Да зборуваме сеуште за љубов кон Југославија, затоа што тоа е љубов кон постоечката држава во која што живееме, бидејќи љубов кон другите држави, а пред се кон Бугарија и Грција, истите тие кои што тоа го зборуваа го рекоа и порано дека треба да биде поприсутно отколку љубовта кон државата која сега ја имаме ќе не однесе во други води многу понеповолно за нас.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Црвенковски.

(За збор замоли да му даде претседателот Андов другарот Васил Тупурковски)

Се извинувам, господинот Тупурковски бара да даде мала напомена.

**ВАСИЛ ТУПУРКОВСКИ:**

Се извинувам и на Бранко што му го побарав зборот, не се свртев назад да видам што се случи во меѓувреме.

Сите знаеме во каква ситуација сме, работиме со најделикатни возможни прашања и проблеми и емоциите се очигледно и објективно предизвикани. Јас би го замолил Парламентот да направиме куса пауза, не се согласувам со испадот и со реагирањето од галеријата, но да се договориме заради одговорноста спрема јавноста и спрема принципот на јавноста овие луѓе да се вратат и да продолжат да ја вршат работата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали може така? (Може)

10 минути пауза.

(Пауза од 21,35 часот)

(после паузата)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Црвенковски.

Претходно, госпоѓица Димовска ме замоли да даде едно објаснување.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници во името на Пратеничката група на ВМРО ДПМНЕ должна сум да ја известам јавноста и присутните пратеници дека настана едно недоразбирање.

Барањата на пратениците на ВМРО ДПМНЕ не се однесуваа на сите присутни новинари да ја напуштат галеријата туку на новинарот Ерол Ризанов кој си дозволи од галеријата непристојно да се однесува и да дофрлува и да се вмешува во расправата на Парламентот.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Почитувани пратеници,

Овој ист Парламент во повеќе наврати донесе свои заклучоци што беа преточени во некои документи, како што беше Декларацијата за сувереност на Македонија, документ каков што беше Платформата за разговорите за иднината на Југославија и она што последно беше на разгледување, тоа е Платформата Глигоров- Изедбеговиќ и во сите тие документи со мнозинство, често пати и едногласно се изјасни дека ја гледа својата иднина, иднината на Република Македонија во сојуз на суверени држави. Притоа, мотивите за донесувањето и афирмирањето на таквиот став воопшто не беа донесувани од некакви ирационални причини, од некакви емоционални причини, од некакви причини од типот желба за

југословенство, апстрактно и дека треба да се жртвуваат некакви македонски интереси за сметка на тоа југословенство. Не беа донесувани од ирационални причини од типот носталгија за некое минато време, туку напротив, беа донесувани водејќи сметка пред се за виталните интереси на Македонија.

Кои се тие витални интереси на Македонија?

Витален интерес на Македонија е да се запази државноста на Македонија. Витален интерес на Македонија е да се запази територијалниот интегритет и суверенитет на Македонија. Витален интерес на Македонија е да се вклучи во Европските интеграции и од тие причини никој не може и нема право да каже дека воопшто не не интересира што Европа и што светот мисли и зборуваат за моменталната ситуација во Југославија, ако се навистина искрени тие желби и тие програмски определби на секоја партија дека цел е Македонија да влезе во Европа. Витален интерес на Македонија е секој нејзин граѓанин да се чувствува сигурен, безбеден, да не се плаши за животите на своите блиски, на своите деца, да може мирно да живее. Витален интерес на Македонија е секој . не ј.зин граѓанин да биде доведен во ситуација да заборави на сите оние стравови од типот на технолошки вишок, од типот на стресови, на загарантиран личен доход и токму водејќи сметка за таквите витални интереси ние донесовме одлука, став дека најлесно ќе можеме да ги оствариме и реализираме токму низ запазувањето на југословенската заедница. Не било каква, туку југословенска заедница до која што ќе дојдеме по еден демократски пат, по една демократска процедура. Ние се определивме тоа да биде сојуз на суверени држави.

Овде, повеќе говорници пред мене говореа дека сеуште водејќи сметка за целокупната ситуација во Југославија не може да се каже дека се исцрпени сите можности за да може да се оствари токму таа опција за која сметаме дека најмногу одговара на виталните интереси на Македонија. И, дека, се додека постојат и најмали шанси тоа да се реализира треба да се впрегнат сите сили на оваа Република, сите можности до тоа да дојде.

Ако до тоа не дојде, исто така, сите пратеници што до сега говореа и повеќето партии во своите програми тоа го внесоа. Ако навистина повеќе не постојат шанси тоа да се реализира, тогаш ние ќе организираме самостојна независна суверена Македонска држава и спремни сме во тој случај да ја платиме и најскапата цена. Значи, ние не се определуваме под никаков притисок. Напротив водиме сметка за она што е интерес на Републикава и од тука се определуваме за еден генерален став што го имаме , а тоа е сојуз на суверени држави.

Овде беше даден предлог, Нацрт- резолуција за суверена независна Македонска држава. Тоа не значи ништо друго туку доколку го усвоиме тој документ дека уште денес ние еднострано донесуваме акти за отцепување од Југославија. Лесно е да го донесеме тој акт. Доволно е мнозинство број на гласови во овој Парламент. Но, веднаш се поставува прашањето што утре? Дали со тоа сме поблиску до таа цел што се вика сојуз на суверени држави, или сме подалеку? Дали во овој момент треба да влечеме потези кои ќе го олеснат патот за доаѓање до таа цел или ќе не оддалечат од таа цел? Се правеа паралели со тоа каква е ситуацијата и како за тој акт се подготвувала Словенија, каква е ситуацијата во Хрватска? Меѓутоа, да не

заборавиме дека Словенија не влета така брзо во целата работа. Словенечките економски институти одамна ја прават таа анализа и предвидуваат во каква ситуација ќе се најде Словенија доколку се отцепи од Југославија. Веројатно сите имавме прилика преку средствата за информирање да прочитаме дека стандардот на словенечкиот граѓанин ќе падне за 30 посто во наредните две години, дека за воведување на сопствена валута се потребни 1.700.000 милиони долари дека за формирање на своја војска се потребни толку и толку средства, па се разгледуваа варијанти дали ќе одат на своја војска или ќе се прогласат за демилитиризирана зона итн. Прашувам дали ние ги имаме сите тие информации за да можеме со чиста совест, со чиста разум да дигнеме рака за едно такво решение. Кој не овластил во овој момент не приморани на тоа. Не е крајна нужда да го донесеме тоа. Кој не овластил во името на овој народ да донесеме одлука за која што не знаеме какви ќе бидат последиците, а да не говорам за нешто кое многу потешко, а тоа е една авантура во која се влегува со целата работа, една борба за која што никој не знае какви резултати ќе донесе, а тоа е борбата за признавање на меѓународно правен политички субјективитет. Ставовите на Европа и ставовите на Америка ги знаеме и не можеме сега ние да се апстрахираме или да тргнеме по патот на некои чии дискусии во тие собранија ги слушавме , од типот "ако треба корења ќе јадеме" и дека не може некој да ни каже бидејќи ние кога сме пишувале поезија тие се бореле со Индијанци итн. Оттука јас се залагам за она што и беше предлог на Владата, со извесни можеби модификации, а тоа е дека ние треба да ги вложуваме сите напори како Република да го олесниме патот на доаѓање до еден заеднички демократски договор, за сојуз на суверени држави, меѓутоа, паралелно да

ги подготвуваме сите акти. Нема друга институција освен Владата, да бидат подготвени сите акти и да се процени кога и дали мора тоа како акт да се донесе, да се прогласи самостојна независна Македонска држава.

Сега би се осврнал на некои искажувања од,потпретседателот на претседателот на Република Георгивски, за она што го говореше. Една од главните тези што ја презентираше, а што е презентирана и од повеќе пратеници на ДПМНЕ и тоа во повеќе наврати, а тоа е дека Македонија е во потполност без никаква стратегија и дека е во потполност во искчекување. Јас тоа мислење не го делам. Одамна во Македонија веќе не се чека да се види што ќе направат другите. Одамна политичкиот субјективитет на Македонија во рамките на Југославија не бил на тоа ниво како што е денес. Одамна мислењето и ставот на Македонија не играл во тие југословенски рамки таква битна улога како што игра денес. И одамна тој углед и имиџ и слика за Македонија не била на толку високо ниво во меѓународни рамки, како што е тоа денес. Значи нешто во Македонија се случува, нешто во Македонија се работи. Освен тоа, бидејќи гледам дека пратениците од ДПМНЕ реагираат, ако веќе говориме дали официјалните органи се во исчекување или не се, не се во исчекување ниту партиите , не е во искчекување одамна ни партијата ДПМНЕ. Одамна таа го застапува својот став и се бори за него.

Овде се говореше, да речеме за можна пљачка во југословенските рамки. Можната пљачка ја прават и тие на кои што токму таа партија веднаш прво им упати честитки за осамостојување итн. Дури тие се и во најповолна прилика во моментот, бидејќи се вон било каква централна контрола да ја направат таа пљачка.

Јас, а верувам и поголем дел од пратениците навистина сум заморен од тоа докажување или цитираше кој е поголем македонец и што е тоа што треба да се направи за да се докаже дали некој е македонец или не е македонец.

Во овој момент на Македонија не и треба некои храбри потези. Македонија во своето минато одамна имала храброст. За тоа сведочат многу споменици и коски оставени на сите страни. Во овој момент на Македонија и е потребна памет и мудрост. Тоа ќе и обезбеди на Македонија подобра и посветла иднина, не некои чекори за кои што веќе утре не сме свесни какви последици ќе донесе.

Околу тоа што потпретседателот на претседателот на Републиката го кажа околу средствата за информирање, да потсетам дека тоа не е никаква новина. Тоа е програмски став на таа партија. Освен тоа, тоа е веќе вообичаена слика во нашата Република. Вообичаена слика стана секој кој што не е во согласност со тие програмски определби, се прогласува за антимакедонец. Се прогласи македонската интелигенција за антимакедонска и ништо не се случи во оваа Република. Постојано средствата за информирање во Македонија се прогласуваат за антимакедонски и повторно ништо не се случува. Чии е тој став? Ставот е

на партијата, ставот е на потпретседателот на претседателот на Републиката кој што е уставно обврзан во овој момент да застапува државни ставови, а не партиски. Во чие име денес например овдека говореше Георгиевски. Која е таа контрола што треба да се направи над средствата за информирање за која што он говореше. Па нели викавме 45 години имало контрола и таков систем не ни се допаѓаше и се обидуваме сега да го промениме. Нели викавме 45 години се се правеше во име на некаков тоталитаризам, во име на работничката класа, а токму таа работничка класа најмногу трпеше. И сега што се случува? Ми се случува нов тоталитаризам, сега се е дозволено да се каже и да се направи, меѓутоа, во име на македонскиот народ, а повторно македонскиот народ најмногу ќе трпи.

Бидејќи еден од новинарите го кажа тоа и беше отстранет за тоа, јас ја користам оваа прилика, доколку имам такво овластување јас веројатно имам во име на парламентарната група на Социјалдемократскиот сојуз да се извинам пред средствата за информирање, нивните претставници за она што се случи пред малку и бидејќи претседателот на Собранието по барање на пратениците може да побара некои од оние кои седат во галеријата да биде отстранет заради тоа што нешто упатил на говорникот, меѓутоа, нема никакво деловничко овластување да отстрани некои од пратениците, .доколку тоа истото го изговори. Тогаш можам да кажам лично на господинот Георгиевски дека тоа што он го заговара навистина е болшевизам, тоа е необолшевизам, тоа не води во демократија и дека е најдобро партијата ДПМНЕ да го избрише од своето име првото "Д" и да остане само ПМНЕ, бидејќи ова нема врска со некаква демократија, со некакви демократски определби.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Почитуваниот потпретседател на претседателот на Републиката не е тоа што го вика господин Бранко. Бранко, те молам тоа што си го рекол, не да кажам носиш одговорност, но сепак тоа не е чиста работа. Ако сакаме да се напаѓаме, за жал може да одбираме некој збор кој е пристоен за македонците. Потпретседателот скромно , убаво истапи пред овој орган. Бранко, јас сакам да те пофалам. Наполно те сфаќам како млад човек. Никогаш не би рекол дека ти не си македонец дека ти си дете. Ти си зрело дете и зрел македонец. Ние не настапуваме како партија, ние настапуваме како избрани од народот македонци. Во овој момент, никогаш и никогаш и никогаш и никогаш нема да кажам дека не сте македонци и дека водите некоја политика не знам каква, ни према тебе Бранко ни према секој од Вас што сте тука. Јас Ве молам, дојде пресудниот час да си го клајме прстот и да помислиме што понатаму. Потпретседателот на претседателот на нашата Република истапи, јавно гласно и се тоа што го мислеше и се тоа што требаше да го каже пред македонската јавност. Според тоа нема и не може да претрпи било какви критики. И за кого било од Вас, или од овие тука што седат од мојата партија ќе истапев исто така, ако нападнеше некој од вас. Верувајте ми. Јас ве гледам во овој момент и можеби , знаете зошто ве гледам така. Јас сум постар човек, имам една опција во животот дека може , еве, јас верувам во господа, затоа што сум, да ви кажам право, внук на поп и верувам затоа што можеби и не предодреди судбината да кажеме едно прашање кое 997 години не можеа да го решат нашите старци. Ајде сега ние да не се напаѓаме најискрено ви зборувам и да си префрлуваме еден на друг да најдеме едно решение ако треба два дена ќе седиме овде,

можеби ќе се измориме ние старите со господин Киро Глигоров и со некои постари тука колеги, да го решиме тоа прашање како што ни доликува и како што го бара нашиот народ. Верувајте ми дека најискрено ви зборувам. Нашите денови, можеби на постарите, ни се изброени. Не зборувам со емоции. Јас еден пат го проколнав мојот дедо кога избега од Гари и мојата баба од Селце. Јас сум тој, јас сум од тука, кога отидов во Турција. Кога ме тепаа грците, кога ми ги корнеа ноктите не се расплакав. Кога паднав во Идризово и кога ме тепаа моите се расплакав.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ: (**ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Јас ќе настапам често и ве молам да не се напаѓате. Вие сте искрени пријатели, добри Македонци, се извинувам пред другите партии, јас не мрзам ниедна нација. Јас сум и така воспитан патријархално и моите внучиња така ги воспитувам. Ве молам, да најдеме решение за оваа земја. 997 години не сме нашле решение, а ве гледам сите во очи, сите конеете за една работа, некои велат утре, некои друг ден. Не, невестата ќе ја венчаме вечерва.

(Во салата настана аплауз и смеење).

**АЦО СПИРОСКИ:**

Навистина, мора да се кажат некои работи изнесени од претседателот на Социјалдемократскиот сојуз што навистина не одговараат на вистината и ме иритираат тука пред говорница да ги кажам. Не се работи за тоа што е нападната партијата на ВМРО, меѓутоа, треба да се зборува објективно и реално за состојбите какви што се. Беше нападнат нашиот претседател Љупчо Георгиевски, па сето тоа поврзано со средствата за информирање, па да ве запрашам и да бидеме реални и објективно да кажуваме. Дали има понапаѓана личност од Љупчо Георгиевски во средствата за јавно информирање? Во која смисла ? Секојдневно на Љупчо му се трубеше да се сетиме Љупчо ти си бугарин, добро утро, добар ден, Љупчо ти си бугарин, добра вечер, Љупчо ти си бугарин не сум, не сум. Добро, утредента Љупчо, татко ти е бугарин и со тоа се заврши, Љупчо дедо ти е бугарин, и со тоа се заврши. Дали тоа имаше смисла и крај? И многу други форми и варијанти од средствата за јавно информирање. Дали има смисла? Зборувате за признавање на суверена Република Хрватска. Да ви кажам, Туѓман го води тој народ и Кучан го води словенскиот народ, меѓутоа отворете ги очите и видете зад тие личности стои целокупниот

народ. Доста со некои измислени работи кои ни се презентирани од јавноста дека тие се некои националистички водачи кои ја упропастуваат Југославија и слично. Зад нив стои целокупниот нивен народ. Кој ни е виновен што македонскиот народ ја нема достигнато таа национална свест и што не си се бори за себе. Словенија имаше плебисцит, преку 96% од народот се изјасни за себе. Хрватите истото го направија. Кој ни е виновен што сме ние поделени и збунети, па не знаеме каде припаѓаме и што сакаме да направиме? Јас морам и не сакам да ја критикувам Владата, меѓутоа, Владата до вчера имаше јасно изграден став во однос на состојбата во Југославија и беше кажано до вчера буквално, доколку и една Република во Југославија прогласи сувереност, односно се отцепи од Југославија, Република Македонија истото ќе го стори, со напомена веднаш. Не знам дали сега да одиме во дискусија да разграничуваме дали тоа е еднострана работа, или не, меѓутоа, тоа се случи, а ние ветивме пред нашата јавност, за жал и пред меѓународната јавност дека ние тоа ќе го направиме веднаш, а денес кажуваме нешто сосема друго. И кои се тие Македонци што ќе ги цени македонската јавност. Каква нација да ве прашам е тоа?

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Во Репликата на господинот Црвенковски ќе бидам краток, но пред тоа изразувам еден личен протест до претседателот на Собранието, затоа што во меѓувреме во паузата побарав најкултурно да реплицирам на госпоѓицата Ѓулистана Јумеровска и потоа ќе го искористам тоа право.

Мојата реплика на господинот Црвенковски се однесува на споменувањето на нашата партија само со еден дел од нејзиното име, ДПМНЕ. ДПМНЕ, кој чита "Нова Македонија" ќе види дека еден или двајца новинари од "Нова Македонија" постојано го протежираат тоа, ДПМНЕ без она ВМРО. Јас лично сум револтиран затоа што мојата партија потполно се вика ВМРО Демократска партија за македонско национално единство. Што се однесува до тоа, како би ви било вам господине Црвенковски и на членовите на вашата партија ние да се обраќаме со она СДС без она на Македонија, затоа што не потсеќа на една партија од Книн итн.?

А сега за мојата реплика на госпоѓицата Ѓулистана Јумеровска. Мојата реплика се однесува на настапот, а јас би го нарекол и евтин политички истап на госпоѓицата Ѓулистана Јумеровска. Од позиција на деградирање на одделни личности, познато од едноумието кога сите што не и се допаѓаа на партијата на власт беа претставувани како еретици. Политичкиот маркетинг на госпоѓицата од Сојузот на реформските сили е непримерен бидејќи како член на една партија која во пред изборите ветуваше дека во Македонија ќе потече "мед и млеко", сега гледаме дека се води една игра прво со производителите да ги споменам на ориз, раниот зеленчук, со осиромашување на работниците и со непримерно присвојување на т.н. општествен капитал од страна на одделни директори, а сето тоа овозможено преку институцијата исто така на непознатите интерни акции кои ги форсира господинот Анте Марковиќ.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Крстевски.

Да се договориме до колку ќе работиме. Утре ќе продолжиме. Имаме уште една цела листа овде. Да продолжиме, бидејќи не може да се издржи, доста сме заморени.

Дали да го ислушаме Крстевски или утре да продолжиме?

Не можеме вечер да завршиме, имаме доста говорници.

Да гласаме.

Кој е за тоа со работа да продолжиме утре, молам да крене рака? (47 пратеници креваат рака).

Кој е за тоа сега да продолжиме? (38 пратеници креваат рака).

Ја прекинувам денешната седница, а со работа ќе продолжиме утре во 10 часот.

(Седницата прекина во 22,40 часот).